| | | | | | Л & Н & Т<br>ДИАГНОСТИК<br><br>ФАРМАС МН | ДДВ<br>29.028,оо со ДДВ<br><br>**Дел9**-хемикалии и реагенси-3<br>89.600,оо без ДДВ<br>16.128,оо ДДВ<br>105.728,оо со ДДВ<br><br>**Дел12**-хемикалии и реагенси-6 (пуфери за калибрација на ph метар-2<br>10.800,оо без ДДВ<br>1.944,оо ДДВ<br>12.744,оо со ДДВ<br><br>**Дел13**-стандардни волуметриски раствори-1<br>44.040,оо без ДДВ<br>7.927,оо ДДВ<br>51.967,оо со ДДВ<br><br>**Дел27**-потрошен материјал за | | **Банкарска гаранција**<br>бр.10122350 со важност од 26.02.2018 до 25.02.2019 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ПРОМЕДИКА<br><br><br><br><br><br><br><br>РБЦ | прочистување на вода<br>36.400,оо без ДДВ<br>6.552,оо ДДВ<br>42.952,оо со ДДВ<br><br>**ВКУПНО за дел8,9,12,13 и 27**<br>**205.440,оо без ДДВ**<br>**36.979,оо ДДВ**<br>**242.419,оо со ДДВ**<br><br>**Договор бр.0507-203/1-32**<br><br>**Дел16-**реагенси за специјална намена<br>29.200,оо без ДДВ<br>5.256,оо ДДВ<br>34.456,оо со ДДВ<br><br>**Дел18-**потрошен лабораториски материјал за специфична | | **Изјава за банкарска гаранција**<br><br><br><br><br>**Изјава за банкарска гаранција** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | намена-2<br>130.824,оо без ДДВ<br>23.548,оо ДДВ<br>154.372,оо со ДДВ<br><br>**ВКУПНО за дел16 и 18**<br>**160.024,оо без ДДВ**<br>**28.804,оо ДДВ**<br>**188.828,оо со ДДВ**<br><br>**Договор бр.0507-203/1-33**<br><br>**Дел23**-реагенс за китови за биохемиски анализи<br>2.837,оо без ДДВ<br>511,оо ДДВ<br>3.348,оо со ДДВ<br><br>**Договор бр.0507-203/1-34** | | **Банкарска гаранција** бр.259959.0 со важност од 27.02.2018 до 15.03.2019 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Дел24**-антисеруми за одредување на крвни групи 219,оо без ДДВ 39,оо ДДВ<br>258,оо со ДДВ<br><br>**Договор бр.0507-203/1-35**<br><br>**Дел25**-стоматолошки потрошен материјал 139.986,оо без ДДВ 15.529,оо ДДВ<br>155.515,оо со ДДВ<br><br>**Дел26**-потрошни материјали за забна техника 94.877,оо без ДДВ 15.769,оо ДДВ<br>110.646,оо со ДДВ<br><br>**ВКУПНО за дел25 и 26** | | **Банкарска гаранција** бр.45547418МС со важност од 26.02.2018 до 13.03.2019 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **234.863,оо без ДДВ**<br>**31.298,оо ДДВ**<br>**266.161,оо со ДДВ**<br><br>**Договор бр.0507-203/1-36**<br><br>**Дел31-**потрошен материјал за лабораторија за животна средина<br>400.000,оо без ДДВ<br>72.000,оо ДДВ<br>472.000,оо со ДДВ | | |
| БПП-Набавка на услуга за сертифицирање на систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015 **43/2017** | 30.01.2018 | 30.01.2021 | √ | | АМ ЦЕРТ | **Договор бр.0507-950/1-13**<br><br>478.080,оо без ДДВ<br>86.054,оо ДДВ<br>564.134,оо со ДДВ | / | **Банкарска гаранција** бр.45544118ДБ со важност од 01.02.2018 до 30.01.2021 |
| МН-Набавка на надзор над изведба | 26.12.2017 | 26.12.2018 | √ | | ЗИМ | **Договор бр. 0507-942/1-30** | / | **Банкарска гаранција** бр.455464617CC |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **44/2017** | | | | | | 300.000,оо без ДДВ 354.000,оо со ДДВ | | со важност од 28.12.2018 до 15.01.2019 |
| МН-Набавка на новогодишни пакетчиња и украси **45/2017** | 21.12.2017 | 21.12.2018 | √ | | ГОЛД ГРУП | **Договор бр.0507-946/1-30** 148.000,оо без ДДВ 8.362,оо ДДВ 156.362,оо со ДДВ | / | **Банкарска гаранција** бр.ГЦ2017/1978 со важност од 25.12.2017 до 20.01.2018 |
| МН-Повторна набавка на сервисирање на принтери и ИТ опрема **46/2017** | 25.12.2017 | 25.12.2018 | √ | | ОЛИ-ВЕТИ | **Договор бр.0507-948/1-29** 180.000,оо без ДДВ 212.400,оо со ДДВ | / | **Банкарска гаранција** бр.ГЦ2017/1942 со важност од 21.12.2017 до 08.01.2019 |
| МН-Повторна набавка на поправка и тековно одржување на лабораториска опрема **47/2018** | 25.12.2017 | 25.12.2018 | | | ПРОМЕДИКА | **Договор бр.0507-1001/1-32** **дел1**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-1 62.000,оо без ДДВ 11.160,оо ДДВ 73.160,оо со ДДВ | | **Банкарска гаранција** бр.259180.7 со важност од 26.12.2017 до 08.01.2019 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Дел2**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-2<br>10.000,оо без ДДВ<br>1.800,оо ДДВ<br>11.800,оо со ДДВ<br><br>**Дел3**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-3<br>10.000,оо без ДДВ<br>1.800,оо ДДВ<br>11.800,оо со ДДВ<br><br>**Дел4**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-4<br>12.000,оо без ДДВ<br>2.160,оо ДДВ<br>14.160,оо со ДДВ<br><br>**Дел5**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-5<br>12.000,оо без ДДВ | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 2.160,оо ДДВ<br>14.160,оо со ДДВ<br><br>**Дел6**-сервисно одржување на стоматолошки апарат-6<br>10.000,оо без ДДВ<br>1.800,оо ДДВ<br>11.800,оо со ДДВ<br><br>**ВКУПНО за дел1,2,3,4,5 и 6**<br>**116.000,оо без ДДВ**<br>**20.880,оо ДДВ**<br>**136.880,оо со ДДВ** | | |
| БПП- Одржување на машински инсталации, котлари, водовод и канализација **48/2017** | 22.01.2018 | 22.01.2019 | √ | | МАКОТЕРМ | **Договор бр.0507-940/1-4**<br><br>153.580,оо без ДДВ<br>27.644,оо ДДВ<br>181.224,оо со ДДВ | / | **Банкарска гаранција** бр.59478.0 со важност од 22.01.2018 до 22.01.2019 |
| БПП-Набавка на одржување на чилер | 22.01.2018 | 22.01.2019 | √ | | МАКОТЕРМ | **Договор бр.0507-936/1-5** | / | **Банкарска гаранција** бр.59476.4 со |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **49/2017** | | | | | | 395.777,оо без ДДВ<br>71.240,оо ДДВ<br>467.017,оо со ДДВ | | важност од 22.01.2018 до 22.01.2019 |
| БПП-Поправка и тековно одржување на високонапонски и нисконапонски електрични инсталации **50/2017** | 22.01.2018 | 22.01.2019 | √ | | ЕЛЕКТРОВИН | **Договор бр.0507-938/1-5**<br>125.911,оо без ДДВ<br>22.664,оо ДДВ<br>148.575,оо со ДДВ | / | **Банкарска гаранција** бр.7589 со важност од 25.01.2018 до 31.01.2019 |
| ОП –Набавка и резервација на авионски билети **51/2017** | 09.02.2018 | 09.02.2019 | √ | | АТЛАНТИС | **Договор бр.0507-944/1-10**<br>0.01% провизија<br>**Вкупната вредност на договорот не може да ја надмине висината во износост до 2.500.000,оо без ДДВ 2.950.000,оо со ДДВ** | / | **Банкарска гаранција** бр.50121782 со важност од 09.02.2018 до 25.02.02019 |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 55/2018 | Повторна набавка на осигурување на возила | 16.10.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Евалуацијата е започната |
| 54/2018 | Набавка на канцелариски материјал | 15.10.2018 | 1.000.000,00 | Барање за прибирање понуди | Огласот за доделување на договор за јавна набавка е отворен |
| 53/2018 | Набавка на осигурување на подвижен и недвижен имот | 12.10.2018 | 850.000,00 | Барање за прибирање понуди | Јавното отворање е започнато |
| 50/2018 | Набавка на услуги за калибрација на лабораториска опрема | 21.09.2018 | 500.000,00 | Барање за прибирање понуди | Аукцијата е затворена |
| 51/2018 | Набавка на технички гасови и регулатори | 21.09.2018 | 600.000,00 | Барање за прибирање понуди | Аукцијата е затворена |
| 48/2018 | Набавка на лабораториски потрошни материјали и хемикалии по НАТО проект со | 20.09.2018 | 693.000,00 | Барање за прибирање понуди | Аукцијата е затворена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| | оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик „Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“ по Договор бр. SPS G5266 | | | | |
| 47/2018 | Набавка на лабораториска опрема за Биохемиската лабораторија на Факултетот за медицински науки по НАТО проект со оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик „Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“ по Договор бр. SPS G5266 | 20.09.2018 | 215.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 46/2018 | Набавка на осигурување на возила | 31.08.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 45/2018 | Набавка на услуги за технички преглед, подготовка на документација и пресметка на јавни давачки за регистрација на возила | 31.08.2018 | 100.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 44/2018 | Набавка за Изградба на рампа за паркинг на Кампус 2 | 22.08.2018 | 400.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 43/2018 | Набавка на потрошен материјал за одржување | 22.08.2018 | 1.200.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 42/2018 | Набавка на услуги за изработка на дипломи | 24.07.2018 | 200.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 41/2018 | Набавка за изградба на стакленик во атриум на Кампус 2 | 20.07.2018 | 500.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 40/2018 | Набавка на годишен сервис на електронски микроскоп | 12.06.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 39/2018 | Набавка на сервисирање на ПП апарати (противпожарна опрема) | 11.06.2018 | 100.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 37/2018 | Набавка на сервисирање на ИТ опрема | 11.06.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 38/2018 | Набавка на нафта за греење | 08.06.2018 | 10.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 36/2018 | Набавка на горива | 07.06.2018 | 2.500.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 34/2018 | Набавка на дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 06.06.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 35/2018 | Набавка на издавачки и печатарски услуги | 06.06.2018 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 33/2018 | Повторна набавка на Санација и адаптација на простории на Кампус 2 на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | 05.06.2018 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 32/2018 | Повторна набавка на Санација и адаптација на простории во објекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и во Скопје - објект на Факултет за образовни науки во Штип | 05.06.2018 | 497.480,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 31/2018 | Повторна набавка за Изградба на стакленик во атриум на Кампус 2 | 05.06.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 29/2018 | Набавка на услуги за мобилна телефонија за 24 месеци | 01.06.2018 | 4.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 28/2018 | Набавка на годишен сервис на ICP-MS, ICP-AES | 29.05.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 27/2018 | Набавка на услуги за копирање на материјали за потребите за изведување на наставата на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип | 18.05.2018 | 1.500.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 26/2018 | Набавка за изградба на стакленик во атриум на Кампус 2 | 08.05.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 24/2018 | Набавка на електрична енергија (активна струја) | 07.05.2018 | 7.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 25/2018 | Набавка на гуми | 04.05.2018 | 600.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 23/2018 | Набавка на кампус лиценци | 25.04.2018 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 22/2018 | Набавка на специјални средства за | 19.04.2018 | 1.500.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| | хигиена. | | | | |
| 21/2018 | Набавка на одржување на оптика | 17.04.2018 | 600.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 20/2018 | Набавка на санација и адаптација на простории во објекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и во Скопје | 11.04.2018 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 18/2018 | Набавка на санација и адаптација на простории на Кампус 2 на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | 10.04.2018 | 3.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 15/2018 | Набавка на интернет пристап и меѓуградски линкови за 24 месеци | 22.03.2018 | 4.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 17/2018 | Набавка на плакети, награди и други признанија | 20.03.2018 | 200.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 16/2018 | Набавка на ситен рекламен материјал | 20.03.2018 | 200.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 13/2018 | Набавка на услуги од агенција за обезбедување на имот | 13.03.2018 | 400.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 12/2018 | Набавка на поштенски услуги (брза пошта) | 05.03.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 11/2018 | Повторна набавка на клими | 28.02.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 09/2018 | Набавка на лабораториска опрема | 26.02.2018 | 7.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 10/2018 | Набавка на систем за капиларна електрофореза по НАТО проект со оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик „Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“ по Договор бр. SPS G5266 | 23.02.2018 | 1.840.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 08/2018 | Набавка на Потрошни материјали и хемикалии по НАТО проект со оригинален наслов: “A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices” или наслов на македонски јазик „Теренски | 22.02.2018 | 491.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| | детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи“ по Договор бр. SPS G5266 | | | | |
| 07/2018 | Набавка на услуги за фиксна телефонија за 24 месеци | 22.02.2018 | 1.000.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 06/2018 | Набавка на информатичка опрема | 05.02.2018 | 2.800.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 05/2018 | Набавка на клими | 30.01.2018 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 03/2018 | Набавката на сервисирање на возила | 15.01.2018 | 2.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 02/2018 | Набавка на уредување на дворно место и паркинг за студенти на Кампус 2 | 15.01.2018 | 4.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 01/2018 | Набавка на услуги за копнен транспорт | 12.01.2018 | 3.500.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 43/2017 | Набавка на услуга за сертификација на систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015 | 06.12.2017 | 500.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 51/2017 | Набавка и резервација на авионски билети | 28.11.2017 | 2.500.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 44/2017 | Набавка на надзор на изведба | 28.11.2017 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 50/2017 | Набавка на поправка и тековно одржување на високонапонски и нисконапонски електрични инсталации | 27.11.2017 | 400.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 49/2017 | Набавка на одржување на чилер | 27.11.2017 | 800.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 48/2017 | Набавка на одржување на машински инсталации, котлари, водовод и канализација | 27.11.2017 | 800.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 42/2017 | Набавка на потрошен материјал за лаборатории и ситен инвентар | 27.11.2017 | 2.000.000,00 | Отворена постапка | Одлуката е јавно објавена |
| 47/2017 | Повторна набавка на поправка и тековно одржување на лабораториска опрема | 27.11.2017 | 135.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 45/2017 | Набавка на новогодишни пакетчиња и украси | 24.11.2017 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |
| 46/2017 | Повторна набавка на сервисирање на принтери и ИТ опрема | 24.11.2017 | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на објава | Проценета вредност | Вид на постапка | Статус на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| 41/2017 | Набавка на оригинал тонери и драмови | 13.10.2017 | 500.000,00 | Барање за прибирање понуди | Одлуката е јавно објавена |

Други огласи

| **Опис на огласот** | **Датум на креирање** | **Датум на објава** | **Краен рок** |
|---|---|---|---|
| Набавка на систематски прегледи на вработените - Оглас бр.52/2018 | 15.10.2018 | 15.10.2018 | 25.10.2018 |
| Набавка на хотелски услуги за сместување во РМ за 24 месеци по Оглас бр.49/2018 | 17.09.2018 | 17.09.2018 | 08.10.2018 |
| Повторна набавка на хотелски услуги за сместување во Штип за 24 месеци-Оглас бр.30/2018 | 01.06.2018 | 01.06.2018 | 21.06.2018 |
| Набавка на услуги од авторска агенција - Оглас бр.19/2018 | 10.04.2018 | 10.04.2018 | 17.04.2018 |
| Набавка на хотелски услуги за сместување во Штип за 24 месеци | 20.03.2018 | 21.03.2018 | 11.04.2018 |
| Набавка на услуги за изнајмување на магацин за чување на руда на арсен и талиум во селото Мрежичко | 30.01.2018 | 30.01.2018 | 07.02.2018 |

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАУКА И ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МАГИСТЕРСКИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Извештајот за 2017 година содржи активности реализирани согласно со надлежностите на Школата за докторски студии, Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 , Наставно-научниот совет на доктортски студии на Кампус 3 и Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4, Фондот за стипендирање на вработените на УГД, Фондот за финансирање на научноистражувачка работа, специјализациите на здравствените работници, втор циклус студии, трет циклус студии, работите и работните задачи на вработените кои биле планирани и дополнителни активности кои произлегоа од актуелните прашања и случувања.

Планираните активности за работа за 2017 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2017 година се реализирани и дополнителни активности, согласно со потребите на Универзитетот. Во спроведувањето на активностите во тековната 2017 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2017 година, активностите ги вршеа секретар, советник, референт, студентски прашања за втор и студентски прашања за трет циклус студии, каде што се вработени тројца референти за втор циклус студии и еден раководител кој воедно е раководител и на студентски прашања и на првиот циклус студии и еден референт за трет циклус студии.

Во учебната 2016/2017 година се реализирани многубројни активности поврзани со погоре наведените надлежности.

Процесирани се:

- Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии;
- Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови;
- Реализирање на активности за спроведување на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2017/2018 година;
- Промоција на магистрираните/специјализирани студенти;
- Реализирање на Конкурс за запишување на кандидати на специјализации за здравствени работници за учебната 2017/2018 година (февруари 2018 година);
- Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на здравствени работници со високо образование од областа на медицината;
- Изработка на документација потребна на Одделот за сметководство за исплата на сите учесници и институции вклучени во реализација на специјализациите на здравствените работници;
- Изработка на сите правни акти, потребни за реализација на специјализациите за здравствените работници;

- Постапки за полагање на специјалистички испити;
- Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии;
- Постапки за одбрана на докторски труд;
- Активности на Школата за докторски студии, административна поддршка на Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 4.
- Конурс за запишување на студенти на трет циклус студии -докторски студии за учебната 2017/2018 година;
- Промоција на доктори на науки;
- Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на универзитетот;
- Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот;
- Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на универзитетот, од надлежноста на Управниот одбор на Фондот за стипендирање на вработени на УГД;
- Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Фондот за научноистражувачка работа при УГД;
- Постапки за акредитација на ментори на втор циклус студии;
- Постапки за акредитација на ментори на трет циклус студии.

Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии

Службата за студенти за втор циклус студии опслужува тринаесет единици на Универзитетот на кои се реализираат студии од втор циклус (магистерски едногодишни, магистерски двогодишни, специјалистички едногодишни).

Референтите за студентски прашања за втор циклус студии и секретарот во извештајниот период имаат процесирано повеќе од (500) петстотини различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

**Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Процесирањето на јавните одбрани на специјалистичките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка од секретарот, референтите за втор циклус студии и секретарите на единиците. Во текот на 2017 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на сите единици на Универзитетот кои се акредитирани за втор циклус студии.

**Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2017 година**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и го реализира Конкурсот за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2017 година.

Конкурсот беше распишан за четиринаесет единици на Универзитетот за акредитирани повеќе од педесет студиски програми и модули. Запишани се вкупно сто шеесет и седум студенти на втор циклус студии.

Започната беше и постапката за реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2017/2018 година.

**Промоција на магистрирани/специјализирани студенти**

Во текот на 2017 година беше извршено промовирање на дипломираните студенти на втор циклус магистерски и специјалистички студии и тоа во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот и во текот на септември. Референтите за втор и трет циклус студии дадоа целосна административна поддршка за успешно промовирање на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии. Промоциите и свеченото доделување на дипломите на магистрираните /специјализираните студенти се одвиваше на самите единици.

**Реализирање на активности за спроведување на Конкурс за запишување на специјализанти за учебната 2017/2018 година**

Во текот на оваа година Универзитетот го објави и го реализира Конкурсот за пријавување на кандидати за запишување/одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологија и фармација.

Конкурсот беше распишан за вработени здравствени работници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, каде беа запишани вкупно 45 специјализанти.

Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на здравствени работници со високо образование од областа на медицината

Процесирање на сите поднесени молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на здравствени работници со високо образование од областа на медицината.

Изработка на документација потребна на Одделот за сметководство за исплата на сите учесници и институции вклучени во реализација на специјализациите односно специјалистичките турнуси

Изработени се пресметки, барања и налози за исплата на сите учесници во реализацијата на специјалистичките турнуси, теоретската настава и исплата на членови на комисии за полагање на специјалистички испит, за секој специјализант одделно, барања за фактурирање за исплата на институции каде се реализираат специјалистичките турнуси и сл.

Изработка на сите правни акти потребни за реализација на специјализациите и за потребите на Одборот за специјализации

Изработени се сите општи правни акти (правилници, обрасци) и поединечни правни акти потребни за реализација на специјализациите и тоа: одлуки, решенија, потврди, записници, договори и сл.

Изработени се и сите правни акти за потребите на седниците на Одборот за специјализации и тоа: покани, одлуки, записници и сл.

**Постапки за полагање на специјалистички испити**

Во извештајната година успешно беа положени специјалистичките испити на пријавените кандидати, на кои им беше одобрено полагањето. Истите успешно го положија специјалистичкиот испит, по спроведената постапка се стекнаа со звање специјалисти од нивните области.

Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии

Во текот на извештајната година процесирани се сите молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.

Трет циклус студии во учебната 2017 г. се реализира на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4. Во учебната 2017 година се процесирани сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

**Постапка за одбрана на докторски труд**

Во извештајната година беа процесирани одбраните на докторските дисертации на пријавените кандидати. Истите успешно ја извршија одбраната на докторските трудови и со позитивната оценка на комисиите за одбрана, по јавно спроведената одбрана се стекнаа со звање доктори на науки: Александар Котевски, Билјана Ковачевиќ, Ванчо Аџиски, Викторија Максимова, Владимир Маневски, Радмила Каранакова и Шабан Јакупи, Далибор Серафимовски и Димитрија Ангелков.

Активности на Школата за докторски студии, административна поддршка на Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно – научниот совет на докторски студии на Кампус 4

Во согласност со надлежноста на Школата за докторски студии во чиј состав се Наставно – научниот совет на докторски студии на кампус 2, Наставно – научниот совет на докторски студии на кампус 3 и Наставно – научниот совет на докторски студии на кампус 4, одржани се седници на кои се донесени подолу наведените одлуки.

Наставно- научниот совет на докторски студии на Кампус 2 ги донесе следните одлуки:

**24. седница:**

– Одлука со која се формира Комисија за одбрана на докторскиот труд од студентот м-р Ванчо Аџиски. Во комисијата се именуваат: проф.

д-р Зоран Десподов, претседател, проф. д-р Зоран Панов, член, проф. д-р Благој Голомеов, член, проф. д-р Дејан Мираковски, (интерен ментор) член, проф. д-р Никола Лилиќ (екстерен ментор) член. Се закажува јавна одбрана на докторската дисертација на ден 25.11.2016 г. со почеток во 11 часот во свечената сала на Земјоделски факултет при УГД, Кампус 2.

– Одлука за усвојување на Извештајот на Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов „Испитување на квалитетот на подземните води во Струмичкиот регион како важен ресурс во земјоделското производство“ од докторандот м-р Билјана Ковачевиќ бр. 1003-8832 од 10.10.2016 г. се формира Комисија за одбрана на докторскиот труд во состав: проф. д-р Блажо Боев, претседател, проф. д-р Душан Спасов, член, проф. д-р Љупчо Михајлов, член, проф. д-р Саша Митрев (ментор) член, проф. д-р р Зоран Здравковски (екстерен ментор) член и се определува датум за јавна одбрана 21.12.2016 г. во 12 часот.

**25. седница:**

– Одлука со која се усвојува во целост Извештајот на Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов „Отстранување на јони на никел, кобалт и хром од водени раствори со примена на природен зеолит“ од докторандот м-р Шабан Јакупи, е закажува јавна одбрана на докторската дисертација на ден 29.12.2016 г. со почеток во 11.30 на Кампус 2, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, пред комисијата во состав: проф. д-р Благој Голомеов, претседател, проф. д-р Борис Крстев, член, проф. д-р Мирко Маринковски, член, проф. д-р Мирјана Голомеова (ментор) член, проф. д-р Кирил Лисичков (екстерен ментор) член.
– Одлука за усвојување во целост на Извештајот од Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов „Адаптивен систем за давање на препораки врз основа на тагови во е-учење“ од докторандот м-р Александар Котевски. Се закажува јавна одбрана на докторската дисертација на ден 29.1.2017 г. со почеток во 12 во Конференциската сала на Правен факултет, УГД, пред комисијата во состав: вонр. проф. д-р Сашо Коцески, претседател, проф. д-р Цвета Мартиновска Банде, член, ментор, проф. д-р Игор Неделковски, член, екстерен ментор, проф. д-р Татајана Атанасова Пачемска, член, вонр.проф. д-р Александра Милева, член.
– Одлука за усвојување на Извештајот од Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов „Комплексна интерпретација на геофизички методи“ од докторандот м-р Владимир Маневски бр. 1003-88/5 од 8.11.2016 г., се закажува јавна одбрана на докторската дисертација на 29.12.2016 г. со почеток во 13 ч. во свечената сала на УГД, Кампус 2, пред комисијата во состав: проф. д-р Гоше Петров, претседател, проф. д-р Тодор Серафимовски, член, проф. д-р Крсто Блажев, член, проф. д-р Тодор Делипетров (интерен

ментор) член, проф. д-р Драгана Черних (екстерен ментор) член.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1003-83/2 од 22.11.2016 г. за продолжување на рокот за студирање, поднесено од Александра Ристеска, запишана на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2011/2012 година, се продолжува рокот за завршување на докторските студии и одбрана на докторскиот труд од м-р Александра Ристеска, до 19.12.2018 г.

**26. седница:**
- Одлука за запишување на трет циклус студии - докторски студии на Драги Пелтечки од Струмица му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Рударство во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФПТН бр. 1702-338/3 од 21.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Беким Селими од Ферижај, Косово, му се одобрува запишување на трет циклус -докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Применета геологија и геофизика во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФПТН бр. 1702-338/3 од 21.12.2016 г. Му се определуваат дигеренцијални испити: Сеизмотектоника и Основи на геофизика.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Саше Митрев од Штип му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Применета геологија и геофизика во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФПТН бр. 1702-338/3 од 21.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Влатко Јовановски од Штип му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Применета геологија и геофизика во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФПТН бр. 1702-338/3 од 21.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии- докторски студии на Ирена Стојкова од Штип ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Биотехнологија, селекција и семепроизводство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЗФ бр. 1302-233/32 од 12.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии

на Теодора Стојанова од Струмица ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Машинство, во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на МФ.

– Одлука за запишување на трет циклус на студии- докторски студии на Самоил Самак од Прилеп му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ТТФ.
– Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Александар Велинов од Кочани му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФИ бр.1302-182/3 од 13.12.2016 г.
– Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Бисерка Петровска од Скопје ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
– Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Мирјана Коцалева од Штип ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
– Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Агон Буџаку од Печ, Косово, условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Компјутерска техника и информатика, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на Мислење од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
– Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Казим Хусени од Митровица, Косово, условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Применета геологија и геофизика, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФПТН бр. 1702-338/3 од 21.12.2016 г.

- Одлука за запишување на трет циклус на студии- докторски студии на Лаудим Беќири од Пеќ, Косово, условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Компјутерска техника и информатика, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на Мислењето од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии- докторски студии на Линдита Локу од Приштина, Косово, условно ѝ се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Компјутерска техника и информатика, во учебната 2016/2017 година. На кандидатката условно ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на Мислењето од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Хелал Лума од Качаник, Косово, условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Преработка и контрола на анимални производи, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЗФ бр. 1302-233/32 од 12.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Мартин Ѓорѓиев од Штип не му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Рударство во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Евица Ефтимова од Штип ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФИ бр. 1302-182/3 од 13.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус студии - докторски студии на Филип Кочоски од Прилеп му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ТТФ бр.2302-115/5 од 12.12.2016 г. и определување на диференцијални испити: Влакна од нови полимери, Технички текстил и Механички својства на текстилни материјали.
- Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за кандидатот м-р Александра Ристеска во состав: вонр.проф. д-р Сашо Коцески, претседател, проф. д-р Владо Гичев,член (интерен ментор), проф. д-р Јосиф Јосифовски, член. Комисијата има задача во рок од три (3) месеци од денот на формирањето, до Наставно –

научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да достави извештај за подобноста на темата, тезите и оспособеноста на кандидатот за научна работа.

**1. седница:**

- Одлука за давање на согласност на Одлуката бр.1702-338/8 од 21.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 20.12.2016 година на седница на Наставно-научниот совет на ФПТН, за студиската програма Површинска експлоатација.
- Одлуката бр.1702-338/7 од 21.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 20.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Подготовка на минерални суровини.
- Одлуката бр.1702-338/6 од 21.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 20.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Подземна експлоатација.
- Одлуката бр.1702-309/13 од 6.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 2.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Геологија и геофизика.
- Одлуката бр.1702-309/14 од 6.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 2.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Наоѓалишта на минерални суровини.
- Одлуката бр.1702-309/15 од 6.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 2.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Петрологија, минерологија и геохемија.
- Одлуката бр.1702-309/17 од 6.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за природни и технички науки, донесена на 2.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФПТН, за студиската програма Хидрологија и геотехника.
- Одлуката бр.1302-233/8 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Растителна биотехнологија.

- Одлуката бр.1302-233/3 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Фитомедицина.
- Одлуката бр.1302-233/6 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Преработка и контрола на анимални производи.
- Одлуката бр.1302-233/4 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Лозарство.
- Одлуката бр.1302-233/10 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Генетика и селекција на растителното производство.
- Одлуката бр.1302-233/5 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Енологија.
- Одлуката бр.1302-233/9 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Наука за земјиштето и хидрологија.
- Одлуката бр.1302- 233/7 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Земјоделски факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЗФ, за студиската програма Растително производство.
- Одлуката бр.2302-111/4 од 29.11.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Технолошко – техничкиот факултет, донесена на 29.11.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ТТФ, за студиската програма Наука и технологија на текстил.
- Одлуката бр.1802-113/11 од 12.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Електротехнички факултет, донесена на 12.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ЕТФ, за студиската програма Електроенергетика и автоматика.
- Одлуката бр.1302-182/17 од 13.12.2016 г. за усвојување на Елаборат

за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за информатика, донесена на 13.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФИ, за студиската програма Математички науки.

– Одлуката бр.1302-182/18 од 13.12.2016 г. за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус – докторски студии на Факултетот за информатика, донесена на 13.12.2016 година на седница на Наставно – научниот совет на ФИ, за студиската програма Компјутерска техника и информатика.
– Одлука за утврдување на универзитетски изборни предмети за трет циклус студии и тоа:
    - Заштита при работа, предметен наставник проф.д-р Дејан Мираковски (ФПТН) Географски информационен систем (ГИС), предметен наставник проф.д-р Тодор Делипетров (ФПТН)
    - Методи во биохемиски-физиолошки истражувања, предметни наставници проф.д-р Лилјана Колева Гудева и проф.д-р Рубин Гулабоски (ЗФ)
    - Методи во научноистражувачката работа, предметни наставници доц. д-р Емилија Арсов и проф.д-р Саша Митрев (ЗФ),
    - Дизајн и примена на текстилни композити, предметни наставници проф.д-р Винета Сребренкоска и проф.д-р Димко Димески (ТТФ)
    - Рециклирање на текстил, предметни наставници доц.д-р Ацо Јаневски, проф.д-р Винета Сребренкоска и проф.д-р Димко Димески (ТТФ)
    - Конечни елементи – напредни поглавја и примени (ФИ)
    - Бизнис процеси и информациони системи (ФИ).
– Одлука за усвојување на Барање бр.1003-84/1 од 30.1.2017 година за определување на датум за одбрана на докторскиот труд од докторандот Александар Котевски и се определи нов датум за одбрана 24.2.2017 г. со почеток во 11 часот, во свечената сала на земјоделски факултет при УГД, Кампус 2.

**28. седница:**

– Одлука за предлог – Конкурс за запишување на студенти на 3. циклус студии и предлог – број за запишување на студенти на трет циклус – докторски студии.
– Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за кандидатот м-р Везирка Јанкулоска во состав: проф. д-р Виолета Иванова Петропулос – претседател, проф. д-р Горица Павловска - член (професор на Технолошко – технички факултет при УКЛО Битола) и проф. д-р Илија Каров, член.
– Одлука за усвојување на Барањето бр.1003-86/1 од 28.3.2017 г. за формирање на формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд од кандидатот м-р Димитрија Ангелков и формирање на комисија за оценка на докторскиот труд во состав:

Сашо Коцески, претседател, вон. професор, Цвета Мартиновска Банде, ментор, ред. професор, Андреа Кулаков, екстерен ментор, вон. професор, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, УКИМ – Скопје, Владо Гичев, член, ред. професор, Виолета Димовска, член, ред. професор, Земјоделски факултет, УГД – Штип.

- Одлука за усвојување на Барањето бр.1003-86/2 од 30.3.2017 г. за формирање на формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд од кандидатот м-р Далибор Серафимовски и формирање на комисија за оценка на докторскиот труд и формирање на комисија за оценка на докторскиот труд во состав: вонр.проф.д-р Зоран Здравев, претседател, вонр.проф. д-р Благој Делипетрев, член, проф. д-р Милка Здравковска, член, проф. д-р Коста Митревски, екстерен ментор, член, проф. д-р Владо Гичев, ментор, член.
- Одлука за формирање на Комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Александра Ристеска, во сопстав: вонр.проф. д-р Сашо Коцески, претседател, проф. д-р Владо Гичев,член (интерен ментор) и проф. д-р Јосиф Јосифовски, член.
- Одлука за потврдување на Одлуката за определување на диференцијални испити бр. 1502-67/10 од 28.2.2017 г. за Агон Буџаку и Љавдим Беќири, за диференцијални испити се определуваат: Бизнис процеси и модели, Управување со проекти и примени и Анализа, моделирање и дизајн на информациски системи.
- Одлука за потврдување на Одлуката бр. 1502-67/9 од 28.2.2017 г. за одбивање на Барање бр. 1003-41/1 од 26.1.2017 г. од студентот Бисерка Петровска.

**29. седница:**

Во текот на 2017-2018 година се реализирани и дополнителни активности а согласно потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2017-2018 година непосредно се соработуваше со Единиците на универзитетот и универзитетските центри.

Кабинетот на проректорот за наука работеше со еден проректор за наука, еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии каде се вработени четири референти и еден раководител, кој воедно е раководител и на студентски прашања и на првиот циклус студии.

Процесирањето на јавните одбрани на специјалистичките/ магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка на комисиите за одбрана од страна на секретарите на единиците или секретарот за правни прашања во кабинетот на проректорот за наука. Во текот на 2017-2018 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на дванаесет единици на Универзитетот.

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, беше организирана и процесирана постапка за промоција на магистрираните/ специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии.

Во текот на оваа година Универзитетот објави и реализираше Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2017-2018 година.

Конкурсот беше распишан за тринаесет единици на универзитетот за над 120 студиски програми и модули.

Во реализацијата на овој конкурс учествуваа конкурсникомисии на единиците и универзитетската конкурсна комисија.

Број на запишани студенти по факултет:

1. ФПТН – 23
2. Информатика – 1
3. ФТБЛ – 3
4. Електротехнички – 2
5. Економски – 24
6. Медицински науки – 33
7. Земјоделски – 4
8. Музичка – 3
9. Технолошко-технички – 1
10. Правен – 34
11. Фон – 2
12. Филолошки – 11
13. Машински –

Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студииза2017-2018 опфаќа три кампуси со 10 факултети и 23 студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори. Пријавувањето и запишувањето на кандидатите се врши во два уписни рока: септември и февруари.

Број на запишани студенти по кампуси и факултети за 2017-2018 во прв уписен рок:

Кампус 2:

- Факултет за природни и технички - 2

Кампус 4:

- Економски факултет – 1
- Факултет за туризам и бизнис логистика – 2
- Факултет за образовни науки – 2

Кампус 3:

- Факултет за медицински науки – 14

Број на запишани студенти по кампуси и факултети за 2017-2018 во втор уписен рок:

Кампус 2:

- Машински факултет – 2

Кампус 4:

- Факултет за туризам и бизнис логистика – 2
- Факултет за образовни науки – 1

Кампус 3:

- Факултет за медицински науки – 4

Бројот на студенти кои докторираа во 2017-2018:

Кампус 2:

- Техничко-технолошки факултет – 1
- Земјоделски факултет - 1

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, беше организирана и процесирана постапка за промоција на докторираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат трет циклус студии.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во периодот од 2017/2018 година, преку ОДУ при УГД, се реализираа следниве активности:

Обуки:

Обука од областа на дентална медицина: **Оралнохируршки процедури во менаџментот на флап-дизајн: резенки, инструменти и техники на шиење – основно ниво, предавач: проф. д-р Цена Димова,** Факултетот за медицински науки **при УГД.**

Обука од областа на маркетинг: **Пронаоѓање и искористување на пазарни можности преку: истражување на пазар, брендирање и промоција на социјални медиуми, предавачи: доц. д-р Тамара Јованов Апасиева, Економски факултет при УГД, д-р Ива Дујак, Петар Георгиевски.**

Верификација на 2 посебни програми за неформално образование на возрасни:

Преку ЦДУ при УГД, беа верификувани две посебни програми од областа на земјоделските науки и тоа:

Програма со која ученикот се стекнува со назив : Нанесувач на ѓубрива во земјоделското производство и,

Програма со која учесникот се стекнува со назив: Заштитар на земјоделски култури. Верификацијата се реализираше согласно Законот за образование на возрасните, во постапката пред Центарот за образование на возрасни во Република Македонија.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА Е-УЧЕЊЕ

**Вовед**

Основната цел на Одделението за е-учење (ОЕУ) е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии: (интерактивни табли, графички табли, мултимедиски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Од неговото основање, Одделението за е-учење во континуитет успешно ги извршува своите активности и обврски како придонес во целокупното функционирање на Универзитетот. Во 2018 година, покрај бројните секојдневни активности, ОЕУ изврши неколку надградби на системот за електронско учење, повторно го спроведе електронското тестирање за универзитетските изборни предмети и одржа неколку обуки на наставничкиот кадар на УГД.

**Структура**

Одделението за е-учење во 2018 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1. | проф. д-р Зоран Здравев | раководител на Одделение за е-учење |
| 2. | м-р Стојанче Спасов | советник за е-учење |
| 3. | Борче Јаневски | систем администратор |

**Извештај за активностите на Одделението за е-учење**

Во периодот од ноември 2017 до октомври 2018 година во рамките на Одделението за е-учење се реализираа голем број на активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Одделението за е-учење.

Секојдневните активности кои се извршувани во Одделението за е-учење во периодот од ноември 2017 до октомври 2018 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Одржување, ажурирање и надградба на Moodle платформата за е-учење
- Доделување привилегии на наставничкиот кадар за креирање на курсеви на Moodle платформата
- Ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle платформата
- Уредување на кориснички профили
- Решавање на проблеми со кориснички профили

- Техничка поддршка на ОЕУ
- Администрација на повици
- Корисничка и телефонска поддршка
- Статистика на курсеви на Moodle платформата
- Спроведување на електронско тестирање на универзитетски изборни предмети (5278 обиди на студенти)

Во склоп на Одделение за е-учење исто така се извршуваат дополнително и следните активности:

- Спроведување на обуки во Одделението за е-учење
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб серверот и на веб сервисот е-библиотека
- Целосна поддршка на сите нови е-книги, е-скрипти и е-практикуми во е-Библиотекана УГД
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб серверот и на веб платформата на УГД Scholar
- Техничка поддршка на УГД репозиториум (обработка и прикачување на трудови; секојдневно регенерирање на апстракти и прегледи за приказ на нови трудови)
- Целосна поддршка за новите зборници и списанија на сите факултети на УГД
- Одржување на хардвер и софтвер на Кампус 2 (амфитеатри, предавални, простории, канцеларии)

Од средината на мај 2014 ЦЕУ започна со детално евидентирање на извршените активности и истите редовно ги објавува на порталот на одделението (http://ceu.ugd.edu.mk/aktivnosti.php).

Од тој период до денес, меѓу другото, реализирани и евидентирани се и следните активности на вработените во Одделението за е-учење:

- Примени и реализирани повици: 5,816
- Примени и испратени пораки: 7,125
- Конверзации преку Skype комуникатор: 2,410
- Одобрени трудови во е-Репозиториум: 13,904
- Техничка обработка и прикачување на е-книги во е-Библиотека: 640

Значајно е да се одбележи дека Одделението за е-учење во 2014 година започна со спроведување на проектот за **„Електронско тестирање за** универзитетските изборни предмети“ со кој беше предвидено тестирањето за 24 предмети да се одвива електронски преку системот за е-Учење. Во контекст на овој проект вработените во одделението секојдневно овозможуваа поддршка и помош на наставничкиот кадар за внесувања на прашањата за тестирање во системот, а потоа и при спроведување на тестирањата. Исто така и оваа 2018 година тестирањата се спроведуваа во секоја сесија, во повеќе градови и вкупниот број на тестирани студенти од почетокот до сега изнесува 23,007.

**Извештај за реализираните проверки на системот за е-учење**

Од септември 2013 година покрај извештаите за тековните активности на Одделението за е-учење се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е-учење.

Во периодот од ноември 2017 година до октомври 2018 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

- Проверка на функционалноста на базата
- Следење на статистиката
- Извршена проверка и адаптирање на cron
- Проверка на безбедносната конфигурација
- Проверка на политиката за најавување
- Проверки дали има нова верзија (надградба е извршена 4 пати)
- Уредување и одржување на Moodle платформата
- Ажурирање на Moodle платформата
- Решавање на проблеми со кориснички профили
- Уредување на кориснички профили
- Ажурирање на курсеви на Moodle платформата
- Помош при креирање на курсеви
- Бришење на неактивни курсеви (вкупно: 96)
- Бришење на неактивни корисници (вкупно: 5570)

**Систем за управување со учењето (Learning management System –Moodle)**

Одделението за е-учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува „Системот за електронско учење“. Системот кој се применува од 2008 година е базиран на платформата Moodle и до јули 2011 год. се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Од тој период до денес платформата континуирано се надградува со најновите верзии. На крајот на 2013 се врши надградба од верзијата 2.5.3. на верзијата 2.6.

Во 2014 година, од јануари до ноември, направени се вкупно 8 надградби на платформата од што позначајно е да се наведе надградбата од верзија 2.6.3 на 2.7 извршена во јуни 2014 година при што Moodle добива прилагодлив (responsive) дизајн соодветен за користење на сите видови на уреди вклучувајќи и мобилни телефони и таблети. Следните верзии беа 2.7.1, 2.7.2+, 2.7.3+, 2.8.1+ и 2.8.3+. Средината на април 2015 се преминува во верзија 2.8.5+.

Во 2016 година, од јануари до ноември, направени се вкупно 2 надградби на платформата од кои првата верзија беше 2.9.4+. Последната надградба на системот за е-Учење е направена во почетокот на септември при што се преминува на верзија 3.0.5+.

Во периодот од ноември 2016 до ноември 2017 вкупно се направени 2 надградби. Првата надградба беше во февруари месец каде верзијата на системот за е-Учење преминува од 3.0.5+ во 3.2.1+. Последната надградба на системот за е-Учење е направена во почетокот на септември при што се преминува на верзија 3.2.4+.

Во периодот од ноември 2017 до октомври 2018 вкупно се направени 4 надградби. Првата надградба беше во ноември месец каде верзијата на системот за е-Учење преминува од 3.2.4+ во 3.4. Следните верзии беа 3.4.1+, 3.4.2+. Последната надградба на системот за е-учење е направена на средината на мај при што се преминува на верзија 3.5.

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 3.5 платформата според податоците земени на 05 октомври 2018. (Во табелата, споредбено може да се погледнат и податоците од извештајот од претходните 2 години.) Вкупниот број на корисници на системот за е-Учење при УГД изнесува околу 8,480 корисници, од кои 334 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Моментално, вкупно се има 1,629 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

Табела 1. Искористеност на Moodle платформата (2016 - 2018 г.)

| | Вкупно: (03.10.2016) | Вкупно: (07.11.2017) | Вкупно: (05.10.2018) |
|---|---|---|---|
| Курсеви | 2,414 | 1,652 | 1,629 |
| Корисници | 14,591 | 13,113 | 8,480 |
| Зададени задачи | 147,974 | 132,322 | 101,058 |
| Предавачи | 402 | 390 | 334 |
| Пораки | 136,337 | 39,208 | 46,736 |
| Прашања | 29,635 | 19,829 | 20,610 |
| Ресурси: | 20,625 | 15,752 | 15,677 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle платформата во наставниот процес, од сите 12 факултети и 3 академии во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев".

Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои го користат *Moodle*

| | Назив на институцијата | Наставници /соработници 2016 | Наставници /соработници 2017 | Наставници /соработници 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 36 | 32 | 29 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Факултет за образовни науки | 24 | 24 | 23 |
| 3 | Факултет за медицински науки | 67 | 70 | 56 |
| 4 | Земјоделски факултет | 29 | 26 | 25 |
| 5 | Електротехнички факултет | 20 | 19 | 17 |
| 6 | Технолошко-технички факултет | 25 | 26 | 23 |
| 7 | Факултет за природни и технички науки | 51 | 47 | 36 |
| 8 | Економски факултет | 30 | 30 | 25 |
| 9 | Филолошки факултет | 31 | 31 | 24 |
| 10 | Правен факултет | 21 | 20 | 19 |
| 11 | Факултет за информатика | 27 | 27 | 27 |
| 12 | Машински факултет | 21 | 19 | 15 |
| 13 | Ликовна академија | 3 | 3 | 2 |
| 14 | Факултет за музичка уметност | 12 | 10 | 7 |
| 15 | Филмска академија | / | 1 | 1 |
| 16 | Воена академија | 5 | 5 | 5 |
| | | | | |
| | ВКУПНО | **5** | **390** | **334** |

* *(*Напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 334 е помала за

*10-20)*

Заклучок

Одделението за е-учење во 2017/2018 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности како и реализација на позначајни проекти со долгорочни ефекти во делот на електронската поддршка и спроведување на наставните процеси.

Системот за е-учење редовно се ажурира, надградува и се одржува во функционална состојба, а се во интерес на непречено спроведување

на наставата. Притоа на наставничкиот кадар му се овозможува континуирана поддршка за извршување на секојдневните задача, а покрај тоа во зависност од потребите можно е и организирање на обуки. Од податоците во извештајот можеме да согледаме дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси. Исто така, од извештајот забележуваме и зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle платформата односно ги користат различните алатки кои им ги нуди самата платформа, со чија помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Како позначајно од 2014 г. па сè до оваа година може да се издвои успешното спроведување на проектот „Електронско тестирање за изборните универзитетски предмети“.

Исто така, значајно е да се истакне дека Одделението за е-учење, воедно дава поддршка и помош за активно функционирање и на други системи во рамките на Универзитетот како што се е-библиотека, УГД журнали, УГД Scholar и УГД репозиториум.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Одделението за меѓународна соработка при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип е активно во делот на воспоставување соработка со други високообразовни и научни институции од земјава и во странство, организирање на мобилности на наставен кадар и студенти и посредување при истите, следење на проекти и проектни активности на универзитетот, посредување при ангажирање и/или организирање на предавања од визитинг професори и менаџирање на Еразмус+ програмата за мобилност.

Една од главните задачи на ОМС е успешно реализирање на Еразмус + програмата, со тоа што активно се работеше на неколку различни полиња вклучувајќи:

- Проширување на бројот на странски Универзитети со кои УГД соработува во разни полиња на интерес;
- Подготовка и реализација на нов Еразмус+ проект за мобилност на индивидуи и студенти;
- Промоција на Универзитетот како Еразмус+ дестинација за странски студенти
- Научни и практични посети на партнер-универзитетите и промоција на Универзитетот во странство;
- Работа со студенти од странски универзитети;
- Работа со домашни студенти;
- Промоција на програмата и организирање на отворени денови;
- Реализација на работилници, семинари и презентации во рамки на Еразмус+ програмата;
- Изработка на нова веб-страница на ОИК;
- Учество во меѓународни обуки и конференции;
- Креирање на план со активности за дојдовни (incoming) студенти;
- Активно учество во Alumni асоцијацијата;
- Меѓународни посети и презентирање на Универзитетот и вмрежување.

Во изминатата 2018 година, Одделението за меѓународна соработка активно работеше на промоција на програмите кои овозможуваат мобилност на студенти и кадар на Универзитетот, организираше бројни промотивни настани кои имаа за цел да ги анимираат студентите и наставниот кадар во поглед на новите конкурси и повици за меѓународни посети, активно работеше на навремено информирање за сите отворени конкурси за студиски престои и мобилности за наставен и административен кадар. Во текот на изминатата година, ОМС организираше серија кратки обуки, презентации и промотивни настани во рамки и конференции во странство и во Републиката, ја следеше работата на проектите чии активности се реализираат по единиците на Универзитетот, воспоставуваше контакти со високообразовни институции за  соработка во сферата на науката и образованието, како и за мобилности во рамки на Еразмус+ програмата, организираше презентации за стипендии и асистираше на студентите и вработените при изборот на најсоодветен конкурс за аплицирање или пополнување на апликација.

Студентите имаа постојана поддршка во процесот на изготвување на апликациите како и во процесот на селекција на институцијата која што сакаат да ја посетат. Во координација со продеканите студентите ги подготвуваат документите и подоцна се подготвува Еразмус + одлука за признавање на нивните активности.

Во учебната 2018/2019 година вкупно 60 студенти го посетија УГД преку Еразмус + програмата. ЦМУС и УГД како институција која ги прима студентите беше вклучена во процесот на подготовка на нивната документација, подготовка на договорите за учење, јазична поддршка. Во изминатиот период УГД имаше одлична соработка со партнер Универзитетите и беше во постојана комуникација при номинацијата на студенти и при примањето на номинации.

Покрај помошта во подготовката на документацијата студентите добија инструкции за сместување и добивање на виза. Беа доделени „Еразмус пријатели” кои што им помагаа на странските студенти во целиот процеси пред нивното доаѓање и по нивното пристигнување.

Во текот на изминатата година беа остварени серија средби со претставници на Универзитети со кои УГД има склучено договор за соработка. Овие средби имаа за цел да ја зајакнат соработката и да иницираат идеи за уште поуспешна идна соработка, со цел да се подобри квалитетот и квантитетот на студентската размена, како и на наставниот кадар, цел која ќе резултира кон подобро пласирање на УГД во меѓународни рамки.

Во изминатата година беше ажурирана веб-страницата на одделението каде што беа поставени нови содржини и упатства за студентите.

УГД во текот на 2018 година беше институција во која приближно 70 странски студенти остварија Еразмус+ престој на УГД. ОМС е одговорен за подготовка на нивната документација, финални извештаи, сместување, координација со соодветниот факултет, нивно вмрежување, процедури за апликација за виза и слични активности кои се дел од Еразмус+ програмата.

Покрај меѓународното вмрежување Одделението за меѓународна соработка исто така се посвети кон зголемување на значењето на меѓународните програми се со цел да бидат повеќе достапни и до студентите и до професорите. Во текот на годината беа организирани постојани средби со студентите кои беа селектирани за да остварат мобилност во оваа програма. Беше организиран "welcome meeting" за дојдовните студенти и постојани средби со истите. Пред секој нов распишан конкурс беа остварувани средби со студентите во различните кампуси и градови, а ОМС активно се вклучи и во отворените денови на УГД и промоцијата на Универзитетот.

На почетокот на зимскиот семестар беше организирана церемонија за добредојде каде што студентите имаа можности да ја престават институцијата и државата од каде што доаѓаат, а одделението ги запозна со капацитетите и можностите што ги нуди Универзитетот. За време на оваа церемонија на која беа присутни домашни и странски студенти, професори од УГД, како и претставници од Националната агенција за европски образовни мобилности, Одделението за меѓународна соработка го претстави Универзитетот како средина во која студентската размена има големо значење за проширување на студентските хоризонти, а странските студенти имаа можност да ги претстават своите Универзитети.

Исто така, подготвена е специјална програма за дојдовните студенти во текот на целиот семестар вклучувајќи интеркултурни, спортски активности и прошетки.

Во склоп на Еразмус+ активностите, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип аплицираше за нов грант на мобилности и истиот ќе се реализира во наредниот период. За таа цел беше распишан конкурс за студентски мобилности, беа извршени интервјуа и подготовки на студентите кои во 2019 година ќе заминат на студиска размена. ОМС во соработка со партнерите учествува во подготовката и подготовката на потребната документација и апликација.

Овие активности вклучуваа: Координирање на активности за Еразмус+ студентите за академска 2017/2018 година, организирање на Еразмус+ средби и информативни состаноци, изготвување на документација (апликација и договор за учење), лингвистичка проверка, следење на студентите и логистичка помош за време на Еразмус+ престојот, по нивното враќање преглед на доставена документација за реализирани активности за време на Еразмус+ престојот, признавање на стекнати активности и ЕКТС кредити во соработка со Продеканите на единиците, одржување на финална Еразмус+ средба, учество во радио емисија на УГД ФМ. Во изминатата година преку оваа програма заминаа вкупно 105 студенти.

УГД во текот на 2018 година учествуваше и успешно ја престави работата на ОМС и работата на Универзитетот на бројни дестинации во странство, при што ги размени добрите практики со колегите од различните Универзитети од Европа. УГД учествуваше во Интернационалните недели на Универзитетот во Барселона и Универзитетот во Словенија, каде што

ја престави работата на одделението и работата на Универзитетот и ги размени добрите практики со колегите од различните Универзитети од Европа. Исто така беше учесник и на Еразмус + средбата во Мурсија, Шпанија каде што имаше посебен штанд за промоција и презентација. На овој настан одделението оствари средби со повеќе Европски Универзитети каде што се разговараше за можностите за соработка и размена на студенти, а воедно имаше и состаноци со Универзитетите со кои што соработува.

УГД преку одделението за меѓународна соработка имаше свој претставник и на состанокот на министри на западен Балкан во Брисел каде што се зборување за подобрувањето на образовните програми како и предизвиците со кои што се соочуваат Еразмус + студентите.

Покрај интернационалните посети, одделението во изминатата година организираше два големи настани. Едниот настан беше организиран заедно со Францускиот институт во Македонија, каде што беа презентирани можностите за студирање во Франција, стипендиите кои што ги нуди француската амбасада, можностите за студентска пракса. Воедно беше организирана и неформална средба кае што учесниците можеа да вкусат дел од француската кујна и да се запознаат со нивната култура.

Вториот настан беше организиран во соработка со студенти од Македонија, Словенија, Италија и Шпанија. УГД беше учесник во посетите во трите држави и во месец јуни организира пречек и обука на студентите од горенаведените држави. Одделението беше партнер во овој проект и беше активно вклучен во организацијата и реализацијата на овој проект. За време на три дневната средба беше подготвена посебна програма и беше спроведена обука за тоа како студентите можат да подготват бизнис план за започнување на сопствен бизнис. Присутните беа запознаени со едукативното опкружување на Универзитетот и беа презентирани можностите за соработка во иднина.

Покрај тоа, претставници од УГД преку Одделението за меѓународна соработка имаа можност да остварат:

- Еразмус + посета и предавање на Универзитетот во Љубљана, Словенија.
- Учество на Еарзмус + неделата на Универзитетот во Барселона, Шпанија.
- Еразмус + посета и предавање на Земјоделскиот факултет при Софискиот универзитет во Бугарија.
- Еразмус + посета и предавање на Политехничкиот универзитет во Букурешт, Романија.
- Учество на ERACON 2018 конференцијата во Мурсија, Шпанија.
- Еразмус +посета и предавање при Факултетот за бизнис администрација на West Pomenranian University of Technology, Szczecin, Poland.
- Еразмус + посета при Reykjavik University во Исланд.

Во академската 2017-2018 година вкупно 78 претставници од академскиот кадар на партнер Универзитетите со кои УГД има склучено

договор за соработка го избрале Универзитетот „Гоце Делчев“ како нивна Еразмус дестинација.

Претставниците на Универзитетите од Полска, Романија, Бугарија, Турција, Литванија, Португалија имаа предавања и работилници со студентите. Воедно беа организирани и дополнителни активности со цел подобро да го запознаат едукативното опкружување на Универзитетот. ОМС им овозможи целосна логистична поддршка пред, за време на и по нивниот престој на УГД.

Во изминатата година ОМС целосно се посвети кон проширување на мрежата и склучување на нови договори различни Универзитети од програмските земји. Во прилог е листата на нови соработки во склоп на Еразмус + програмата со универзитетите и нивниот број од 38 до септември 2015 прерасна во 293 нови договори заклучно со месец октомври 2018 г. Во прилог на овој документ е доставена листата со партнер-Универзитети во рамки на Еразмус+ програмата.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКТС**

Вовед

Одделението за ЕКТС дава административна поддршка за реализирање на преминот на студентите од една на друга студиска програма, од една на друга високообразовна единица во состав на Универзитетот, како и од еден на друг универзитет во земјава и во странство и други работи за потребите на одделението.

Цели на Одделението за ЕКТС

Основните цели кои се постигнуваат со имплементацијата на Кредит-трансфер системот се:

- прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на Европскиот систем за пренос на бодови – ЕКТС (ECTS European Credit Transfer System);
- непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција.

Функции на Одделението за ЕКТС

Одделението за ЕКТС, во континуитет успешно ги извршува своите активности и обврски како придонес во целокупното функционирање на Универзитетот. Европскиот систем на пренесување на кредитите - ЕКТС (European Credit Transfer System, ECTS) е осмислен како единствен систем

кој овозможува полесна препознатливост и споредување на различни образовни програми на универзитетите и другите високообразовни институции во земјите на Европа. Целокупниот систем е базиран на поени (бодови) - кредити, кои ја искажуваат оптовареноста на студентот во совладувањето на определена програма од студиите. Студентот напредува во текот на студирањето преку висината на остварените кредити. Студентот може да запише број на предмети кои носат 30 кредити во семестар. Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на иста високообразовна единица, согласно процедурата за преминување од една на друга студиска програма на иста или друга единица во рамките на универзитетот или од еден на друг универзитет. Критериумите за премин ги определува високообразовната единица во зависност од компатибилноста на студиските програми. Студентот може да премине од една единица на друга во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и/или премин од друг универзитет на Универзитет „Гоце Делчев“ или премин во рамките на други високообразовни установи во земјата и странство. Критериумите за премин ги определуваат универзитетите во зависност од компатибилноста на нивните студиски програми. Поради давање на стручна, административна и академска поддршка на студентите на размена (домашни и гостувачки студенти), Универзитетот, односно единицата именува координатор за ЕКТС на Универзитетот и координатори за ЕКТС на единиците (продеканите за настава).

Извештај за активностите на Одделението за ЕКТС

Во периодот од 1 ноември 2017 до 1 ноември 2018 година, во рамките на Одделението за ЕКТС се реализираа голем број на префрлувања, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните префрлувања од страна на Одделението за ЕКТС.

Во периодот реализирани и евидентирани се следните активности во Одделение за ЕКТС:

- Префрлување од друг универзитет на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип;
- Префрлувања од една единица на друга во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Префрлувања од една насока на насока во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип;
- Признавање на испити – Штип.

Табела 1. Реализирани префрлувања од друг универзитет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во периодот од 1.11.2017 до *1.11.2018 год*.

| **Факултет** | **Префрлувања од друг универзитет** |
|---|---|
| Факултет за медицински науки | 38 |

| | |
|---|---|
| Факултет за образовни науки | 3 |
| Филолошки факултет | 49 |
| Факултет за информатика | 6 |
| Економски факултет | 4 |
| Правен факултет | 5 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 3 |
| Машински факултет | 14 |
| Електротехнички факултет | 2 |
| Технолошко-технички факултет | 1 |
| Музичка академија | 5 |
| Ликовна академија | 1 |
| Земјоделски факултет | 2 |
| Факултет за природни и технички науки | 4 |
| **ВКУПНО** | **137** |

Табела 2. Реализирани префрлувања од една насока на насока на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип периодот од 1.11.2017 до *1.11.2018 год*.

| Факултет | Префрлувања од насока на насока |
|---|---|
| Факултет за медицински науки | 37 |
| Факултет за образовни науки | 15 |
| Филолошки факултет | 4 |
| Факултет за информатика | 8 |
| Економски факултет | 1 |
| Правен факултет | 10 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 29 |
| Машински факултет | 1 |
| Електротехнички факултет | 3 |
| Технолошко-технички факултет | 5 |
| Музичка академија | 6 |
| Ликовна академија | 0 |
| Земјоделски факултет | 25 |
| Факултет за природни и технички науки | 5 |
| **ВКУПНО** | **149** |

Табела 3. Реализирани префрлувања од една единица на друга во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во периодот од 1.11.2017 до *1.11.2018 год*.

| **Факултет** | **Префрлувања од една единица на друга единица** |
|---|---|
| Факултет за медицински науки | 0 |
| Факултет за образовни науки | 1 |
| Филолошки факултет | 1 |
| Факултет за информатика | 2 |
| Економски факултет | 2 |
| Правен факултет | 0 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 5 |
| Машински факултет | 0 |
| Електротехнички факултет | 0 |
| Технолошко-технички факултет | 0 |
| Музичка академија | 0 |
| Ликовна академија | 0 |
| Земјоделски факултет | 1 |
| Факултет за природни и технички науки | 5 |
| **ВКУПНО** | **17** |

Табела 4. Реализирани признавања на испити на Универзитетот „Гоце Делчев“ во периодот од 1.11.2017 до *1.11.2018 год*.

| **Факултет** | **Признавање на испити** |
|---|---|
| Факултет за медицински науки | 8 |
| Факултет за образовни науки | 5 |
| Филолошки факултет | 1 |
| Факултет за информатика | 7 |
| Економски факултет | 2 |
| Правен факултет | 3 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 9 |
| Машински факултет | 4 |
| Електротехнички факултет | 2 |
| Технолошко-технички факултет | 6 |
| Музичка академија | 1 |

| | |
|---|---|
| Ликовна академија | 0 |
| Земјоделски факултет | 4 |
| Факултет за природни и технички науки | 10 |
| **ВКУПНО** | **62** |

Заклучок

Во периодот од 1 ноември 2017 до 1 ноември 2018 година, во рамките на Одделението за ЕКТС направени решенија по сите основи на префрлување и признавање на испити се вкупно 365 решенија.

Одделението за ЕКТС, во 2017 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности со што допринесува за долгорочни ефекти во делот на поддршка и спроведување на образовните и наставните процеси.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАДИО И ТВ

**Вовед**

Одделението за Радио и ТВ (ОРТВ), како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, е формиран со донесувањето на Одлука на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста со Оддел за издавачка дејност, во чијшто состав беше пододделот за уредување на веб-страницата на Универзитетот. Овде работеа четири лица, кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство. Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември 2007 година до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за општествени науки).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб - Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на првиот кат од новите, модерно просторно и технички уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб - Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 м$^2$. Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 м$^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина од 205 м$^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно го употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од Одделение за техника и Одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда, кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

Со новата Систематизација од 2018 година Центарот за односи со јавноста се подели во две одделенија, Оддел за Радио и ТВ (ОРТВ) и Оддел за издавачка дејност.

**Структура**

**Раководител**

Според Правилникот за организација на работата и Систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев. Во јуни 2012 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначена Марија Манева. Во јуни 2014 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен Славе Димитров. Во април 2016 г. од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Блажо Боев за раководител на Центарот е назначен Влатко Миленкоски.

**Вработени**

Влатко Миленкоски - раководител во Оддел за радио и ТВ

Игор Стојанов - одговорен уредник на редакција во Оддел за радио и ТВ

Тони Михаилов - новинар во Оддел за радио и ТВ
Александар Максимов - референт во Оддел за ТВ
Кристина Богатинова - веб-администратор
Игор Ампов - веб-администратор.

**Оддели во состав на ОРТВ**

Во состав на ОРТВ се три оддели:
Оддел за радио и ТВ.
Оддел за маркетинг и протокол;
Оддел за веб.

**Оддел за радио и ТВ**

Одделот за радио и ТВ е единица којашто претставува информатор за сите активности кои се одржуваат на Универзитетот „Гоце Делчев“. Одделот за радио и ТВ придонесува во подобро информирање на студентите и на останатата јавност за активностите на Универзитетот, а воедно претставува место каде што студентите на новинарство и односи со јавноста ја вршат својата пракса. Во овој Оддел се продуцира независна и самостојна радио и ТВ програма која преку радиофреквенција се емитува на ниво на цела Општина Штип, а преку интерната ТВ мрежа се емитува низ сите објекти каде што гравитираат студенти и наставници на УГД.

Универзитетското радио „УГД ФМ“, како дел од Одделот за радио и ТВ, емитува 24-часовна програма што се однесува на студентите и младите луѓе во градот, програма која го засега работењето на Универзитетот и студирањето на сите студенти. Студентите континуирано се информираат за настаните и за активностите на УГД, а воедно студентското радио и интерната телевизија имаат и едукативна и забавна компонента.

Преку продукција на едукативни и забавни програми овие два медиума претставуваат неформално надополнување на едукацијата на студентите и останатите консументи. Воедно овие два медиума континуирано даваат поддршка преку преноси во живо, гостувања и продукција на емисии на сите настани кои се организираат од страна на Универзитетот. Одделот за радио и ТВ, исто така, им дава поддршка на сите млади луѓе и студенти кои сакаат креативно да се изразат или нивниот глас да се слушне подалеку во јавноста. И двата медиума постојано соработуваат со многу млади луѓе кои активно се вклучени во креирањето на програмата.

Одделот за радио и ТВ изминатава година работеше според претходно утврдениот план и програма, и според систематизацијата на Универзитет „Гоце Делчев“. Во својата работа, овој оддел вклучува подготовка на радио и ТВ содржини, следење и промовирање на активностите на Универзитетот и придружните членки и нивно афирмирање. Одделот за радио и ТВ е вклучен во продукција на рекламни и промотивни спотови за Универзитетот, центрите, факултетите и УНИ-сервис.

Во редовните активности овој оддел вклучува емитување на 24-часовна програма на радио и изготвување на видеоматеријали за универзитетската телевизија.

Во работата на овој Оддел влегува и подготвувањето на содржини за Универзитетски весник и комплетно негово уредување. Се подготвуваат содржини за веб-страницата на Универзитетот, на Универзитетското радио и на факултетите. Редовно се обновуваат и додаваат нови содржини.

Одделот за радио и ТВ со своите човечки ресурси ги следи настаните кои се одржуваат на Универзитетот, но и оние во градот и државата. Настаните се проследени преку фотографирање и аудио и видео снимање.

Во изминатиов период Одделот учествуваше во низа проекти кои се организираа на УГД а беше иницијатор на бројни активности и проекти кои имаа за цел да го афирмираат Универзитетот и да ги анимираат студентите на бројни активности.

Секојдневно се ажурираат социјалните мрежи преку одделот за радио и ТВ се одговара на прашања на Фејсбук и Твитер кои студентите ги поставуваат и се промовира УГД и „УГД ФМ“.

Во изминатата година Одделот за радио и ТВ ги реализира во просек следните активности:

1. На веб-страницата се објавуваат во просек **– околу 2 вести дневно.**
2. На програмата на УГД ФМ се реализираат во просек околу **150 гостувања годишно**.
3. На УГД ТВ и на официјалниот канал на www.youtube.com/ugdstip во текот на минатата година се поставени 150 видеа, а вкупно на официјалниот канал на Универзитетот има. Сите видеа на каналот имаат преку **320.000** прегледи.
4. Дневно во измината година на радио имаше по 7 **емисии, 2 рубрики и 4 изданија на вести дневно.**
5. Направени и објавени повеќе од 500 вести на веб-страницата и на радио.
6. На фејсбук страницата www.facebook./ugdfm УГД ФМ има **5100** обожаватели. Страницата на УГД на фејсбук www.facebook.com/ugdstip има **10800** обожаватели што е далеку повеќе од сите универзитети во Македонија. Редовно ажурирање на социјални мрежи.
7. Бројката на студенти кои поминуваат пракса во УГД ФМ и ТВ е драстично намалена. Правени се активности за нејзино зголемување, но безуспешни.
8. Годинава УГД ФМ реализираше неколку проекти од различен карактер:

А. Соработка со Американска амбасада преку Американското катче и реализација на нивна емисија на УГД ФМ.

Б. Соработка со Британска амбасада преку Британски совет и реализација на нивна емисија на УГД ФМ (оваа емисија ја емитуваат само две радио станици во Македонија - http://www.britishcouncil.mk/en/programmes/arts/selector )

В. Формирање на редакција од студенти во изработка на еден радио

продукт – Здравствен код. Студенти од повеќе факултети соработувајќи заедно создадоа еден производ.

Г. Летна школа со средношколци од цела Македонија. Повеќе од 30 средношколци

9. Логистика и уредување на студентскиот весник – Студентско ехо – во кој пишуваат исклучиво студентите
10. Промо видеа за дел од факултетите. Изработка на реклами.

**Ноември 2017 година**

Редовна програма на „УГД ФМ“.

Проследување на сите настани на УГД.

Вести од светот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“

Емисии во живо.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.

Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.

Емсиија американски агол

Емсиија Британски совет

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.

Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Декември 2017 година**

Редовна програма на „УГД ФМ“.

Проследување на сите настани на УГД.

Вести од светот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“

Емисии во живо.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.

Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.

Емсиија американски агол.

Емсиија Британски совет.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.

Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

Испраќање снимки на медиуми

Логиситка за филм Исцелител.
Новогодишно интервју со ректорот на УГД
Организирање посета на УС амбасадор

**Јануари 2018 година**
Редовна програма на „УГД ФМ“.
Проследување на сите настани на УГД.
Вести од светот.
Координација со студенти за изработка на емисии.
Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“
Емисии во живо.
Утринска програма „Може да почнеме“ 8-9.45 часот.
Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.
Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.
Емсиија американски агол
Емсиија Британски совет
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.
Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.
Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Февруари 2018 година**
Договарање работилници на студиската програма по новинарство.
Состаноци со Институт за медиуми за студиска програма по новинарство
Логистика во организирање хакатон
Предлог повик за студенти – новинари во УГД ФМ
Редовна програма на „УГД ФМ“.
Проследување на сите настани на УГД.
Вести од светот.
Координација со студенти за изработка на емисии.
Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“
Емисии во живо.
Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.
Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.
Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.
Емсиија американски агол
Емсиија Британски совет
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.
Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.
Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Март 2018 година**

Изработка реклама за Факултет за информатика

Констакти со медиумите за настани кои се организираат на УГД

Логистика за Хакатон

Логистиак за ораганизирање настан на спортски центар

Денови на УГД – организација медиумска поддршка

Снимки и контакти со АВМУ

Изработка на промотивен спот за Правен факултет

Работилница во Скопје за студенти по новинарство

Отворен ден на УГД – медиумска поддршка

Изработен флаер за повик за студенти

Логистика ораторска вечер

Свечена академија УГД

Одбележување патронат

Фид мај брејн – логиситка медиуми

Редовна програма на „УГД ФМ“.

Проследување на сите настани на УГД.

Вести од светот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“

Емисии во живо.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.

Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.

Емсиија американски агол

Емсиија Британски совет

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.

Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Април 2018 година**

Договарање одржување на денови на студенти по новинарство

Координација со медиуми и праќање информации за објава

Логистика во организирање инспиративни говори

Работа со студенти за емисијата здравствен код – формирана редакција

Логистика за организрање на настан за современ танц – ШЕР

Разговор со високата школа за новинарство за организирање на летна школа

Логистика за организирање на филозофски филмски фестивал

Логистика во обука за наставници од цела МК- медиуми , сала промоција..

Договарање видео спот со Машински факултет.

Соработка со Факултети.мк за објавување информации
Координација на студенти Еразмус во МК
Работа со студенти нови
Редовна програма на „УГД ФМ“.
Проследување на сите настани на УГД.
Вести од светот.
Координација со студенти за изработка на емисии.
Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“
Емисии во живо.
Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.
Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.
Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.
Емсиија американски агол
Емсиија Британски совет
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.
Подготовка на содржини за „Студентско ехо“ координација на студенти по новинарство.
Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Мај 2018 година**

Филко – промоција и логистика за организација на настан
Средба со писателот Горјан Петревски – логистика и промоција на настан
Логиситка во организација на ден на Европа на Правен факултет.
Денови на студентите по новинарство од РМ. Организација и логистика
Контакт со АВМУ и работа на извештаи
Симулирани судења
Договарање и координација за летен камп за средношколци
Обезбедување логистика и промоција за камп за средношколци.
Редовна програма на „УГД ФМ“.
Проследување на сите настани на УГД.
Вести од светот.
Координација со студенти за изработка на емисии.
Интервјуа или снимки емитувани во програма „Свеж воздух“
Емисии во живо.
Утринска програма „Може да почнеме“ – 8-9.45 часот.
Емисија за македонска музика „Кирилица“ – 11-12 часот.
Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13-15 часот.
Емсиија американски агол
Емсиија Британски совет
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за „Студентско ехо“координација на студенти по новинарство.

Секојдневно внесување на видеосодржини за УГД ТВ.

**Јуни 2018 година**

Изработка на постери за сите факултети за промоција.
Организирање прес конференција за ректор
Одржување на камп за медиумска писменост
Изработка на постери за уписи
Изработка на видеа за камп
- Petrevska, Biljana and **Cingoski, Vlatko** (2018) *Environmental Management: Assessment of Macedonian Hotel Industry.* Quality - Access to Success, 19 (162). pp. 122-125. ISSN 1582-2559 **(SCOPUS SNIP IF = 0,294).**

Трудови објавени во **меѓународни стручни списанија**:

- Petrevska, Biljana and **Cingoski, Vlatko** (2018) *Green solution for clean environment: The case of Skopje, Macedonia.* Journal of Applied Economics and Business, 6 (3). pp. 58-64. ISSN 1857- 8721.
- Bundalevski, Slobodan and **Cingoski, Vlatko** and Gelev, Saso (2018) *Determination of the Total Impulse of the Solid Rocket Motor by Using Two Mathematical Methods.* In: Information Technology - IT 2018. ***(IEEE Digital Library).***
- Giceva, Ivana and Sarac, Vasilija and Gelev, Saso and **Cingoski, Vlatko** (2018) *Single Phasing of Three-phase Induction Motors under Various Load Conditions.* In: Information Technology - IT 2018. ***(IEEE Digital Library)***.
- Cingoska, Marija and Sarac, Vasilija and **Cingoski, Vlatko** and Gelev, Saso (2018) *Efficiency optimization of electrical devices.* In: Information Technology - IT 2018. ***(IEEE Digital Library).***

- Petrevska, Biljana and **Cingoski, Vlatko** (2018) *How can We Make a Green Tourism Brand? The Evidence of Macedonia.* South East European Journal of Sustainable Development, 1 (1). pp. 7-15. ISSN 2545-4463
- **Cingoski, Vlatko** and Petrevska, Biljana (2017) *Flexible textile photovoltaics: application of new generation in tourism.* Journal of Applied Economics and Business, 5 (4). pp. 5-18. ISSN 1857- 8721.

Трудови објавени во **зборници на трудови со меѓународен уредувачки одбор**:

- Noguchi, So and **Cingoski, Vlatko** (2018) *Economical Optimization Method of REBCO Superconducting Magnets using Game Theory.* In: 15th International Workshop on Optimization and Inverse Problems in Electromagnetism, 11-13 Sept 2018, Hall in Tirol, Austria.
- **Cingoski, Vlatko** and Petrevska, Biljana (2018) *A new long-term sustainable public transportation system for the city of Skopje.* In: 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, 12-15 June 2018, Bor, Serbia.
- Gelev, Saso and Tudzarov, Aleksandar and Sarac, Vasilija and **Cingoski, Vlatko** and Bundalevski, Slobodan (2018) *Metodi i alati za forenziku mobilnih telefona.* In: Information Technology - IT 2018, 19-22 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Petrevska, Biljana and Serafimova, Mimoza and **Cingoski, Vlatko** (2018) *Managing sustainable tourism and hotel industry in Macedonia: energy resources strategic approach.* In: 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, 12-15 June 2018, Bor, Serbia.
- **Cingoski, Vlatko** and Andonov-Chento, Ilija and Nikolov, Igor (2017) *Prospects for Pump Storage HPP in Macedonia.* In: SIMTERM - 2017, 17-20 Oct 2017, Sokobanja, Srbija.

Трудови објавени на **домашни конференции со меѓународно учество**:

- **Cingoski, Vlatko** and Petrevska, Biljana and Gelev, Saso (2017) *New Generation of PV Cells and Their Potential Application in Tourism and Hotel Industry.* In: First International Scientific Conference - Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.

Учество во **НИП финансирани од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**.

- **Cingoski Vlatko**, Petrevska Biljana, Gelev Saso, Golubovski Roman, Citkuseva Dimitrovska Biljana, Trajkov Nikola and Velkov Tomce(2015) *Можности и методи за замена и заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во хотелската индустрија.* **[Раководител на проект, истражувач]**

**Проф. д-р Василија Шарац**

Трудови во списанија:

- Sarac, Vasilija and Stefanov, Goce (2017) Permanently split capacitor motor-study of the design parameters. Journal of Electrical Engineering, 68 (5). pp. 339-348. ISSN 1335-3632 (indexed SCI Expanded ).
- Sarac, Vasilija and Iliev, Dejan (2017) Synchronous Motor of Permanent Magnet compared to Asynchronous Induction Motor.Electrotehnica, Electronica, Automatica (EEA), 65 (7). pp. 51-58. ISSN 1582-5175 (indexed Scopus).
- Stefanov, Goce and Karadzinov, Ljupco and Sarac, Vasilija and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kukuseva, Maja and Dambov, Risto (2018) Dependence of the Active Power of the Serial Resonant Bridge Converter from the Phase Difference and the Duty Cycle. Machines, Technologies, Materials, 12 (2). pp. 62-65. ISSN 1313-0226

Трудови во зборници од конференции и научни собири:

- Giceva, Ivana and Sarac, Vasilija and Gelev, Saso and Cingoski, Vlatko (2018) Single Phasing of Three-phase Induction Motors under Various Load Conditions. In: 23rd International Scientific-Professional Conference on Information Technology (IT), 19-24 Feb 2018, Zabljak, Montenegro. https://ieeexplore.ieee.org/document/8350459/
- Stefanov, Goce and Karadzinov, Ljupco and Sarac, Vasilija and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kukuseva, Maja and Dambov, Risto (2018) Dependence of the active power of the serial resonant bridge converter from the phase difference and the duty cycle. In: XV International Scientific Congress MTM 2018, 14-17 March 2018, Borovec, R.Bulgaria.
- Gelev, Saso and Tudzarov, Aleksandar and Sarac, Vasilija and Cingoski, Vlatko and Bundalevski, Slobodan (2018) Metodi i alati za forenziku mobilnih telefona. In: Information Technology -IT 2018, 19-22 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Cingoska, Marija and Sarac, Vasilija and Cingoski, Vlatko and Gelev, Saso (2018) Efficiency optimization of electrical devices. In: Information Technology -IT 2018. https://ieeexplore.ieee.org/document/8350455/
- Trajcevski, Neven and Sarac, Vasilija and Stefanov, Goce and Kuzinovski, Mikolaj and Tomov, Mite (2018) Integrated Machining Process Modelling and Research System. In: Applied Computer Technologies.
- Sarac, Vasilija and Stefanov, Goce and Trajcevski, Neven (2018) Transient and Numerical Models of Three-Phase Induction Motor. In: Applied Computer Technologies.

Објавени книги:

- Василија Шарац: Збирка задачи по електрични машини, Универзитет „Гоце Делчев“, **ISBN**: 978-608-244-532-8.
- Василија Шарац: Електрични инсталации, Универзитет „Гоце Делчев“, **ISBN**: 978-608-244-531-1.

Учество во научноистражувачки проекти:

- Atanasova-Pacemska, Tatjana and Jolevska-Tuneska, Biljana and Sarac, Vasilija and Lazarova, Limonka and Miteva, Marija and Karamazova, Elena and Timovski, Riste and Runcev, Kostadin and Srebrenova, Maja (2017) Contributions in mathematical theory, mathematical modelling and their applications.

**Проф. д-р Сашо Гелев**

- Bundalevski, Slobodan and Cingoski, Vlatko and Gelev, Saso (2018) Determination of the Total Impulse of the Solid Rocket Motor by Using Two Mathematical Methods. In: 23rd International Scientific-Professional Conference on Information Technology (IT), 19-24 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Giceva, Ivana and Sarac, Vasilija and Gelev, Saso and Cingoski, Vlatko (2018) Single Phasing of Three-phase Induction Motors under Various Load Conditions. In: 23rd International Scientific-Professional Conference on Information Technology (IT), 19-24 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Tudzarov, Aleksandar and Gelev, Saso (2018) 5G and software network paradigm. In: Information Technology -IT 2018.
- Gelev, Saso and Tudzarov, Aleksandar and Sarac, Vasilija and Cingoski, Vlatko and Bundalevski, Slobodan (2018) Metodi i alati za forenziku mobilnih telefona. In: Information Technology -IT 2018, 19-22 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Gelev, Saso and Sokolovska, Ana and Curcic, Dusica and Sokolovski, Aleksandar (2018) Usage of genetic algorithms in cryptography for mobile devices. In: Information Technology -IT 2018, 19-22 Feb 2018, Zabljak, Montenegro.
- Cingoska, Marija and Sarac, Vasilija and Cingoski, Vlatko and Gelev, Saso (2018) Efficiency optimization of electrical devices. In: Information Technology -IT 2018.
- Petrov, Ivan and Gelev, Saso (2017) Препораки при проектирање на лабараторија за дигитална фореника. In: Петта меѓународна научна конференција, „Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа“, 15-16 Dec 2017, Skopje, Macedonia.
- Cerepnalkovska Dukovska, Snezana and Gelev, Saso (2017) Информатичка платформа за смарт јавен превоз во Скопје. In: Петта меѓународна научна конференција, „Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа“, 15-16 Dec 2017, Skopje, Macedonia.
- Cingoski, Vlatko and Petrevska, Biljana and Gelev, Saso (2017) New Generation of PV Cells and Their Potential Application in Tourism and Hotel Industry. In: First International Scientific Conference - Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.

**Учество во одбори на конференции**

- На петтата Меѓународна конференција под наслов „Науката - поддршка на развојот во Југоисточна Европа“ организирана од страна на Универзитетот Евро-Балкан – Скопје, активно учествува во програмскиот и организацискиот одбор. Конференцијата се одржа на 15 и 16 декември 2017 година во Скопје.
- На конференцијата IT’18 одржана во Жабљак во Црна Гора во 2018 година е член на програмскиот одбор и активно учествува во конференцијата во период од 19.2.2018 до 24.2.2018 година.

**Доц. д-р Гоце Стефанов**

- Iliev, Dejan and Stefanov, Goce (2018) *Embedded Microprocessory SCADA System for Supervisory, Control and Data Acquisition in the Process of Purification of Gasses in Ferro-Nickel Factory*. In: XV International Scientific Congress MTM 2018, 12-15 Sept 2018, Varna, R.Bulgaria.
- Stefanov, Goce and Karadzinov, Ljupco and Sarac, Vasilija and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kukuseva, Maja and Dambov, Risto (2018) *Dependence of the active power of the serial resonant bridge converter from the phase difference and the duty cycle*. In: XV International Scientific Congress MTM 2018, 14-17 March 2018, Borovec, R.Bulgaria.
- Trajcevski, Neven and Sarac, Vasilija and Stefanov, Goce and Kuzinovski, Mikolaj and Tomov, Mite (2018) *Integrated Machining Process Modelling and Research System*. In: Applied Computer Technologies.
- Sarac, Vasilija and Stefanov, Goce and Trajcevski, Neven (2018) *Transient and Numerical Models of Three-Phase Induction Motor.* In: Applied Computer Technologies.
- Stefanov, Goce and Karadzinov, Ljupco and Sarac, Vasilija and Atanasova-Pacemska, Tatjana and Kukuseva, Maja and Dambov, Risto (2018) *Dependence of the Active Power of the Serial Resonant Bridge Converter from the Phase Difference and the Duty Cycle*. International Journal for Science, Technics and Innovations for the Industry MTM (Machines, Technologies, Materials), 12 (2). pp. 62-65. ISSN 1313-0226.

**Доц. д-р Далибор Серафимовски**

Трудови објавени во **списанија со импакт фактор (IF)** *(Thomson Reuters, SCOPUS, и др.)*:

- Tasev, Goran and Serafimovski, Dalibor and Serafimovski, Todor (2018) *Evolution of ore-forming fluids in the Bukovik-Kadiica porphyry Cu deposit, Republic of Macedonia*. Geologica Croatica, 71 (1). pp. 1-18. ISSN 1330030X.
- Serafimovski, Todor and Volkov, A. and Serafimovski, Dalibor and Tasev,

Goran and Ivanovski, Igor and Murashov, Yu. K (2017) *Plavica Epithermal Au–Ag–Cu Deposit in Eastern Macedonia: Geology and 3D Model of Valuable Component Distribution in Ore.* Geology of Ore Deposits, 59 (4). pp. 296-304. ISSN 1075-7015.

Трудови објавени во **меѓународни стручни списанија**:

- Adjiski, Vancho and Serafimovski, Dalibor and Despodov, Zoran and Mijalkovski, Stojance (2018) *Proposed prototype model of QR code integration in underground mining industry using smartphones.* Underground Mining Engineering (32). pp. 33-46. ISSN 0354-2904.

Трудови објавени во **зборници на трудови со меѓународен уредувачки одбор**:

- Tasev, Goran and Serafimovski, Dalibor and Mitreski, Kosta (2018) *The access database for the Zletovo mine, Republic of Macedonia.* 18th International Multidisciplinary Scientific GeoConference SGEM 2018, 13 (1). pp. 451-458. ISSN 1314-2704.

**Доц. д-р Тодор Чекеровски**

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**

Избор/реизбор во звања на наставничкот и соработничкиот кадар

| Реден бр. | Име и презиме | Звање | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|
| 1 | Д-р Владимир Талевски (насловен доцент) | доцент | избор |
| 2 | Д-р Сашо Гелев | редовен професор | избор |
| 3 | Д-р Тодор Чекеровски | доцент | избор |
| 4 | Д-р Далибор Серафимовски | доцент | избор |

**Други активности**

Реализирана **теренска пракса** и настава за студентите на Електротехнички факултет во сите поголеми енергетски објекти во Македонија.

# ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

**Вовед**

Извештајот за едногодишната работа на Економскиот факултет - Штип дава слика за работењето на Факултетот од октомври 2017 до септември 2018 година, иницира и упатува на континуирано следење на сегашните и идни активности.

Економскиот факултет, од неколку вработени во почетокот на првата учебна 2007/2008 година, денес има голем број наставнички, административен и помошен персонал.

Денес Економскиот факултет располага со оспособени наставно-научни кадри кои се способни компетентно да ги решаваат проблемите со предизвиците што современиот развој на општеството и бизнисот ги наметнува и да развиваат висококвалитетни програми од областа на економијата, менаџментот и бизнисот.

Факултетот, исто така, обезбедува професионални услуги и истражувања за претпријатијата и државната администрација. Во таа насока Факултетот работи на постојано јакнење на својата репутација, како на домашно така и на меѓународно ниво. Факултетот води сметка да реализира висок квалитет во наставата и истражувачко-апликативните активности, да ги следи промените и потребите на стопанството и општеството, да ја поттикнува иновативноста и притоа да употребува најсовремена наставна техника.

Неговиот развој од година во година треба да се подобрува и во времето на живеење и делување да се усовршува. Во тој поглед, нашата грижа е преку континуирано развивање и унапредување на менаџмент стратегија за подобрување и надградување на наставата содржина и примена на современи методи и техники во образованието, подигање на квалитетот на научноистражувачката база, како и меѓународно позиционирање на Факултетот преку објавување на трудови, настапи на научни конференции и учество во проекти, да даваме свој сопствен, совесен и препознатлив придонес во развојот на факултетот.

Мисијата на Економскиот факултет е низ континуиран процес на образование и етички осврт кон случувањата во живеењето, да едуцира високостручен кадар, кој ќе биде способен да ги осознава проблемите и достигнувањата, да дава предлози и решава проблеми од областите на едуцирање, да им излегува во пресрет на предизвиците што современиот развој на општеството и на бизнисот ги наметнува и преку висококвалитетни програми од бизнис и економија да предлага мерки за зајакнување на конкурентноста на претпријатијата во современото глобално стопанисување. Факултетот, исто така, ќе обезбедува други професионални услуги и истражувања за претпријатијата и државната администрација.

Својата мисија Факултетот ќе ја спроведува преку студиите на: прв, втор и трет циклус студии, со своите моментални студиски програми, преку нивно постојана ревизија и подобрување, како и креирање на нови студиски програми во согласност со барањата.

Визијата на Факултетот ќе биде подигнување на неговиот рејтинг со реалицирање на квалитетни наставни, едукативни и научни активности преку програми со високи перформансии во согласност со дејноста на високото образование. Притоа секој треба да биде свесен дека визијата без активност полна со љубов и посветеност на нејзиното остварување е обично фантазирање.

Значи, важно е да се има визија која ќе води до остварување на поставените цели и во тој поглед треба многу повеќе да се направи зацртаната визија сигурно да биде реализирана. Затоа треба на најтранспаретен начин континуирано да се извршуваат поставените цели кои ке бидат и надградувани и дополнувани. Меѓу нив се следниве:

- Развој на Факултетот во целина базиран врз основа на осознавање на слабите и јаките страни, можностите и опасностите, со цел непречено извршување на мисијата и остварување на визијата и целите на факултетот;
- Посветеност кон работата;
- Посветеност кон студентите и квалитетот на нивното образование, преку следење на квалитетот на образовниот процес, како и потребите и очекувањата на студентите;
- Местото и улогата на наставниците и нивното постојано усовршување на нивните вештини, преку подобрување и зајакнување на едукативните и научноистражувачки активности;
- Нагласување на потребата и барање за вработување на соработници (асистенти-докторанди);
- Воведување на современи содржини и начини на студирање;
- Зголемување на ефикасноста на административниот ненаставен кадар;
- Транспарентност на работата на факултетот т.е. транспарентност на сите активности во функционирањето на Факултетот;
- Владеење на академска култура на однесување со почитување на коренитите постулати на високото образование, како на наставен, соработнички и административен кадар, така и на студентите;
- Научни, истражувачки и консултантски активности;
- Развивање на соработката со факултетите за економија, бизнис, менаџент и претприемништво, надвор од земјата, во поблиското опкружување.
- Унапредување на соработката со локалнатте заедници, претпријатијата и институциите, особено во подрачјата на делување на универзитетот во Републиката;
- Развивање на дебати, трибини, научни конференции од интерен (внатре во факултетот со наставникиот, соработничкиот и студенскиот кадар) и поширок карактер (со учество на надворешни лица, меѓународни конференции и сл.);
- Отвореност и поддршка за позитивните иницијативи понудени од колегите и подготвеност за нивно реализирање;

- Развивање на тимскиот дух и создавање на посакувана пријатна работна култура.

**Анализа на SWOT-страните**

Анализата на силните страни (предности), слабите страни (недостатоците), можностите и заканите (SWOT), како на факултетот, така и на себеличностите, ќе биде континуирана активност, на целиот вработен потенцијал во Факултетот.

**Силни страни**

Како една од особено силните страна на Факултетот е неговата дејност која овозможува сигурност на работното место, кадри со искуство како и релативно младиот наставнички кадар, кој од своја страна е способен да ги согледа промените кои се недвосмислен предизвик во високото образование во периодот кој следува.
Од друга страна, како силна страна се истакнува интегрираноста на Универзитетот, што го прави посигурен во развојот, а во имплементација на информатичките технологии во наставата, админстрацијата и истражувањата.

Споменативе, како и други неспоменати силни страни, треба да се унапредуваат, преку континуирано следење, анализирање и прогнозирање.

**Слаби страни**

Слабите страни на Факултетот во најголема мера се последица на релативно краткиот период на постоење на оваа високообразовна научноистражувачка установа, која сè уште ферментира. Во тој поглед се изразуваат следниве:

- Недоволен број на наставно-соработнички кадар, пред сè поради дислоцираноста на Факултетот;
- Нерасполагање со соработници-асистенти за помош во изведување на вежбите, по соодветни области;
- Сè уште поголема оптовареност на наставничкиот кадар со настава и вежби;
- Недоволно време за поголема вклученост на наставниците во истражувачката работа;
- Релативно мал број на научни публикации во индексирани списанија, поради сè уште високите цени за аплицирање во реномирани изданија;
- Немање ни еден соработник (асистент).

Овие и другите неспомнати слаби страни треба да се намалаат односно да се елиминираат, а со тоа слабостите да се претвораат во јаки страни. Во тој поглед ќе се стремиме кон постепено решавање на некои слаби страни, доколку е потребно и со помош на Ректорската управа за контакт со Министерството за образование и наука и Минстерството за финансии.

**Можности**

Можностите што ги има факултетот се релативно големи бидејќи е во интегрирана целина во Универзитетот. Во тој поглед, како позначајни можности во секој случај би биле сите оние кои се поврзани со информациските технологии:

- Користење на придобивките на сѐ посовремените информатички технологии во системот на управувањето со Универзитетот, наставниот процес, административните задолженија, како и информациско-афирмативните понуди на факултетот.
- Понатамошно развививање на соработката со наставничкиот кадар во рамките на универзитетската интеграција, а особено во просторна дислоцираност на факултетот.
- Користење на можностите за учењето на далечина (изведување на далечински предавања, но не повеќе од 50 %, заради обврзно и директно предавање и соочување со студентите).
- Користење на можностите за воведувањето на формите на доживотното учење (преку електронско лиферување на литература, но со обврзно одржување на одредени консултации - предавања -информирања) и стекнувањето на знаење низ формите на формалното и неформалното образование.
- Поголема промоција на можностите на Факултетот во интегрираниот Универзитет преку организирање на поголем број работилници и семинари заедно со единиците на локалната власт и со приватниот сектор.
- Разгледување на можноста за развивање на насока – Менаџмент на малиот бизнис, со некоја добро осмислена наставна програма за едуцирање на кадри т.е. менаџери за малиот бизнис, со барање на можности за запишување на студенти со понизок просек но со полагање на диференцијални (едногодишни) пред факултетски студии.

Овие можности ќе се настојува да се искористат во интерес на факултетот, преку тимско креирање на стратегиски пристапи, со активност со целиот наставнички кадар.

**Опасности (закани)**

Како закани во оваа SWOT анализа на факултетот би биле:

- поголемата оптовареност на наставниците со наставата по дисперзираните локации ги прави истражувачките и наставните процеси помалку ефикасни;
- намален одѕив на студентите на дисперзираност на факултетот во Скопје и големо опсипување на студентите по првиот семестар и првата година на студирање е доста забележителен.

За поефикасно решавање на овие проблеми на одделни седници на Наставничкиот колегиум и ННС континуирано ќе биде иницирано за давање на предлози и формирање на групи за работа, со конкретни задолженија и конкретни рокови.

Постоењето на Економскиот факултет е да обезбеди темелно теоретско образование во подрачјата на: финансиски менаџмент, банкарство, финансии и осигурување, сметководство, финансии и ревизија, од областа на маркетингот, менаџмент и претприемништво и од областа на меѓународна економија.

На Економскиот факултет постојат четири катедри, и тоа:

- Катедра за финансии,
- Катедра за економија,
- Катедра за бизнис-менаџмент и
- Катедра за сметководство и ревизија.

Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип како високообразовна единица треба да одговори на барањата за образовање на профили од економската област на просторот што е многу поширок од тој што се дефинира како Источен регион на Република Македонија. Имено, тоа е подрачје кое ги интегрира подрачјата на источна, југоисточна и североисточна Македонија кои сообраќајно се поврзани со Штип, со околу 35 поголеми населени места кои се поблиску до Штип отколку до другите универзитетски центри во државата, и чие население, според природата на нештата, би можело да се очекува дека ќе им даде предност на студиите во овој град.

Во академската 2018/2019 година Економскиот факултет согласно со објавениот Конкурс за упис на нови студенти запиша студенти на двете дисперзирани студии во Струмица и во Скопје, како и во седиштето на Факултетот во Штип. Во својот натамошен развиток Економскиот факултет континуирано ќе ја проширува и збогатува својата дејност на подрачјето на наставно-образовниот процес, научноистражувачката работа, апликативната и издавачката активност. Постојани се напорите на факултетот за подобрување на материјално-техничката и кадровската основа како основна претпоставка за поуспешно извршување на неговата дејност.

Истовремено факултетот е организиран за извршување и на научноистражувачка работа за потребите на наставната дејност, стопанството и општеството.

Наставата во изминатата една година (во двата семестра: зимски и летен) се одвиваше непречено и со успех се заврши. Резултатите се задоволителни. Спроведувањето на оценувањето се вршеше преку реализирање на два колоквиума и еден завршен испит во семестар. Користени се утврдените методолошки стандарди за оценување на знаењето на студентите. Покрај колоквиумите и завршниот испит во текот на одвивањето на наставниот процес се спроведуваше и евиденција за редовноста на студентите на предавања и вежби како и за нивната активност. Завршниот испит по предметите се реализира усно. Се спроведуваше и изготвување на семинарски работи од страна на студентите и врз основа на квалитетот на изработената и одбранета (презентирана) семинарска работа се доделуваа соодветен број одови кои влијаеја на крајната оценка. На тој начин студентите беа постојано во мобилна ангажирана состојба.

**Структура**

На Економскиот факултет се вработени вкупно 18 наставници од кои: пет редовни професори, три вонредни професори и десет доценти, техничка секретарка, секретар на факултетот и економ.

Економскиот факултет е високообразовна единица при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

На Факултетот се формирани и дејствуваат следниве органи на управување и раководење:

– Наставно-научен совет,
– Деканатска управа,
– декан,
– катедри.

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет го сочинуваат наставниците во редовен работен однос кои вкупно се осумнаесет и еден претставник од студентите. Во наведениот период Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип разледуваше прашања од повеќе области на делувањето и функционирањето на факултетот, во најголем дел од наставното подрачје и обезбедување на потребните услови за непречено и квалитетно одвивање на наставата.

**Број на вработени - наставници, соработници, административен кадар**

| *Реден број* | *Презиме и име* | *Звање* | *Во редовен работен однос* | *Со договор за ангажирање* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мицески Трајко | редовен професор | да | / |
| 2 | Фотов Ристо | редовен професор | да | / |
| 3 | Темјановски Ристе | редовен професор | да | / |
| 4 | Николоски Круме | редовен професор | да | / |
| 5 | Софијанова Еленица | редовен професор | да | / |
| 6 | Ѓоргиева Трајковска Оливера | вонреден професор | да | / |
| 7 | Димитрова Јанка | вонреден професор | да | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Габер Стеван | вонреден професор | да | / |
| 9 | Давчев Љупчо | доцент | да | / |
| 10 | Груевски Илија | доцент | да | / |
| 11 | Јованов Тамара | доцент | да | / |
| 12 | Гогова Самоников Марија | доцент | да | / |
| 13 | Лазаров Дарко | доцент | да | / |
| 14 | Митева Кацарски Емилија | доцент | да | / |
| 15 | Колева Благица | доцент | да | / |
| 16 | Веселинова Елена | доцент | да | / |
| 17 | Пачешковски Влатко | доцент | да | / |
| 18 | Бежовски Златко | доцент | да | / |
| 19 | Андова Габриела | технички секретар | да | / |
| 20 | Ефтимов Игор | секретар | да | / |
| 21 | Талевски Антонио | советник за студентска архива | да | / |
| 22 | Марков Марјан | советник за студентска архива | да | / |

***Катедри***

**Катедра за економија – раководител доц. д-р Дарко Лазаров**

Катедрата за економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во состав: доц. д-р Дарко Лазаров, доц. д-р Емилија Митева Кацарски, проф. д-р Ристе Темјановски и проф. д-р Круме Николовски во текот на 2017 година имаше исклучително плодна работа. Имено, во рамките на можноста за гостување на стручни лица од бизнисот и институциите беа организирани неколку предавања со реномирани гости-предавачи. Во рамките на предметот Макроекономија на кампусот во Штип гостин-предавач беше вицегувернерката на НБРМ д-р Анита Бежовска-Ангеловска. Исто така, во септември беше одржана трибина во Штип за перспективите на РМ со интензивирање на евроатлантските перспективи каде што Економски факултет беше како коорганизатор.

Дополнително, Катедрата за економија во моментот работи на организирање на обука од обласа на економетријата која ќе се одржи во декември годинава каде што главен гостин предавач ќе биде професор од Универзитетот Јауме – Шпанија.

Во рамките на научниот проект финанисиран од Univeриztетот „Гоце Делчев”, неколку члена на Катедрата за економија имаа успешни настапи на силни меѓународни конференции во странство, каде што презентираа дел од своите истражувања добиени од проектот. Дополнително, повеќе членови на Катедрата учествуваа на други домашни и меѓународни конференции презентирајќи ги своите трудови и истражувања. Исто така, професорите од Катедрата за економија годинава беа дел од научни проекти и објавија научни трудови во реномирани списанија.

Во програмата за работа на Катедрата за економија за следната 2018 година се предвидени повеќе активности кои се однесуваат на апликација на домашни и меѓународни проекти, гостувања на предавачи во текот на реализација на предавањата и учество на меѓународни конференции.

**Катедра за сметководство и ревизија – раководител проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска**

За Катедрата за сметководство и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, во чиј состав се: проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, проф. д-р Јанка Димитрова и доц. д-р Благица Колева, изминатата 2018 година претставуваше период на активна наставна, научноистражувачка и апликативна дејност.

Во рамки на научноистражувачкиот проект „Влијание на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во Република Македонија”, финанисиран од Univeриztетот „Гоце Делчев”, членовите на Катедрата во соработка со професори од останатите катедри изготвија и објавија неколку научни трудови во реномирани меѓународни списанија, од кои дел беа и презентирани на истакнати меѓународни конференции.

Подготвена е апликација за нов научноистражувачки проект со наслов „Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи, преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите” и истата е доставена за одобрување за финансирање од фондот за научноистражувачка работа на Универизитетот „Гоце Делчев”.

На иницијатива на Катедрата за сметководство и ревизија, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип доби акредитација од Националниот комитет Интернационална стопанска комора (ИЦЦ НК) на Република Македонија за изведување на предавања во делот на КПУ (Континуирано професионално усовршување) за сметководители и овластени сметководители. Активностите по оваа основа би се изведувале во последниот триместар од 2018 година, што ќе претставува одлична можност за афирмација на Факултетот и Универзитетот, како и давање достоен придонес во делот на професионалното усовршување на смеководствените работници во државата. Во програмата за работа на Катедрата за сметководство и ревизија за учебната 2018/2019 година се предвидени повеќе активности, кои се однесуваат на: подготовка на апликации за стручно-апликативни проекти, преку активна соработка со

бизнис секторот во државата (програмата ИПА, програмата ЕРАЗМУС+ и др. донатор), интензивирање на соработката со професионалните сметководствени и ревизорски институции и асоцијации во земјава, збогатување на предавањата со присуство на предавачи од сметководствената и ревизорска професија, учество на национални и меѓународни конференции, симпозиуми и сл.

**Катедра за финансии - раководител доц. д-р Марија Гогова-Самоников**

Катедрата за финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, во состав: доц. д-р Марија Гогова-Самоников (раководител), проф. д-р Ристо Фотов, доц. д-р Стеван Габер, доц. д-р Илија Груевски и доц. д-р Љупчо Давчев, во изминатата 2018 година реализира активна наставна, научноистражувачка и апликативна дејност.

Професорите од Катедрата за финансии во текот на 2018 година учествуваа на семинари, конференции, работилници. Дел од нив во наставата вклучија и експерти од земјава и од странство кои значајно го зголемуваат квалитетот на процесот на предавања.

Членовите на Катедрата за финансии во рамки на научноистражувачки проекти финансирани од Универзитетот „Гоце Делчев", заедно во соработка со професори од останатите катедри, изработија и објавија неколку научни трудови во реномирани меѓународни списанија, од кои дел беа презентирани и на истакнати меѓународни конференции. Некои од членовите објавија и самостојни трудови и трудови со професори од странски универзитети во списанија кои се индексирани и високо рангирани за областа од економијата.

Во програмата за работа на Катедрата за финансии за следната 2019 година се предвидени повеќе активности, кои се однесуваат на: подготовки за апликација на нови научноистражувачки проекти, интензивирање на соработката со професионалните финансиски институции во земјава, интензивирање на соработката со стручни кадри од финансиски институции во земјава, збогатување на предавањата со присуство на предавачи од наведената професија, учество на национални и меѓународни конференции, симпозиуми и сл.

**Катедра за менаџмент – раководител доц. д-р Елена Веселинова**

Катедрата за менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во состав: проф. д-р Трајко Мицески, проф. д-р Еленица Софијанова, доц. д-р Елена Веселинова, доц. д-р Тамара Јованов-Апасиева и доц. д-р Златко Бежовски во текот на 2018 година имаше исклучително плодна образовна и научноистражувачка работа. Годинава студенти на оваа насока се запишаа, како во Штип, така и на кампусот во Струмица.

Професорите од Катедрата во наставната литература за студентите вклучија практични материјали кои ќе им помогнат да ги совладаат различните наставни дисциплини од областа на менаџментот. Истата

библиографска структура на програмите ќе им претставува основа и помош во понатамошните усовршувања и стекнување знаење за во пракса, кои би претставувале значајна предност при влегувањето на пазарот на трудот.

Професорите од Катедрата за менаџмент во текот на 2018 година учествуваа на семинари, конференции, работилници. Дел од нив во наставата вклучија и експерти од земјава и од странство кои значајно го зголемуваат квалитетот на процесот на предавања. Беа реализирани предавања од визитинг професори од Европа во рамките на програмите Еразмус, како и во рамките на меѓусебните договори за соработка со соодветните државни универзитети и професионални асоцијации од претходно споменатите земји, иницирани пред сè од страна на Економскиот факулет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

Тимот од четири студенти под раководсво на раководителот на Катедрата, доц. д-р Елена Веселинова, успеа да се рангира на петто место (од предвидените топ пет места) од вкупно четириесетте учесници на Rotman European Trading Competition – натпревар за тргување на берзи. На натпреварот учествуваа четири студенти, а се натпреваруваа со материјал од областа на портфолио менаџмент.

Членовите на Катедрата за менаџмент во рамки на научноистражувачки проекти, финансирани од Универизтетот „Гоце Делчев”, заедно во соработка со професори од останатите катедри, изработија и објавија неколку научни трудови во реномирани меѓународни списанија, од кои дел беа и презентирани на истакнати меѓународни конференции. Членовите на Катедрата се реализираа и со трудови во индексирани списанија, но и со книги објавени во базата на SCOPUS.

Во програмата за работа на Катедрата за менаџмент за следната 2019 година се предвидени повеќе активности кои се однесуваат на: подготовки за апликација на нови научноистражувачки проекти, интензивирање на соработката со стипанските субјеки во земјава, интензивирање на соработката со стручни кадри од стопанството и стопанските асоцијации во земјава, збогатување на предавањата со присуство на предавачи од наведената професија, учество на национални и меѓународни конференции, симпозиуми и сл.

**Постигнатите резултати на студентите по одделните сесии на единицата се прикажани во табеларен приказ на резултати и среден успех од испитите по одделни предмети според сесиите во изминатата година**

***Техничка опременост***

Од техничките помагала за реализирање на наставата на Економскиот факултет треба да се наведе дека во четири поголеми предавални има фиксиран ЛЦД, како и во амфитеатарот во Струмица. Може да се каже дека ваквата опременост е скромна, особено ако се има предвид потребата од опременост на посебни компјутерски лаборатории каде што студентите ќе можат теоретските сознанија и практично да ги реализираат со што се овозможува поквалитетна настава (предавања и вежби), а со тоа

и постигнување на соодветно ниво на знаење. Се надеваме дека на овој план ќе се обезбеди поголема опременост со технички помагала и осовременување на наставата и можност за стекнување соодветни знаења кај студентите.

Покрај тоа, со активностите кои се преземени на планот на обезбедување достапност на интернет во добар дел ќе се подобрат техничките можности и услови за студентите, соработниците и наставниците во одвивањето на наставниот процес.

***Просторни услови***

Економскиот факултет во Штип дејноста ја врши во задоволителни просторни услови. Поседува две предавални со по 120 седишта. Две предавални со по 90 седишта, една предавална со вкупно 60 седишта и 3 предавални со по 45 седишта.

За наставата на дисперзираната паралелка во Струмица е изграден соодветен опремен простор.

Со оглед на малиот број студенти задоволува соодветниот простор и опрема во Скопје.

Покрај просториите наменети за реализирање на наставата, има соодветен број на кабинети за професори, соработници и административни работници.

***Научноистражувачка работа (проекти)***

Во периодот од 2014 година, континуирано наваму, на Економскиот факултет се во тек научн-истражувачките проекти. Изведувањето на овие проекти во кои е вклучен целиот професорски кадар се одвиваше според зацртаните планови и се очекува во текот и на наредната години да се реализираат и други нови проекти.

***Активност на Наставно-научниот совет на Економски факултет - Штип***

**Активност на Наставно-научниот совет при Економски факултет - Штип**

Во периодот од октомври 2017 година до септември 2018 година на Економскиот факултет се одржаа 17 (146-162) седници на Наставно-научниот совет на Економски факултет со кои се регулираат одделни односи во секојдневното функционирање на наставно-научната дејност на Економскиот факултет. Беа одржани следниве седници и донесени следниве одлуки:

**146. седница на ННС**

- Усвојување на записникот од 145. седница на ННС на Економски факултет.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Лидерот како пример на однесување и фактор за подобрување на организациската култура“ од кандидатот Љупка Николовска.

- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Примената на менаџмент информациските системи во областа на недвижности и развој на руралната средина во југоисточниот – микро регион на Р Македонија“ од кандидатот Емилија Цонкиновска.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Препознавање и управување со конфликти во претпријатието“ од кандидатот Драгана Давчева.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Човечкиот капитал како клучен стратегиски и производствен фактор за подобрување на перформансите на компаниите и за зголемување на економскиот раст“ од кандидатот Владимир Парлеев.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Препознавање и управување со стресот во работните средини“ од кандидатот Сузана Илиева.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Мотивирање на вработените и нивно задржување на работните места“ од кандидатот Ивана Левкова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Преферирање на харизматично лидерство во современи услови на менаџирање“ на кандидатот Билјана Тодосиева.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Профитабилноста на македонските банки во време на глобалната финансиска и должничка криза“ на кандидатот Тања Арсова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Користење на маркетинг интелигенција при маркетинг истражување“ на кандидатот Адријана Постолова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Европскиот регионален развоен фонд како кохезивен фактор“ на кандидатот Силвана Гавриловска.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Анализа на обемот на работа во функција на регрутирање и селекција на човечките ресурси во организацијата“ на кандидатот Благица Наковска.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатот Анита Салтировска.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатот Дејан Салтировски.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатот Кирил Петрушевски.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатот Валентина Филипова.
- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Кристина Анчевска.
- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Стефан Василев.

- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Мартина Нехтенин.
- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Јелена Иванов.
- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Здравка Стојановска.
- Одлука за усвојување на извештај и закажување на дата за одбрана на магистерски труд од кандидатот Станка Коцева.
- Одлука за усвојување на рецензија на учебник со наслов „Интерна ревизија“ од д-р Јанка Димитрова објавена во Билтен.
- Одлука за усвојување на рецензија на учебник со наслов „Државна ревизија“ од д-р Јанка Димитрова објавена во Билтен.
- Одлука за давање на согласност за проф. д-р Трајко Мицески за изведување на настава на Институтот за тутун во Прилеп.
- Одлука за формирање на комисија за прием и обработка на документи за втор циклус студии.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за рецензија на учебник со наслов „Маркетинг: модели на интегрирана комуникација“ од д-р Тамара Јованов.
- Одлука за формирање на Рецензентска комисија за оценка на монографија со наслов „Општинските обврзници како алтернативен извор на финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“ од д-р Ристо Фотов, д-р Марија Гогова Самоников, д-р Елена Веселинова и д-р Илија Груевски.
- Одлука за уредувачки и организационен одбор на меѓународно списание на Економски факултет.
- Барања од студенти.

**147. седница на ННС**

- Одлуки за прием на кандидати на втор циклус студии 2017/2018.

**148. седница на ННС**

- Усвојување на записниците од 146. и 147. седница на ННС на Економски факултет.
- Одлука за утврдување на кандидати пријавени на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно научната област фискална економија.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за изработка на реферат за избор на еден наставник во сите звања за наставно научната област фискална економија.
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Економски факултет.
- Одлука за предлог на кандидати за проректор за наука на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со

наслов „Управување со човечките ресурси во банкарскиот сектор“ од кандидатот Горан Ристов.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Согледување на промените, креирање на предуслови и имплементирање на позитивни промени во организации со фокус на здравствената дејност“ од кандидатот Даниела Папарова.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Креирање на стратегија за правилно наградување на вработените во организацијата“ од кандидатот Маја Пушкарова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Финансирање на здравствениот систем во Р Македонија“ на кандидатот Бојана Гигова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Хартиите од вредност како извор на капитал на деловните субјекти“ на кандидатот Златка Ефремова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Унапредување на управувањето со човечките ресурси во јавните претпријатија“ на кандидатот Никола Мицевски.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Благица Накова.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Дејан Салтировски.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Силвана Гавриловска.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Тања Арсова.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Билјана Тодосиева.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд од кандидатот Љупка Ташевска.
- Одлука за отсуство заради учество на конференција од д-р Дарко Лазаров.
- Одлука за отсуство заради учество на конференција од д-р Благица Колева и д-р Оливера Ѓоргиева Трајковска.
- Барања од студенти.

**149. седница на ННС**
- Одлука за усвојување на рецензија на скрипта објавена во Билтен од 1.12.2017 од д-р Благица Колева.
- Одлука за усвојување на рецензија на скрипта и практикум објавена во Билтен од 1.12.2017 од д-р Тамара Јованов.
- Одлука за усвојување на рецензија на приложениот ракопис со наслов „Општинските обврзници како алтернативен начин на финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој, со посебен осврт на Општина Штип“ – монографија од авторите д-р Ристо Фотов, д-р Марија Гогова Самоников, д-р Елена Веселинова и д-р Илија Груевски објавена во Билтен од 1.12.2017 г.

**150. седница на ННС**

- Усвојување на записниците од 148. и 149. седница на ННС на Економски факултет.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Пазар на акции и дивиденда политика на компаниите во Република Македонија“ од кандидатот Надица Петреска.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Ефикасно управување со трошоците во функција на успешно работење на претпријатијата“ од кандидатот Верица Маркова.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Оф-шор пазари и оф-шор финансиски центри – регулација, примамливост, ризици и одговорност“ од кандидатот Марјана Џорлева.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Трендови на движење на хепатит Ц, негов третман (лекување) и економските ефекти и консеквенции, со посебен осврт во Република Македонија“ од кандидатот Евгенија Николовска.
- Одлука за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд со наслов „Управување со стресот кај здравствените работници во насока на одржување и подигнување на задоволството кај пациентите“ од кандидатот Гордана Панова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Мотивирање на вработените и нивно здружување на работните места“ на кандидатот Ивана Левкова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Извештај за готовински текови – значење подготовка и анализа“ на кандидатот Катерина Димитровска.
- Одлука за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд со наслов „Правилното контролирање на работните активности на човечките ресурси како фактор за успешно работење“ од кандидатот Стојан Тодоров.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Златка Ефремова.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Валентина Филипова.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Андријана Постолова.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Анита Салтировска.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Кирил Петрушевски.
- Одлука за усвојување извештај за одбрана на магистерски труд и закажување датум за Никола Мицевски.
- Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област фискална економија.

- Одлука за одобрување на барање за проект, носител проф. д-р Оливера Трајковска Ѓоргиева.
- Одлука за одобрување на барање за проект, носител проф. д-р Ристе Темјановски.
- Одлука за отсуство од д-р Љупчо Давчев и д-р Тамара Јованов.
- Барања од студенти.

**151. седница на ННС**

- Одлука за усвојување на рецензија и закажување на датум за одбрана на магистерски труд од кандидатот Катерина Димитровска.

**152 . седница на ННС**

- Усвојување на записниците од 150. и 151. седница на ННС на Економски факултет.
- Одлука за прифаќање на табелата за ФРВ за 2018 година за наставничкиот кадар на Економски факултет.
- Одлука за број на студенти кој ќе бидат запишани на прв циклус студии на Економски факултет.
- Одлука за број на студенти кој ќе бидат запишани на втор циклус студии на Економски факултет.
- Одлука за упис на студенти пријавени на конкурс втор циклус студии.
- Одлука за листа на членови на ННС за летен семестар.
- Одлука за ангажираност на професорите за 2018/2019 година на прв циклус студии на Економски факултет.
- Одлука за прифаќање на тема за магистерски труд со наслов „Импактот на обуките врз мотивираноста на вработените и квалитетот на работата“ од кандидатот Илија Јанев.
- Одлука за потврдување на веродостојноста на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) на наставниците на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2017 година.
- Одлука за определување на бројот на студенти кои ќе се запишуваат на прв циклус студии на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за академската 2018/2019 година.
- Одлука за утврдување потреба за распишување на конкурс за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент од областа современ танц на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за утврдување на бројот и составот на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за летен семестар на учебната 2017/2018 година.

**24. седница на ННУС, одржана на 18.4.2018 год.**
- Усвојување на записникот од одржаната 23. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија од 22.2.2018 година.
- Одлука за утврдување на пријавените кандидати по објавен конкурс за избор на 1 (еден) наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

- Одлука за формирање на рецензентска комисија за издавање на скрипта на тема „Драмата и нејзините медиуми“ од авторот нас. доцент Деан Дамјановски.
- Одлука за организирање на дневни и вечерни работилници ТАНЦ ФЕСТ 2018-Share за периодот од 19 до 21 април, во организација на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**25. седница на ННУС, одржана на 3.5.2018 год.**

- Усвојување на записникот од одржаната 24. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија од 18.4.2018 година.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување и поднесување на писмен реферат за пријавениот кандидат по Конкурсот објавен на 12 март 2018 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор на 1 (еден) наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за финансирање на студентски дипломски филмови на студентите од Катедрата за филмска и ТВ режија на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за обезбедување на финансиска помош за патни трошоци за учество на танцовиот фестивал „Battery Dance Festival“ во Њујорк на студентите од Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за избор на секретар на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**26. седница на ННУС, одржана на 23.5.2018 год.**

- Усвојување на записникот од одржаната 25. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија од 3.5.2018 година.
- Одлука за усвојување на рецензијата за издавање на скрипта под наслов „Драмата и нејзините медиуми“ од авторот нас. доц. д-р Деан Дамјановски.
- Одлука за преземање на обврски по наставни предмети од проф. д-р Антонио Митриќески на проф. м-р Ангеле Михајловски.
- Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на нови студенти во I (прва) година на I (прв) циклус универзитетски (академски) студии во учебната 2018/2019 година на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за формирање на комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во I (прва) година на I (прв) циклус универзитетски (академски) студии во учебната 2018/2019 на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Одлука за формирање на комисии за изведување на наставата и спроведувањето на испитите и другите наставни активности во летниот семестар на учебната 2017/2018 година за наставните предмети за кои се ангажирани стручњаци од пракса на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за именување на ментори за реализација на практична настава за студентите.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Ристо Алчинов.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Зоран Тевдовски.
- Одлука за усвојување на табеларниот преглед за покриеност на наставата на I (прв) циклус студии на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во зимски и летен семестар на учебната 2018/2019 година.

**27. седница на ННУС, одржана на 14.6.2018 год.**
- Усвојување на записникот од одржаната 26. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија од 23.5.2018 година.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Радован Петровиќ.
- Одлука за одобрување на службен превоз за учество во Инкубатор програмата за култура за периодот од 23 јуни до 2 јули на Катедрата за современ танц на Филмската академија.
- Одлука за исправка на техничка грешка на студиската програма Современ танц на Филмската академија.

**28. седница на ННУС, одржана на 23.8.2018 год.**
- Усвојување на записникот од одржаната 27. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија од 14.6.2018 година.
- Одлука за избор на м-р Матеа Киселичка за насловен доцент за наставно-научната област современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Александар Арсовски.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Ѓорѓи Лазов.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Димитар Јанкоски.

**29. седница на ННУС, одржана на 3.9.2018 год**
- Усвојување на записникот од одржаната 28. седница на Наставно-

научниот и уметнички совет на Филмската академија од 23.8.2018 година.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Сара Јазаџиска.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Николче Марковски.
- Одлука за верификација на пријава за изработка на дипломски труд на студентот Димитар Спиркоски.
- Одлука по Барање бр. 0801-2/7 од 30.8.2018 година за службено отсуство на доц. м-р Наташа Трбојевиќ во периодот од 25.9.2018 до 5.10.2018 год. поради реализирање на целовечерен концерт со дуото Митева - Трбојевиќ во „Gallery MC“ во Њујорк, САД.

**Техничка опременост**

| **Р.бр.** | **Вид на опрема** | **Количина** |
|---|---|---|
| 1. | проектор – предавална 1 | 1 |
| 2. | LCD телевизор - кабинет | 1 |
| 3. | Видеокамера Canon XH A1s | 1 |
| 4. | Видеокамера Sony DCR-SR32 | 1 |
| 5. | Видеокамера Sony DCR-SR32E | 1 |
| 6. | Сталка за камера Star 64 | 1 |
| 7. | Фотоапарат EOS 450D | 1 |

**Просторни услови**

Филмската академија располага со една предавална (предавална 1) со површина од 59 метри квадратни и канцелариски простор/лабораторија со површина од 31 метри квадратни и две канцеларии на Деканската управа со површина од 42,67 метри квадратни (деканска канцеларија од 11,40 метри квадратни и канцеларија на технички секретар од 31,27 метри квадратни). Вкупната површина на просторните услови со кои располага Филмската академија во просториите на Мултимедијалниот центар при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип изнесува 132,67 метри квадратни.

**Објавени трудови**

***Проф. м-р Ангеле Михајловск***
**Концертни активности:**
- 11. 2017 год. Солистички концерт во концертната сала на ФМУ Скопје;
- 29.11.2017 год. Концертна промоција на музичкиот албум „Рожба“ со музичкиот состав „Портал“, Музеј на македонска борба - Скопје;
- 7.12.2017 год. Концертна промоција на музичкиот албум „Рожба“ со

музичкиот состав „Портал“ ДК „Мирка Гинова“ - Демир Капија;
- 19.5.2017 год. Концерт со музичкиот состав „Портал“ во рамките на поетската манифестација во Општина Илинден;
- 9.7.2018 год. Концерт со музичкиот состав „Портал“ во рамките на манифестацијата „Петровденски духовни конаци 2018“ во НУЦК „Бели мугри“ во Кочани.

***Доц. д-р Невенка Дуковска***
**Концерти**:
- Концерт на дуо „Грациозо“ во рамките на фестивалот „M`DIQ MOSAIQUE“ во Мароко, Африка, 27 април 2018 г. http://eprints.ugd.edu.mk/20029/
- Новогодишен концерт на дуо Грациозо - „Музичка разгледница“ во Мултимедијален центар УГД Штип, 26 декември 2017 г. http://eprints.ugd.edu.mk/19679/
- Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика), 25 декември 2017 г. http://eprints.ugd.edu.mk/19437/
- Концерт на современа македонска музика - Трио Grazioso во Кавадарци, 19 октомври 2017 г. http://eprints.ugd.edu.mk/18446/

**Објавени трудови**:
- Интегрирањето на современи музички дела во едукативниот и методолошки процес за развој на техниката на пијанистот, 2018 г. http://eprints.ugd.edu.mk/19677/

**Гостување во културно-уметнички програми:**
- Гостување на д-р Невенка Дуковска во емисија за културата „Вековни ноти“ на ТВ Ирис – Штип, 25 февруари 2018 г. http://eprints.ugd.edu.mk/19678/
- Гостување на дуо „Грациозо“, д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија во ТВ Сител, 2 јуни 2017 г. http://eprints.ugd.edu.mk/17882/

***Доц. д-р Наташа Трбојевиќ***
**Меѓународни активности:**
- 29.9.2018 год. – Њујорк, САД: Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева „ Концерт за флејта и пијано од македонски композитори “ во Gallery MC
- 16.6.2018 год. – Касел, Р.Германија: Целовечерен концерт „Aime-moi“ на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева, Наташа Пандазиева и Ана Палупски во Bucherei-kirchditmold 8.11.2017 год. – Печ, Р. Унгарија: Целовечерен концерт на Трио академико (Наташа Трбојевиќ, Златка Митева и Бранко Павловски) во концертната сала на Музичката академија „Франц Лист“.

**Домашни активности:**

- 5.7.2018 год. – Кочани: Свечено отворање на Петровденски конаци: Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева „Вечер на македонски автори" во Центарот за култура „Бели мугри":
- 3.7.2018 год. - Уметничка соработка на пијано на Целовечерен концерт „Дипломски испит на Гаврил Галевски" од класата по кларинет во концертната сала на Музичката академија во Штип;
- 29.5.2018 год. – Концертен настап на студентите: Милена Маноилова и Стефанија Тегова во класата на доц. м-р Наташа Трбојевиќ на Годишна изложба на Ликовната академија, насоката Архитектура и дизајн и Технолошко-техничкиот факултет во Уметничката галерија „Безистен" во Штип;
- 12.5.2018 год. – Концертен настап на Наташа Трбојевиќ со трио „Академико" на манифестацијата „Ден на Европа" - во организација на Унгарската амбасада на плоштадот „Слобода" во Штип;
- 4.4.2018 год. – Концертен настап на студентите: Милена Маноилова и Стефанија Тегова од класата на доц. м-р Наташа Трбојевиќ на „Јазикот и неговата комуникациска моќ" во организација на Филолошкиот факултет при УГД - Штип во салата на Економскиот факултет;
- 25.12.2017 год. - Концертен настап, уметничка соработка на пијано со студентите Даниел Горгиевски и Томе Василев од класата по кларинет на „Новогодишен концерт на Катедрата за дувачки инструменти" во концертната сала на Музичката академија во Штип;
- 25.12.2017 год. – Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Васко Ристов во Крива Паланка.

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**

| **Р.бр** | **Име и презиме** | **Звање** | **Област** | **Избор/реизбор** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | М-р Матеа Киселичка | насловен доцент | современ танц | избор |

## ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА

**Вовед**

Ликовната академија е основана со Закон за дополнување на Законот за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (објавен во „Сл. весник на РМ“, број 70 од 16.5.2013 година), како високообразовна јавна установа во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Седиштето на Ликовната академија е во Штип, на улица „Крсте Мисирков“ бр.10-А во Штип.

Ликовната академија е заведена во Регистарот на високообразовните установи под реден број 50.

На Ликовната академија како наставно-научна единица на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се организираат и изведуваат универзитетски (академски) студии од I (прв) циклус студии на студиските програми Класично сликарство и Вајарство.

Наставата од првиот циклус студии се реализира во Штип.

Ликовната академија како нова наставно-научна единица на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип започна со работа во учебната 2014/2015 година со запишување на студенти во I (прва) студиска година на студиската програма Класично сликарство.

Ликовната академија од учебната 2014/2015 година ја има преземено и студиската програма Класично сликарство која се остваруваше на Музичката академија сметано од учебната 2012/2013 година. Затечените студенти на студиската програма Класично сликарство од Музичката академија преминаа на новоформираната Ликовна академија.

Студентите на Академијата имаат обезбедено бесплатен пристап до универзитетските изданија на: книги, скрипти и учебни помагала публикувани од наставниот кадар на Академијата на е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Е-библиотеката е достапна за сите корисници во системот на УГД на линкот http://e-biblioteka.ugd.edu.mk. Во извештајниот период на учебната 2015/2016 година на I (прв) циклус на студии беа запишани вкупно 10 студенти.

**Декан - избор на декан**

Во извештајниот период раководната функција декан на Ликовната академија ја извршуваше проф. д-р Катерина Деспот. Во периодот од мај 2015 година заклучно до 30 август 2015 година, таа ја извршуваше функцијата в.д. декан на Ликовната академија.

Од 1.9.2015 година проф. д-р Катерина Деспот е избрана на функцијата декан на Ликовната академија.

**Структура**
**Број на вработени - наставници, соработници, административен кадар**

| Реден број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Катерина Деспот | вонреден професор | да | |
| 2. | Проф. д-р Петар Намичев | вонреден професор | да | |
| 3. | Проф. д-р Васка Сандева | вонреден професор | да | |
| 4. | Доц. м-р Јордан Ефремов | доцент | да | |
| 5. | Доц. м-р Ванѓа Димитриева | доцент | да | |
| 6. | Доц. м-р Јана Јакимовска | вонреден професор | да | |
| 7. | Доц. м-р Слободан Милошевски | доцент | да | |
| 8. | Доц. м-р Игор Егоров | насловен доцент | | да |
| 9. | Доц. м-р Викторија Егорова | насловен доцент | | да |
| 10. | Проф. Лариса Бондаренко | стручњак од пракса | | да |
| 11. | Проф. Виталиј Бондаренко | стручњак од пракса | | да |
| 12. | Проф. Володимир Недајброш | стручњак од пракса | | да |
| 13. | Ванчо Павлов | секретар до март | пензија | |
| 14. | Доц. д-р Снежана Бардарова | технички секретар и секретар од 21.5.2018 г. | да | |
| 15. | Милена Цацкова | референт за студентски прашања | да | |

**Катедри во состав на Академијата**

На Ликовната академија во извештајниот период не се формирани катедри. Во иднина се планира формирање на катедри по класично сликарство и вајарство за прв циклус студии.

**Извештај од одржаните седници на Наставно-научниот и уметнички совет на Академијата**

***37. седница на ННУС, одржана на* 13.11.2017 *год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 36. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовната академија од 5.9.2017 година.
- Донесување на Одлука за избор на доц. м-р Јана Јакимовска во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област сликање и сликарски техники на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на деканот на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2016/2017 година.
- Донесување на Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Применета уметност и дизајн - модул Дизајн на ентериер и мебел на I (прв) циклус студии на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Донесување на Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Применета уметност и дизајн - модул Пејзажен дизајн на I (прв) циклус студии на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***38. седница на ННУС, одржана на* 6.12.2017 *год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 37. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовната академија од 13.11.2017 година.
- Донесување на Предлог-одлука за избор на проректор за наука на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***39. седница на ННУС, одржана на* 27.12.2017 *год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 38. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовната академија од 6.12.2017 година.
- Донесување на Одлука за верификација на Пријава бр. 1005-18/1 од 7.12.2017 година за изработка на дипломски труд на студентот Сара Петров.

***40. седница на ННУС, одржана на 5.2.2018 год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 39. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовната академија од 27.12.2017 година.
- Донесување на Одлука за изменување на Одлуката со број 2402-70/5 од 5.9.2017 година за покриеност на наставата на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во зимски и летен семестар за I (прв) циклус студии во учебната 2017/2018 година.

- Донесување на Одлука за определување на универзитетски изборни предмети и предметни наставници на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Донесување на Одлука за одобрување на двонеделни активности на Ликовната академија и Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во Скопје.
- Донесување на Одлука за усвојување на Барањето за изработка на проект под наслов „Создавање на систем за специфични положби на седење во симфониски оркестар“.
- Донесување на Одлука за потврдување на веродостојноста на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) на наставниците на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2017 година.
- Донесување на Одлука за преземање на обврски по наставни предмети од доц. м-р Слободан Милошевски.

***41. седница на ННУС, одржана на 21.2.2018 год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 40. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовната академија од 5.2.2018 година.
- Донесување на Одлука за определување на бројот на студенти кои ќе се запишуваат на прв циклус студии на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за академската 2018/2019 година.
- Донесување Одлука за утврдување на бројот и составот на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за летниот семестар на учебната 2017/2018 година.
- Донесување Одлука за преземање на обврски по наставниот предмет Информатика на студиската програма Класично сликарство 2016/2017, 2015/2016 и 2014/2015 заради електронско оценување.

***42. седница на ННУС одржана на 21.5.2018 год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 41. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија од 21.2.2018 година.
- Донесување Одлука за избор на ѕекретар на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Донесување Одлука за верификација на Пријава бр. 1005-18/2 од 24.4.2018 година за изработка на дипломски труд на студентот Кристина Амповска.
- Донесување Одлука за покриеност на наставата на Ликовната академија при Универзитетот„Гоце Делчев“ во Штип во зимскиот и летен семестар на учебната 2018/2019 година.
- Донесување Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на нови студенти во I (прва) година на I (прв) циклус универзитетски (академски) студии во учебната 2018/2019 година на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

- Донесување Одлука за формирање на комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во I (прва) година на I (прв) циклус универзитетски (академски) студии во учебната 2018/2019 на Ликовната академиија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Донесување Одлука за службено отсуство на доц. м-р Ванѓа Димитријева- Кузманоска во периодот од 2.7.2018 до 8.7.2018 г. поради учество на изложба со традиционални влашки носии на Балканскиот фестивал на народни песни и игри во Охрид, Р Македонија, организиран од НУЦК „Григор Прличев“.

***43. седница на ННУС одржана на* 26.6.2018 *год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 42. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија од 21.5.2018 година.
- Донесување Одлука за службено отсуство на доц. м-р Ванѓа Димитријева- Кузманоска во периодот од 6.8.2018 год. до 23.8.2018 год. поради учество со изложба на традиционални влашки носии, која ќе се одржи во Галеријата „Никола Мартиновски” во Крушево, во рамките на националниот проект „Десет дена Крушевска Република”, организирана од Општина Крушево.

***44. седница на ННУС одржана на* 3.9.2018 *год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 43. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија од 26.6.2018 година.
- Донесување Одлука за верификација на Пријава бр. 1005-18/6 од 30.8.2018 година за изработка на дипломски труд на студентот Јована Велинова.
- Донесување Одлука за распишување на конкурс за избор на двајца насловни вонредни професори на Ликовна академија.
- Донесување Одлука по Барање бр. 0801-2/3 од 31.8.2018 година за службено отсуство на проф. м-р Јана Јакимовска во периодот од 14.9.2018 год. до 20.9.2018 год. поради учество на ликовен симпозиум Art Kolonija Paradiso на островот Раб во Хрватска.

***45. седница на ННУС одржана на 24.9.2018 год.***

- Усвојување на записникот од одржаната 44. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија од 3.9.2018 година.
- Донесување Одлука по Барање за одобрување на отсуство бр.0801-2/4 од 21. 9.2018 од доц. м-р Ванѓа Димитријева-Кузмановска за периодот од 25.9.2018 год. до 30.9.2018 год. поради учество со изложба на традиционални влашки носии, која ќе се одржи во НУЦК „Григор Прличев” – Охрид.

- Донесување Одлука за распишување на Конкурс за избор на 1 демонстратор на Ликовна академија.
- Донесување Одлука за измена на Одлука бр.2402-58/5 од 21.5.2018 година за усвојување на табеларниот преглед за покриеност на наставата на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во зимскиот и летниот семестар на учебната 2018/2019 година.
- Донесување Одлука за утврдување на составот на членовите на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија за зимскиот семестар во учебната 2018/2019 година.
- Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен конкурс од 10 септември 2018 во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на 2 наставници во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област сликање и сликарски техники.

**Техничка опременост**

**Опременост на атељеата на Академијата - Класично сликарство**

| **Р.бр.** | **Вид на опрема** | **Количина** |
|---|---|---|
| 1. | штафелаи | 16 |
| 2 | клупи за цртање | 4 |
| 3. | маси за цртање | 7 |
| 4. | рефлектори | 2 |
| 5. | табли (зелена и бела) | 2 |
| 6. | столчиња | 15 |

**Опременост на атељето на насоката Вајарство (Библиотека)**

| **Р.бр.** | **Вид на опрема** | **Количина** |
|---|---|---|
| 1. | штафелаи за вајарство | 5 |
| 2. | штафелаи за сликарство | 3 |
| 3. | клупи за цртање | 4 |
| 4. | гипсени модели | 6 |
| 5. | пластично буре | 1 |

**Просторни услови**

**Просторни услови на насоката Класично сликарство**

Ликовната академија во просториите на Факултетот за образовни науки располага со вкупна површина од 348.50 метри квадратни, во која се

сместени три ателјеа (предавални), ателје од 117 метри квадратни, ателје (канцеларија) од 55 метри квадратни и аталје (предавална 5) од 117 метри квадратни. Ликовната академија располага и со три канцеларии, од кои две се на Деканатска управа кои изнесуваат 25,6 метри квадратни (деканската канцеларија е 15,3 метри квадратни и канцеларијата на техничкиот секретар е 10,3 метри квадратни). Третата канцеларија е наменета за професорите од Русија со 15 метри квадратни. Останатиот простор е во ходник од 9,9 метри квадратни и кујна од 8,10 метри квадратни. Во иднина е планирано реновирање на овој простор. Ликовната академија располага со свое аталје и во просториите на Универзитетската библиотека, каде што е сместена насоката Вајарство.

**Просторни услови на насоката Вајарство**

Ликовната академија т.е. насоката Вајарство во извештајниот период е формирана и е отстапен нов простор во просториите на Универзитетската библиотека, со вкупна површина од 140 метри квадратни, од кои 130 метри квадратни метри се во голема просторија за вајање и цртање и посебна просторија од 10 метри квадратни за вајарски техники.

**Објавени трудови од вработените на Академијата**

***Проф. д-р Катерина Деспот***

Одбрана на постдокторат на тема „Уметнички принципи на паркова уметност како фактор за уредување на улиците во градовите на Република Македонија”.

**Објавен научен или стручен труд во меѓународно списание без импакт фактор**

- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, Zlatev, Zlatin, (2018) Education influence of artistic elements and principles on the street network, International Conference on Virtual Learning ICVL 2018, Romania (in Press).
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Element of principles influencing the park composition, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 2, 2018, (in Press).
- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, (2018) Influence of park art on the development of modern park composition, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 2, 2018, pp.105-117.
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Ecological and aesthetic parameters of the park art as a factor for street landscaping in the cities, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 3, 2018, pp.154-166.
- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, (2018) Contemporary interior with a strong eclectic trend, Faculty of Natural and Technical Sciences, (in Press).
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Despot. K., Sandeva V,

Bidermaer style in contemporary interior accent, Faculty of Natural and Technical Sciences, (in Press).

**Самостојни изложби**

- Despot, Katerina and Sandeva, Vaska (2018) “Not - defined urbanism”. [Show/Exhibition].

**Учество на изложба**

- Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Dzingo, Aleksandar (2018) “Landscape considerations”. [Show/Exhibition].

***Проф. д-р Васка Сандева***

Одбрана на постдокторат на тема „Влијанието на парковата уметност врз развојот на модерната паркова композиција”.

**Објавен научен или стручен труд во меѓународно списание без импакт фактор**

- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, Zlatev, Zlatin, (2018) Education influence of artistic elements and principles on the street network, International Conference on Virtual Learning ICVL 2018, Romania (in Press).
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Element of principles influencing the park composition, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 2, 2018, (in Press).
- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, (2018) Influence of park art on the development of modern park composition, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 2, 2018, pp.105-117.
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Ecological and aesthetic parameters of the park art as a factor for street landscaping in the cities, Innovation and entrepreneurship, ISSN 1314-9253, Vol. 6, No. 3, 2018, pp.154-166.
- Sandeva, Vaska, Despot, Katerina, (2018) Contemporary interior with a strong eclectic trend, Faculty of Natural and Technical Sciences, (in Press).
- Despot, Katerina, Sandeva, Vaska, (2018) Despot, K., Sandeva V, Bidermaer style in contemporary interior accent, Faculty of Natural and Technical Sciences, (in Press).

**Самостојни изложби**

- Despot, Katerina and Sandeva, Vaska (2018) “Not - defined urbanism”. [Show/Exhibition].

**Учество на изложба**

- Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Dzingo, Aleksandar (2018) “Landscape considerations”. [Show/Exhibition].

***Проф. д-р Петар Намичев***
**Монографија**

- Namicev, Petar and Namiceva, Ekaterina (2018) The traditional architecture near Skopje- Skopska Crna Gora from XIXth an the early XXth century. Project Report. Petar Namicev, Skopje, Republic of Macedonia.

**Трудови**

- Namicev, Petar and Namiceva, Ekaterina (2018) The Balcony Loggia - a Vital Spatial Element of the 19th Century House in Shtip.Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 3 (5). pp. 207-220. ISSN 2545-3998.
- Namicev, Petar (2017) Bedestens from Ottoman period: factors of influence implemented in contemporary city concept. JPMNT, 5 (1). pp. 7-13. ISSN 2334-7449.
- Namicev, Petar and Namiceva, Ekaterina (2017) Characteristics of the traditional town house in the 19th century: The bey house in Kumanovo. Patrimonium.MK - Periodical for Cultural Heritage - Monuments, Restoration, Museums, 10 (15). pp. 352-366. ISSN 1857-9612.
- Namicev, Petar and Namiceva, Ekaterina (2017) Construction characteristics of the traditional city house from 19th century in Shtip. Natural resources and technologies, 11 (11). pp. 139-145. ISSN 185-6966.
- Namicev, Petar (2017) Hans of the Ottoman period: An analysis of the spatial concept in function of a modern tourist purpose. Journal of Process Management - New Technologies, International, 5 (4). pp. 80-88. ISSN 2334-735X.

**Учество на конференција**

- Namicev, Petar (2017) The role of the monuments from cultural heritage as a part of the turist offer: development of methodology. In: International scientific conference “Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.

***Проф. м-р Јана Јакимовска***
***<u>Самостојни изложби</u>***

*2018, мај,* Селекција од изложбата на плакати Текст, силна, текстилна, Социјален центар Дуња, Скопје.
*2017, декември,* Текст, силна, текстилна, изложба на плакати во рамки на настанот Текстилијада, КУЦ Текстил, Штип.

***Групни изложби и претставувања***
*Октомври 2018 г.,* Визија Скопје, инсталација од визир скици изработена со Ненад Ѓорѓиевски Тонкин, Плоштад Македонија, Бела ноќ 2018.
*Септември,* Еволуција на еден сон, изложба на принтови од муралите во куќата на Рузвелтова, Кинотека на Македонија.
Изложба на делата од ликовната колонија Макек Парадизо, Галерија Парадизо, Раб, Хрватска.

*Август,* Изложба на делата од ликовната колонија Скопје 2018, Хотел Арка, Скопје.
Фотокопирница на љубовта, Бош фестивал 10, Народен театар Гевгелија.
*Јули*, Фемина 8-IV, КИЦ Скопје.
*Мај,* Фотокопирница на љубовта, Скопје креатива, МКЦ Скопје.
Учество на изложба на плакати „Миграции“, фоаје на Правен факултет, УГД, Штип, Македонија.
*Март,* групна изложба Портали, КреАрт мрежа, Музеј на Град Скопје.
Фемиграции, Галерија Акантус, Скопје.
*Декември 2017 г.,* Учество на групна изложба 1101: Св. Климент низ современа уметничка призма, НУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје.
*Ноември,* Учество на групна изложба Censored, НУ Културна установа Ацо Шопов – Штип, Македонија.

***Симпозиуми, колонии и работилници***
*Септември 2018 г.,* учество на ликовна колонија Парадизо, Раб, Хрватска.
*Август,* учество на ликовна колонија Скопје 2018, Хотел Арка, Скопје.
*Јули,* ментор на ликовна работилница за деца „Никола Тесла и електричната енергија”, Матка – изложбен центар.
*Април,* ментор на работилница за плакат во рамки на настанот „Не е шега: дискриминација и цензура“, Музеј на Македонија, Скопје.
*Февруари,* учество на ликовна колонија SEE Refugee «Woman- A Refuge/e», хотел Романтик, Дојран.

***Семинари, трибини, панел дискусии***
*2018,* Учество на дискусија „Култура сега!“. Модератор: Александра Бубевска, учесници: Билјана Тануровска Ќулавковски, Јана Јакимовска, Јасмина Билаловиќ, Ѓорѓе Јовановиќ, Роберт Алаѓозовски. Дримон фестивал, Дом на културата, Струга.
Модератор на трибина „Цензура во уметноста и науката“, учесници: Атанас Ботев, Слободанка Стевчевска Владимир Јанчевски, Гоце Наумов, Никос Чаусидис, Љупчо Ристески, Олгица Кузмановска и Јана Јакимовска. Музеј на Македонија.

***Дизајн и илустрација***
*2018,* Дизајн на плакат за изложбата Миграции.
Дизајн на плакат за настанот „Не е шега: дискриминација и цензура“.
Насловна фотографија за Срамота! Вечер на раскажување квир приказни.

***<u>Награди и конкурси</u>***
*2017,* Награда во рамки на изложбата 1101: Св. Климент низ современа уметничка призма, НУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје.

***<u>Менторство на студентски проекти и учества</u>***
*Мај 2018 г.,* еден од менторите на годишната студентска изложба на Ликовна академија на УГД, Безистен, Штип.
Менторство на изложба на плакати „Миграции“ во соработка со Правен факултет на УГД, Фоаје на НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип, Македонија.
*Април,* Ментор на студентска изложба на плакати „Не е шега: дискриминација и цензура“, Музеј на Македонија, Скопје.
*Ноември 2017 г.,* менторство на изложба на плакати „Censored“ во соработка со Правен факултет на УГД, Фоаје на НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип, Македонија.

**Издадени текстови и литература**
*2018,* Коавтор (уредник) на публикацијата „Не е шега: дискриминација и цензура“, со Ана Никодиновска.
Промотор на публикацијата „Не е шега: дискриминација и цензура“, со Ана Никодиновска.

**Организациска активност**
*2018,* Еден од организаторите на мултимедијалниот настан „Не е шега: дискриминација и цензура“, во соработка помеѓу Музеј на Македонија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Ликовна академија, Музичка академија, Правен факултет) и Дебатно кино Контра кадар - Скопје: Изложба на студентски плакати, издавање на публикација, промоција на публикација, работилница за плакат, трибина на тема цензурата во уметноста, концерт, проекција на филм и дискусија.

***Доц. м-р Јордан Ефремов***
- 2018 – Македонски Брод, Дом на култура М. Брод, „Меморија за постанокот“ изложба поддржана како проект од Министерството за култура на Р Македонија, 3.1.2018 година.
- 2018 – Меѓународен проект – Меѓународни денови на културата на Власите – 31 август, 1 и 2 септември 2018 година. ЗЛАТНИОТ ИЗВОР НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ШТИП. International Days Of The Vlachs, 31 AUGUST 1 AND 2 SEPTEMBER 2018, THE GOLDEN SOURCE – N. INSTITUTE FOR PRESSERVING CULTURAL MONUMENTS STIP R. MACEDONIA.
- 2018 – Скопје (Македонија) Остен интернационално биенале на цртеж – Osten International Biennial of Drawing.

- 2018 – Учество со четири дела на ликовна изложба за минијатура „Картина от мнозина“ во Р Бугарија, април 2018 г.
- 2018 – Штип – Мултимедијален центар „Киро Глигоров“ - изложба со студентите на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 9.7.2018 год.
- 2018 – Прилеп - Центар за култура „Марко Цепенков“, изложба со студентите на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Прилеп, 25.6.2018 год.
- 2018 – Штип, Галерија Безистен, изложба Ликовна академија, Архитектура и дизајн, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 29.5.2018 год.

**Издадена скрипта**

- Доц. м-р Јордан Ефремов, скрипта „Современа уметност и дизајн“ на Технолошко-технички факултет.

***Доц. м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска***

- Dimitrijeva, Vanga and Dimitrijeva, Marina (2017) Costumul aromânilor din estul Macedoniei. Conceptul de baza care a ghidat ideea de documentare a costumelor populare ale aromânilor din estul Macedoniei. Consiliul national al cercetarii stiintifice. ISSN 978-973-558-658-4.
- Zhezhova, Silvana and Srebrenkoska, Vineta and Jordeva, Sonja and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Risteski, Sanja (2017) Defining the time-loss in the process of producing a men’s shirt. Tekstilna industrija, 64 (3). pp. 33-37. ISSN 0040-2389.
- Jordeva, Sonja and Kortoseva, Sonja and Mojsov, Kiro and Zhezhova, Silvana and Risteski, Sanja and Dimitrijeva, Vanga (2017) The influence of the structural characteristics of cotton and polyester knitted fabrics on the thermo-physiological comfort. Advanced technologies, 6 (1). pp. 1-93. ISSN 2406-3037.

**Учество на изложби**

- Самостојна изложба со изработки на традиционални влашки носии, Кампулун, Романија, октомври 2017 година.
- Изложба со традиционални влашки носии, Дом на културата „Кочо Рацин“, 11 ноември 2017, Скопје.
- Детска модна ревија, октомври 2017, Струмица.
- Модна ревија 17.12.2018 НУ Спомен куќа „Тодор Проески” – Крушево.
- Модна ревија, 22 март по повод Чет’рсе Штип, 2018.
- Модна ревија, 12 мај 2018 Ден на Европа, Штип.
- Изложба со оригинални влашки носии, 12 мај 2018, Амбасада на Романија.
- Самостојна изложба НУ Центар за култура „Григор Прличев”, Охрид, јули 2018 год.

- Самостојна изложба НУ Спомен куќа „Тодор Проески”, 12.7.2018 – 30.7.2018, Крушево.
- Самостојна изложба со изработки на детски народни носии, НУ Историски музеј, Крушево, 25.7.2018 – 30.11.2018 година.

**Домашни/меѓународни проекти**

| Датум од-до | Наслов на проектот | Позиција | Опис на активностите во тек на проектот: |
|---|---|---|---|
| 01.11.2017 - 01.11.018 | Компаративни истражувања на македонската и влашката народна носија и формирање на етнолошка поставка со траен карактер | Доц. м-р Ванѓа Димитријева - Кузманоска | Идејата за овој проект е да се овозможи етнолошка поставка на УГД во која ќе бидат сместени собирани експонати од македонската и влашката народна носија и преку оваа збирка како крајна цел да се има полесен пристап до податоците кои ќе се соберат од страна на истражувачите. Традиционалните вредности кои се скриени во материјалите кои биле користени за изработка на овие носии, сличностите меѓу двете народни култури, и влијанијата кои придонеле за промените кои се настанати во овие два типа на носии. Истражувачкиот проект е составен од два дела од кој во едниот ќе се соберат изворни информации за овие типови на носии, а вториот дел е да се пронајдат и откупат овие типови на носии за крајната цел поставувањето во етнолошката поставка во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 август, 1 и 2 септември 2018 г. | Денови на културата на Власите | Доц. м-р Ванѓа Димитријева - Кузманоска | Меѓународен проект од национален интерес во културата за 2018 Манифестацијата вклучува настап на учесници од Романија, Грција, Србија и Македонија. Целта на манифестацијата е одржување на развој на културата на Власите во Македонија, размена на искуства со соседните асоцијации и културни друштва на Власи и можности за склучувања на договори со институции во Македонија за размена на културите и во другите држави. Ефектите за одржување на соработките на друштвата од соседните држави и актуелноста на материјалните белези на Власите од Македонија, традиционалната култура, и нивно поактивно учество на културните манифестации во државата и надвор од неа. |

***Доц. м-р Слободан Милошевски***

**Објавени стручни и уметнички трудови и презентации**

- 2018 – „Култура на читањето на ликовните дела”, петти број на „Палимпсест“ (Интернационално списание за јазично, литературно и културно истражување), Универзитет „Гоце Делчев”, Штип.
- 2018 – „Компјутерска симулација на воздушни струења во просторот во која е поставен скулптурата Црвен полигон“, III Меѓународна конференција за социјални и хуманитарни науки (IBU-ICSSH2018), Скопје.
- 2018 - Меѓународен франкофонски фестивал „Солеј“, Созопол, Бугарија.
- 2018 - Меѓународна ликовна колонија, Плав, Црна Гора.

**Групни изложби**

- 2017- Мал формат, ДЛУМ, КИЦ, Скопје.
- 2017- Минијатура, ДЛУМ, Салон на Тутунска банка, Скопје.
- 2017- Годишна изложба, ДЛУМ, Мала станица, Скопје.
- 2018- Зимски салон, ДЛУМ, Чифте амам, Скопје.
- 2018- Поврзување, Мала ранохристијанска базилика, Пловдив, Бугарија.

- 2018- Минијатура, ДЛУМ и УЛУПУДС, Галетија „Сингидунум“, Белград, Србија.
- 2018- Мал формат, ДЛУМ, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп.

**Самостојни изложби**

- 2017- Момент на привлечност, Културно-информативен центар, Скопје.

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар (избор/реизбор во звања на наставничкиот и соработничкиот кадар)**

| Р.бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Доц. м-р Јана Јакимовска | вонреден професор | сликање и сликарски техники | **избор** |

**Други активности**

Печатење на информатор за Ликовната академија за 2018 година и печатење на публикацијата „*Не е шега: дискриминација и цензура*“ во соработка со Правниот факултет.

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

## Вовед

Извештајот за работата на деканот на Машински факултет за периодот од 15 септември 2017 до 15 септември 2018 година претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од стратегијата за развој на факултетот.

## Формирање на факултетот

Машинскиот факултет е јавна високообразовна установа која е формирана во 2008 година во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## Организациона поставеност на факултетот

### Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуваат избраните редовни и вонредни професори, доценти, како и претставници на соработниците и студентите.

## Избор на декан

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“, проф. д-р Блажо Боев, на 15.9.2015 со Одлука дел. бр. 0204-968/11 од 15.9.2015 година го избра проф. д-р Ристо Кукутанов за декан на Машински факултет. Со Одлука на Универзитетскиот сенат дел. бр. 0201-970/17 од 15.9.2015 година е потврдена одлуката за избор проф. д-р Ристо Кукутанов за декан на Машински факултет.

За продекан на Машински факултет се избира вонр.проф д-р Мишко Џидров, кој повторно е реизбран со Одлука дел.бр.2202-76/3 од 18.9.2015 г.

## Структура

| Реден број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кукутанов Ристо | редовен професор | да | |
| 2 | Мираковски Дејан | вонреден професор | да | |
| 3 | Симеонов Симеон | вонреден професор | да | |
| 4 | Димитровски Зоран | вонреден професор | да | |
| 5 | Цветков Славчо | вонреден професор | да | |
| 6 | Џидров Мишко | вонреден професор | да | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Димитров Сашко | доцент | да | |
| 8 | Цветаноски Радомир | насловен вонреден професор | | да |
| 9 | Темелкоска Братица | насловен вонреден професор | | да |
| 10 | Чекеровска Марија | доцент | да | |
| 11 | Сребренкоска Сара | асистент докторанд | да | |
| 12 | Милев Сашко | асистент докторанд | да | |
| 14 | Атанасова Сашка | технички секретар | да | |
| 14 | Медарска Апостолова Љубица | секретар | Да | |
| 15 | Атанасова Сашка | библиотекар | Да | |
| 16 | Јорданова Анка | референт за студентски прашања | Да | |
| 17 | Миланов Сашко | економ | да | |

**Катедри**

**Катедра за општо и производно машинство**

Основните правци на научноистражувачката и стручната работа на Катедрата за општо и производно машинство се во областите на современото управување со производството, интеграција на функциите на CAD/CAM/CAE, управување со квалитет, менаџмент, реинженеринг во стопанските и производните системи, изучување во областите на производните технологии, флексибилни и компјутерски интегрирани производни системи, внатрешен транспорт и логистика, сообраќај, моторни возила, одржување и техничка дијагностика, контрола, тестирања, монтажа, проектирање на производни системи и технологии и др.

**Катедра за сообраќај и транспорт**

Основните правци на научноистражувачката и стручната работа на Катедрата за сообраќај и транспорт се во областите на сообраќајот и тanспортот, современите производни технологии во градежништвото и рударството, интегрираните производни системи, внатрешен транспорт и логистика, сообраќај, одржување и техничка дијагностика на градежна, рударска и комунална механизација, монтажа, ремонтирање, контрола, тестирања, мониторинг, проектирање на градежни и руднички производни системи и др.

Профилот на транспортна техника ги образова инженерите за конструктивно машинство за проектирање и користење на транспортните машини, рударската механизација, логистиката и сообраќајното инженерство.

Потребите и интересите на Катедрата за сообраќај и транспорт се дефинирани како:

- добивање најново, добро управувано знаење според високи образовни меѓународно признати стандарди;
- добивање знаење - мултимодално во перспектива, мултидисциплинарно во приодот и мултисекторско во примената на сообраќајно-транспортното инженерство;
- оспособеност за примена на техниките од инженерството, од урбаното и регионалното планирање, од управувањето, од правото, од бихејвиористичките науки, од економијата и од останатите дисциплини во решавањето на сообраќајно-транспортните проблеми;
- добивање водечка улога во интерпретацијата на човечките транспортни потреби и желби кон другите професионалности;
- подготвеност за пазарот на труд и за меѓуинституционална подвижност во рамките на земјата, во регионот и во странство..

Потребите и интересите на Катедрата за сообраќај и транспорт можат да се групираат како:

- одраз на промените во опкружувањето на национално, регионално и меѓународно ниво;
- поддршка на развојот на континуирани образовни програми;
- проширување на напорите за регрутирање најпрогресивни млади умови во сообраќајно-транспортната професија.

Потребите на општеството на национално ниво се да има висококвалификувани и образовани човечки ресурси за решавање на сообраќајно-транспортните проблеми, почнувајќи од локално, национално владино ниво, па сè до меѓународни организации, транспортни фирми.

На регионално ниво, особено е важна потребата од меѓусебна соработка со институциите во регионот коишто имаат иста цел – постигнување повисоки стандарди во образованието на транспортните стручњаци.

**Катедра за контрола на квалитет**

Катедрата за контрола на квалитет при Машинскиот факултет преку наставните предмети што ги покрива врши едукација на студенти од двете насоки: Производно машинство и Транспорт, организација и логистика.

Дипломираните студентите од насоката **Производно машинство** преку задолжителните предмети се стекнуваат со знаења од областа на: индустриски менаџмент и информациско-управувачки системи и енергетиката. Преку изборните предмети се стекнуваат со знаење од областа на: систем на квалитет и стандарди, заштита на животна средина, управување со отпад, ергономија и инженерска логистика.

Дипломираните студенти од насоката **Транспорт, организација и логистика** преку задолжителните предмети се стекнуваат со знаења од областа на: системи на квалитет и стандарди, индустриски менаџмент, менаџмент на мали и средни претпријатија, проектен менаџмент, информациско-управувачки системи, инженерска логистика, операциони истражувања, сообраќајот и транспортот, теорија на системи и интегрален развој на производи. Преку изборните предмети се стекнуваат со знаење од областа на: ергономија, заштита на животна средина, маркетинг, инженерска економија, lean, six, sigma организации, управување со залихи, човечки ресурси, квантитативни методи во деловното одлучување, електронска размена на податоци и еко логистика.

Преку предметите кои ги покрива оваа катедра дипломираните студенти развиваат: способност да добиените знаења ги применат во пракса, способност за управување со ISO системи за квалитет, способност за начинот на менаџирање со производни системи, животен век на производи, менаџерски функции, потребни менаџерски знаења, способност за работа во интердисциплинарни тимови, способност за анализа на проблеми, способност за донесување на одлуки во реално време, способност за иновативност и креативност.

Катедрата во иднина ќе се развива во насока на:

- проектирање и имплементација на системи за управување со квалитет и животна средина,
- развој на одржливост преку воведување на нови технологии и техники,
- воведување на системски пристап во компаниите, пред сѐ во мали и средни претпријатија,
- интернационалната соработка.

За целосно покривање на наставата, ангажирани се наставници и соработници од другите факултети во состав на Универзитетот и тоа:

- проф. д-р Тодор Делипетров од Факултет за природни и технички науки;
- проф. д-р Орце Спасовски од Факултет за природни и технички науки;
- проф. д-р Сашо Гелев од Електротехнички факултет;
- проф. д-р Рубин Гулабовски од Медицински факултет;
- проф. д-р Благој Голомеов од Факултет за природни и технички науки;
- проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска од Факултет за информатика;
- доц. д-р Марјан Делипетров од Факултет за природни и технички науки;
- доц. д-р Благица Донева од Факултет за природни и технички науки;
- доц. д-р Лимонка Лазарова од Факултет за информатика;
- доц. д-р Гоце Стефановски од Електротехнички факултет;
- ас. м-р Марија Митева од Факултет за информатика;
- виш лектор м-р Снежана Кирова од Филолошки факултет;

- ас. м-р Наталија Поп Зариева од Филолошки факултет;
- доц. д-р Марија Хаџи-Николова од Факултет за природни и технички науки;
- доц. д-р Мимоза Серафимова од Факултет за туризам и бизнис логистика;
- доц. д-р Билјана Златановска од Факултет за информатика.

**Извештај од одржаните седници на Наставно-научниот совет**
***62. седница на ННС одржана на 31.8.2017 г.***

- Усвојување на записникот од 61. седница на ННС на Машински факултет.
- Заклучок за усвојување на мислење за развојот на Машински факултет.
- Одлука за именување на соработник – член на Наставно-научен совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Одлука за именување на претставник од студентите – член на Наставно-научен совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Одлука за прифаќање на пријава за тема за дипломски труд за полагање на дипломска работа од студентот Валентина Јованова под наслов „Станица за технички преглед на моторните возила“.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-22/5 од 25.8.2017 година поднесено од Александар Ристов за активирање на студии.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-22/4 од 25.8.2017 година поднесено од Влатко Гоцевски за активирање на студии.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-22/3 од 21.8.2017 година поднесено од Горги Димитров за активирање на студии.
- Одлука за одобрување на Барањата бр. 1005-17/2 од 15.8.2017 година и 1005-14/1 од 15.8.2017 од студент Александар Гоцевски.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-23/3 од 15.8.2017 г. од студент Славица Стојменова.
| 19. | Контрабас | 2 |
| 20. | Кавал | 3 |
| 21. | Тамбура | 3 |
| 22. | Тапан | 2 |
| 23. | Гајда | 2 |
| 24. | Конги | 1 |
| 25. | Клима | 5 |
| 26. | Ресивер | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Телевизор | 1 |
| 28. | Свич во ходник | 2 |
| 29. | Звучници | 1 |

***Просторни услови***

Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од февруари 2009 година е сместен во објектот на улицата „Цветан Димов“ бб во Штип на кој е извршена адаптација и надградба.

Главениот влез на Академијата се наоѓа на северната страна. На приземјето Академијата располага со:

– три простории за индивидуална настава по пијано;
– четири простории за индивидуална настава (боксови) за жичени и дувачки инструменти;
– една просторија за групна настава (џез студии);
– една просторија на студентски прашања и
– два одвоени санитарни јазли (за мажи и за жени со ознаки).

На првиот кат Академијата располага со:

– една концертна сала со огледало, клиима, потребен број на столови и две пијана;
– четири простории за индивидуална настава (боксови) за жичени и дувачки инструменти;
– две предавални за групна настава и
– два одвоени санитарни јазли (за мажи и за жени со ознаки).

На вториот кат Академијата располага со:

– шест кабинети за наставници, соработници и административно-стручниот, технички и на нив сличен персонал со ознаки;
– еден кабинет за декан со ознаки;
– две простории, една за секретар и една за технички секретар со ознаки;
– една просторија за остава и друга намена и
– два одвоени санитарни јазли (за мажи и за жени со ознаки).

Академијата располага и со уредена и осветлена дворна површина, оградена со железна рустична ограда со два влеза. Дворната површина е покриена со бекатон плочки и е наменета за надворешни мали концерти и настапи со амфитеатрални седишта (трибини) за посетителите на концертите и настапите на студентите, како и изграден паркинг простор во дворот за лесни возила.

На Академијата во извештајниот период се извршени тековни санации во просториите на Академијата.

**Издавачка дејност (зборници, книги)**
Годишен зборник на Музичка академија/УГД/*4 (IV)*

**Проф. д-р Стефанија Лешков- Зеленковска**

- Одговорен уредник и рецензент на Годишниот зборник на Музичката академија (2018)

**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**

- Одговорен уредник и рецензент на Годишниот зборник на Музичката академија (2018)

**Научноистражувачка работа**

Јаневски, В. Зеленковска-Лешкова С.(2018) *Традиционалната музичка култура во градот Штип од крајот на XIX и почетокот на XX век*.

**Домашни/меѓународни проекти**
**Проф. м-р Антонијо Китановски, декан**

| Датум од-до | Наслов на проектот | Позиција | Опис на активностите во тек на проектот |
|---|---|---|---|
| | Котел | композитор | Автор на музиката за современ танц во кореографија на проф. Рисима Рисимкин. Изведби на интернационални фестивали во Скопје, Ротердам и Њујорк |
| | Орландина | композитор | Автор на музиката за современ танц во кореографија на проф. Рисима Рисимкин. Изведби на интернационални фестивали во Скопје и Љубљана |
| | Скопски џез фестивал | Композитор/ солист | Целовечерен настап, одбележување на 30-годишнина на професионална музичка активност |
| | Битола, Интернационален џез фестивал | Водач на музички состав/солист | Целовечерен настап со Концертниот џез оркестар на УГД |
| | Тетово, Интрнационален џез фестивал | Водач на музички состав/солист | Целовечерен настап со Концертниот џез оркестар на УГД |
| | Нирнберг, Германија | Водач на музички состав/солист | Целовечерен настап на Тони Китановски и Черкези оркестар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Минато, сегашност, иднина | композитор | Автор на музиката за современ танц во кореографија на проф.Рисима Рисимкин. Премиерна изведба во Жејанг конзерваториумот, Ханџо, Кина |
| | Инкубатор | ментор/музички продуцент | Инструктор по музичка копозиција и продукција |
| | Big City Scare | водач на состав/ композитор/ солист/продуцент | Авторско ЦД издание со составот Панда 5 (Кирил Кузманов, Трајче Велков, Виктор Филиповски и Кирил Туфекчиевски) |

**Проф. д-р Емилија Потевска Попивода**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот** |
|---|---|---|---|
| 11.10.2017 | Македонски ноктурна | пијано | На 11 октомври, по повод празникот на денот на македонското востание, во Брисел (Белгија) солистички концерт на пијано одржа пијанистката Ема Попивода. На програмата беа изведени композиции од македонскиот автор Димитрије Бужаровски кои се базирани на македонски народни теми |
| 16.12.2017 | Концерт „EX AURO“ | пијано | Ex Auro е концертен проект на музички фузии на world и jazz музика, како и современ и фламенко танц, кој произлезе од средбата и визиите на уметниците Мариа Кек (Унгарија) и Томаж Пачник (Словенија). Специјални гости на овој концерт беа Бојан Петков - гитара (член на групата Летечки пекинезери) и Ема Попивода - пијано, кои изведуваа авторска музика напишана од Петков. Концертот се одржа на 16.12.2017 г., во рамките на Фестивалот за современа музика Модоарс во Салон 19.19 Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20.12.2017 | Концерт со ансамбл „КОН ТЕМПОРА“ | пијано | На 20 декември (среда) во концертната сала на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се одржа концерт на Ансамблот за современа музика „Кон темпора“. На концертот премиерно се изведоа повеќе дела кои се наградени на конкурсите на Министерство за култура за новосоздадени дела во изминатите неколку години. Ансамблот „Кон темпора“ за оваа прилика настапи со гости соло пеачи и во состав: Наташа Миха - сопран, Горан Начевски - баритон, Златка Митева - флејта, Драган Младеноски - труба, Кристина Светиева и Емилија Потевска-Попивода - пијано. Концертот беше поддржан од Министерството за култура на Р Македонија |
| 25.12.2017 | Концерт за кларинет и пијано | пијано | Во рамките на концертните серии „Про музика“ во организација на Сојузот на музички уметници на Македонија, солистички концерт одржаа Бранко Павловски – кларинет и Ема Попивода – пијано. Концертот се одржа во Македонската опера и балет на 25.12.2017 година во Скопје |
| 29.03.2018 | Денови на македонската музика | пијано | Концерт во рамките на Денови на македонска музика во Скопје, со ансамблот „Кон темпора“ со 11 изведувач и дела од македонски автори |
| 12.04.2018 | „Акустик електроникс“ | пијано | Концерт за пијано и тапан со композиции базирани на познати теми од електронската музика |
| 25.05.2018 | Концерт на Емилија Попивода во Белград | пијано | Во рамките на Деновите на македонска култура во Белград, солистички концерт одржа Емилија Попивода со композиции базирани на македонски народни песни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12.06.2018 | Акустик електроникс во Австрија | пијано | По успешната премиера во Скопје, концертот Акустик електорникс за пијано и тапан со теми од електорнската музика, се изведе и на Музичката академија во Перг, Австрија |
| 17.06.2018 | Акустик електроникс во Црна Гора | пијано | Концертниот проект Акустик електорникс имаше и своја премиера во Црна Гора во рамките на фестивалот „Музичка променада“ во Тиват |
| 24,26,28. 09.2018 | Концертна турнеја низ Македонија | пијано | Концертниот проект „Македонски ноктурна“ се изведе во неколку градови низ Македонија и тоа Охрид, Велес и Гостивар |

**Проф. д-р Милица Шкариќ**

| Р. бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Милица Шкариќ | редовен професор | пијано и методика на настава по пијано | 2017 г., втор избор за редовен професор |

**Проф. м-р Златка Митева**

| Датум од-до | Наслов на проектот | Позиција | Опис на активностите во тек на проектот: |
|---|---|---|---|
| 18.10.2017 | Вечер на македонски автори<br>Дела за флејта и пијано | Златка Митева – флејта<br>Наташа Трбојевиќ - пијано | Уметничка галерија „Безистен“ - Штип |
| 26.10.2017 | Вечер на македонски автори<br>Дела за флејта и пијано | Златка Митева – флејта<br>Наташа Трбојевиќ - пијано | Музеј „Борис Христов“ - Софија, Бугарија |
| 8.11. 2017 | Концерт на Музичката академија „Франц Лист“ Печ, Унгарија | Трио „Академико“<br>Златка Митева, флејта<br>Бранко Павловски, кларинет<br>Наташа Трбојевиќ, пијано | ZMI Liszt Ferenc Concert Hall, Zsolnay Cultural Centar, Pecz, Hungary |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20.12. 2017 | Концерт на ансамблот за современа музика „Кон темпора“ во Штип | Златка Митева, флејта | Музичка академија, Штип |
| 25. 12. 2017 | Новогодишен концерт на студентите од класата на проф. м-р Златка Митева | Концерт на студентите по флејта и камерна музика | Универзитет „Гоце Делчев“, концертна сала на Музичка академија |
| 1.4. 2018 | Учество на меѓународниот натпревар Полихимнија во Скопје | Учество на студент од кл. на проф. м-р Златка Митева | Даут Пашин амам, Скопје |
| 5.4.2018 | Концерт на ансамблот за современа музика „Кон темпора“на ДММ 2018 | Златка Митева, флејта | Музеј на Град Скопје |
| 12.5.2019 | Концерт со трио „АКАДЕМИКО“ на Ден на Европа | Златка Митева, флејта<br>Бранко Павловски, кларинет<br>Наташа Трбојевиќ, пијано | Плоштад „Слобода“ - Штип |
| 16.6.2018 | Вечер на македонски автори Дела за флејта и пијано | Златка Митева, флејта<br>Наташа Трбојевиќ, пијано | Универзитетска библиотека – Касел, Германија |
| 5.7.2018 | Вечер на македонски автори Дела за флејта и пијано | Златка Митева, флејта<br>Наташа Трбојевиќ, пијано | Отворање на манифестацијата „Петровденски конаци“ - Кочани |
| 29.9.2018 | Вечер на македонски автори Дела за флејта и пијано | Златка Митева, флејта<br>Наташа Трбојевиќ, пијано | Уметничка галерија „MC Gallery“ Њујорк, САД |

**Проф. м-р Марјан Јанкоски**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.11.2017 | Изведба на композицијата „На пат за дома“ (во изведба на трио „Академико“) од авторот Марјан Јанкоски во Уметничката академија „Франц Лист“ во Печ, Р Унгарија, ZMI | Автор на музичко дело | http://eprints.ugd.edu.mk/19397/ |
| 28.11.2017 | Целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во музејот на Македонската борба за државност и самостојност. Концертна промоција на најново ЦД „Рожба“ во рамките на фестивалот „Есенски музички свечености 2017“ | Изведувач и комплетен автор на ЦД | http://eprints.ugd.edu.mk/19103/ |
| 7.11.2017 | Целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ во ДК „Мирка Гинова“ во Демир Капија | Изведувач и комплетен автор на муз. програма | http://eprints.ugd.edu.mk/18854/ |
| 15.5.2018 | Целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ на 19. Литертурна манифестација „Илинден“ во ДК „Илинден 2018“ во Општина Илинден, Скопје | Изведувач и комплетен автор на муз. програма | Не е доставено до респозиториум |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11.07.2018 | Целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и музичкиот состав „Портал“ на манифестацијата „Петровденски конаци 2018“ во Кочани | Изведувач и комплетен автор на муз. програма | Не е доставено до респозиториум |

**Објавени трудови од вработените на факултетот**

**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**

Islam, A. Zelenkovska Leshkova, S. (2018) *Woman and Music Tradition: Vocal Singing in the Ritual Henna Night*. *Europian Journal of Arts* (1). pp. 24-29. ISSN 2310-5666

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С.(2018) *Мали музичко-формални градбени елементи на музичкото дело. Просветно дело - Списание за педагошки прашања,* 2. pp. 83-100. ISSN 0350-6711.

Зеленковска-Лешкова С . Велковска-Трајановска В. (2017) *Историјатот и развојниот пат на гудачките инструменти виолина и виола (1). Годишен зборник 2017, МА/УГД, 4 (IV). pp. 81-89. ISSN 1857-7296.*

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С. (2018) Стручно-уметничкиот сегмент во наставата по оркестрација: Развојот на оркестарот и поставување на оркестарска партитура. *Современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи - Зборник на трудови. стр. 35-41. ISBN 978 -608-244-525-0.*

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С. *(2017) Основните функции на музичките инструменти при разработка на оркестарската партитура. Годишен зборник - 2017 МА/УГД, 4 (IV). pp. 9-24. ISSN 1857-7296.*

Петрушевски, П. Зеленковска-Лешкова С *(2017) Еволутивниот пат на музичкиот инструмент контрабас. Музика, 20 (23). pp. 39-45. ISSN 1409-6579.*

**Проф. д-р Милица Шкариќ**

Шкариќ, М., Ефремова, Е. (2018). *Пијано музичко терапија: Студија на случај со 9-годишен почетник по пијано*. Штип: Зборник на Музичка академија – УГД.

**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С. (2018) Мали музичко-формални градбени елементи на музичкото дело. *Просветно дело - Списание за педагошки прашања,* 2. pp. 83-100. ISSN 0350-6711.

Зеленковска-Лешкова С., Велковска-Трајановска В. (2017) Историјатот и развојниот пат на гудачките инструменти виолина и виола (1). *Годишен зборник 2017, МА/УГД, 4 (IV). pp. 81-89. ISSN 1857-7296.*

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С. (2018) Стручно-уметничкиот сегмент во наставата по оркестрација: Развојот на оркестарот и поставување на оркестарска партитура. *Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - Зборник на трудови, стр. 35-41. ISBN 978 -608-244-525-0.*

Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С. *(2017)* Основните функции на музичките инструменти при разработка на оркестарската партитура. *Годишен зборник - 2017 МА/УГД, 4 (IV). pp. 9-24. ISSN 1857-7296.*

**Проф. д-р Гоце Гавриловски**

„Уметничката транспозиција на фолклорот изразена преку употреба на фолклорните елементи во делото *Стара песна*", Концертни пиеси за симфониски оркестар, опус 27, од композиторот Тома Манчев", Македонски фолклор, YEAR XXXIX, 72 (72). pp. 153-168. ISSN 0542-2108, UDC 398, [Article], http://eprints.ugd.edu.mk/19737

Уметничката транспозиција на фолклорот изразена преку употреба на фолклорните елементи во делото *Илинденски диптих* за мешан хор, вокален солист и гудачки оркестар од Стојан Стојков, Годишен зборник 2017, Музичка академија (4). pp. 157-172. ISSN 1857-7296, [Article], (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19727

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**

| Р. бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Христо Стојаноски | доцент | пијано и сонологија | вонреден професор |
| 2. | Борис Трајанов | вонреден професор | вокално пеење | редовен професор |
| 3. | Гоце Гавриловски | вонреден професор | музички форми со анализа и хармонија и полифонија со анализа | редовен професор |
| 4. | Марјан Николовски | / | вокално пеење | насловен доцент |
| 5. | Благојче Трајковски | / | видови на инструменти -кларинет (чалгија) и импровизација | насловен доцент |
| 6. | Тимко Чичаковски | / | ‚видови на инструменти-канон и маками | насловен доцент |
| 7. | Дејан Лазаревски | / | видови на инструменти -класична гитара | насловен доцент |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Оливер Јосифовски | / | видови на инструменти - џез бас и музичка продукција | насловен доцент |

**Други активности**
**Проф. д-р Илчо Јованов**
**Октомври 2017 г.**

- 25-29.10.2017 - Денови на македонската музика и кујна, Вараждинске топлице, Хрватска, учество солист на хармоника.

**Февруари 2018 г.**

- 16.2.2018 - Фестивал на нови родољубиви и патриотски македонски песни „Гоце фест“ - член на Советот на фестивалот и на селекционата комисија за избор на песни;
- Претседател на жири комисијата на фестивалот „Гоце фест“;
- Прва награда на фестивалот „Гоце фест“ за песната „Горо ле“ музика и текст: Валентин Пензов, аранжман: Илчо Јованов.

**Јуни 2018 г.**

- 27-30.6.2018 Фестивал на изворни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ -Долнени - Прилеп, претседател на Управен одбор и на Советот на фестивалот;
- Претседател на жири комисија на фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“.

**Јули 2018 г.**

- 11.7.2018 - Фестивал на дуети „Константин и Елена“ – уметнички директор на Фестивалот и член на Селекционата комисија за избор на песни.

**Август 2018 г.**

- 24.8.2018 - Учество на Меѓународен фестивал „Моравски бисери 2018“, Врњачка Бања, Р Србија; со музика и аранжман на песната „Све године иза нас“ текст: Руждија Крупа во исполнение на Тони Ристовски од Чикаго-САД.

**Други активности:**

- Издавање на авторско CD со наслов „Македонска фолклорна класика“;
- Член на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје;
- Член на Собранието на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП.

Наставните активности (предавања, колоквиуми и испити) за предметите Солфеж, Етнохармоника и Музички ансамбл се реализирани во целост.

**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**

- Раководител на проект „Музички инспирации“ - циклус радиоемисии, подготвени и снимени од студентите на Факултетот на музичка

уметност, кои се емитуваат секоја среда од 15.00 до 15.30 ч. на УГД ФМ радио.
- Член на Универзитетскиот сенат.
- Член на Интеруниверзитетска конференција.
- Член на Универзитетската комисија за издавачка и нормативна дејност.
- Член на Комисијата за уписи на МА, прв и втор циклус.
- Член на Комисија за доделување на наградата „Георги Божиков“ за најдобра изведба на дело од македонски композитор на фестивалот „Денови на македонската музика“ за 2017 г. (2018) во организација на Сојуз на композитори на Р Македонија – СОКОМ.

**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**
**Изведби на дела**
- Велковска-Трајановска, В. (2018), Скопје, изведба на делото *Огледала* за пијано трио на*ДММ 2018,* изведува израелскиот ансамбл „Меитар“.
- Велковска-Трајановска, В. (2018), Копенхаген, Холандија, изведба на гудачкиот квартет *Преобразување* на *Talk Town,* изведувачи: гудачкиот квартет Антарја.
- Велковска-Трајановска, В. (2017), Штип, изведба на делото *Метеори,* З. Митева - флејта, Н. Трбојевиќ - пијано, 18.10.2017.
- Велковска-Трајановска, В. (2017), Софија, Бугарија, Вечер на македонски автори, дела за флејта и пијано, изведуваат: З. Митева - флејта, Н. Трбојевиќ - пијано, 26.10.2017.
- Велковска-Трајановска, В. (2018), Касел, Германија, изведба на делото *Метеори,* З. Митева - флејта, Н. Трбојевиќ - пијано, 16.6.2018.
- Велковска-Трајановска, В. (2018), Кочани, Вечер на македонски автори, дела за флејта и пијано, изведуваат: З. Митева - флејта, Н. Трбојевиќ - пијано, 5.7.2018.
- Велковска-Трајановска, В. (2018), Њујорк, Америка, изведба на делото *Метеори,* З. Митева - флејта, Н. Трбојевиќ - пијано, 29.9.2018.

- Член на Универзитетскиот сенат.
- Член на Комисија за прием на студенти на МА, прв циклус.
- Член на Претседателство на СОКОМ.
- Член на Комисија за доделување на наградата „Панче Пешев“ за најдобро дело од македонски композитор на фестивалот „Денови на македонската музика“ за 2017 г. (2018).
- Проект менаџер на ансамблот за современа музика Кон темпора на СОКОМ.

**Проф. д-р Гоце Гавриловски**
*Изведби на дела*

„*Токатина*“ за флејта и пијано, солистички концерт „Вечер на македонски автори“ на Митева Златка - флејта и Трбојевиќ Наташа -

пијано, во Музејот на „Борис Христов“ Софија, Р Бугарија, декември 2017 г. [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19396)

„*ФолкДуплекс*“ за камерно трио, Концерт на ансамблот за современа музика „Con Tempora“, во Концертната сала на Музичката академија во Штип, 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18983)

„*Токатина*“ за флејта и пијано, Солистички концерт „Вечер на македонски автори“ на Митева Златка - флејта и Трбојевиќ Наташа - пијано, во Република Германија, 2018.

„*Concert piece*“ за: обоа, виолина, виола и виолончело, Концерт на ансамблот за современа музика „Music Progressive quartet“, во Рим, Република Италија, 2018.

„*Токатина*“ за флејта и пијано, Солистички концерт „Вечер на македонски автори“ на Митева Златка - флејта и Трбојевиќ Наташа - пијано, во Уметничката галерија „Безистен“ во Штип, 2017 [Performance] (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19395)

„*Concert piece*“ за: обоа, виолина, виола и виолончело, Концерт на ансамблот за современа музика „Con Tempora“, на ДММ 2018 година, во Музеј на град Скопје, 2018.

„*Токатина*“ за флејта и пијано, солистички концерт „Вечер на македонски автори“ на Митева Златка - флејта и Трбојевиќ Наташа - пијано, во Кочани, 2018.

**Проф. д-р Милица Шкариќ**

- Шкариќ, Милица: Две работилници (семинар по пијано и предавање) на Музичката академија во Монс, Белгија на 29 и 30 април 2018 г.
- Шкариќ, Милица: Три целовечерни концерти со трио Парнасус во Тетово, Штип и Струмица на 8,9 и 10 јуни 2018 г.
- Шкариќ, Милица: Музичка работилница (семинар) на ЕПТА Скопје, ноември 2018 г.

Проф. **м-р Горанчо Ангелов**

- Член на жири комисија на Меѓународен фестивал за изворен фолклор „Тодорица 2018“ – Свети Николе (февруари 2018).

***Концерти:***

- Новогодишен концерт на традиционална музика (декември 2018);
- Годишен концерт на студентите по традиционални инструменти (јуни 2018);
- Концерт на традиционална музика во Демир Капија (7.2.2018);
- Концерт на традиционална музика во Македонска Каменица (15.3.2017).

**Проф. м-р Сашо Поповски**

**Концертна активност**

- Сашо Поповски трио – Струмица опен фестивал - август 2018 г.
- Сашо Поповски трио – Џез фабрика фестивал – мај 2018 г.

- Сашо Поповски трио – Џез фабрика – работилница и концерт – септември 2018 г.
- Сашо Поповски трио – Интернационален ден на џез музиката – Штип 2018 - април 2018 г.
- Сашо Поповски трио – Џез фабрика – работилница и концерт – октомври 2017 г.

**Останати активности**
- Предавање – „Историјат на рокенролот и негово влијание на општествените промени“ – МКМ Дом на култура Илинден Демир Хисар – ноември 2017 г.
- Директор – Џез фабрика фестивал – мај 2018 г.
- Селектор на артисти за интернационален Џез и блуз фестивал Кикинда – Р Србија – ноември 2016 г.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=14495

**Проф. м-р Георѓи Мицанов**
**Концертна активност**
- Гоце Мицанов квартет – Џез фабрика – работилница и концерт – септември 2018 г.
- Гоце Мицанов – Сашо Поповски трио – Интернационален ден на џез музиката – Штип 2018 - април 2018 г.
- Концерт на студентите од Џез одделот при УГД во класата на проф. Гоце Мицанов – декември 2017 г.

**Останати активности**
- Издавање на ЦД – „Ноќ во Аполонија“ – Гоце Мицанов бенд.

**Проф. д-р Татјана Џорлева**
**Концертна активност**
- Јули 2018 г. СМУ „Тодор Скаловски - Тетоец“ – Тетово, целовечерен концерт на дуо пијано (Гацева-Џорлева).
- Јули 2018 г. Меѓународен фестивал „Охридско лето”, Црква „Св. Софија”, целовечерен концерт на дуо пијано (Гацева-Џорлева).
- Ноември 2017 г. „Есенски музички свечености 2017”, целовечерен концерт на дуо пијано (Гацева-Џорлева).
- Октомври 2017 г. Дом на култура „Марко Цепенков” – Прилеп, целовечерен концерт на дуо пијано (Гацева-Џорлева).

**Останати активности**
- Член на Комисијата за проверка на знаење во трите уписни рокови 2018/2019 година.
- Член на Комисија за признавање на испити на МА.
- Член во рецензентски комисии.
- Јуни 2018 г. дипломски испит на студентот Душан Стојанов (пијано).

- Ментор проф. д-р Татјана Џорлева.

**Учество на когреси, семинари... на вработените на Факултетот**

**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**

6-8 September 2018, Edirne, Turkey : 13 International Balkan Education&Science Congress, Trakya University Faculty of Education: “*Assessment of the Musical Aptitude of the Future Teachers: Applying the Gordon AMMA Test*. Islam, A. and Zelenkovska Leshkova, S.

- 11-12 мај 2018, Штип, Р Македонија: VI Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки на тема современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи „*Стручно-уметничкиот сегмент во наставата по оркестрација: Развојот на оркестарот и поставување на оркестарска партитура*“.Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С.

04 Apr 2018, Pristina, Kosovo. *Music in Macedonia between First and Second World War.* Zelenkovska Leshkova, S. Velkovska-Trajanovska, V.

**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**

- 11-12 мај 2018, Штип, Р Македонија: VI Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки на тема современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи „*Стручно-уметничкиот сегмент во наставата по оркестрација: Развојот на оркестарот и поставување на оркестарска партитура*“. Велковска-Трајановска В. Зеленковска-Лешкова С.

04 Apr 2018, Pristina,Kosovo.*Music in Macedonia between First and Second World War.* Zelenkovska Leshkova, S. Velkovska-Trajanovska, V.

**Проф. м-р Горанчо Ангелов**

– **Горанчо Ангелов** (2017) *Фестивалот и семинарот за изворни народни музички инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ како афирматори на музичката фолклорна традиција*. In: Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев - Штип, Музичка академија. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, pp. 173-177. ISBN ISSN 1857-7296.

– **Горанчо Ангелов (2017)** *Зурлата во Р Македонија во публикации од странски истражувачи,* Македонското етнолошко друштво и ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје: „Ретроспективи и перспективи на македонската етнологија и фолклористика“, Скопје, 12 октомври 2017 година.

– **Горанчо Ангелов (2017)** *Зурлата и сродните инструменти на неа на Балканот*, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Меѓународен научен собир на тема „Традиција и современост во фолклорот на балканските народи“ - Скопје, Република Македонија, 24-25 ноември 2017 година.

– **Горанчо Ангелов (2018)** *Музичките инструменти во научните публикации на д-р Александар Линин,* ***Сојуз на композиторите на Македонија***, 43. меѓународна музичко-научна манифестација

*„Струшка музичка есен“, Струга, 21-23 септември 2018 год.*

– **Горанчо Ангелов (2018)** *Духовното богатство на Ромите зурлации – преданија и лични доживувања,* ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ „ЃУРЃОВДЕН/ ЕРДЕЛЕЗИ И ТРАДИЦИОНАЛНАТА КУЛТУРА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ“, Скопје, Република Македонија, 11 април 2018 година.

**Проф. м-р Христо Стојаноски**

- Пијано настап на Промоцијата „Светлана Антоновска – македонската челична дама“ – Салон 19,19 (6.10.2017).
- Автор на документарниот филм „Светлана Антоновска - македонската челична дама“. Овој документарен филм беше направен во чест на Светлана Антоновска, политичар, општественик, втемелувач на современата статистика во Р Македонија и воедно прв директор на заводот на статистика по осамостојувањето на Македонија. Овој документарен филм беше прикажан на промоција на монографијата посветена на Светлана Антоновска во салонот 19,19 на 6.10.2017 година.
- Организатор, селектор, промотор и учесник на настанот „Сеќавање на Стела Слејанска“ 2017 година. Настан кој е посветен на еден од најистакнатите пијанисти и професори, воедно еден од основачите на УГД. Настан кој се одржува петта година традиционално во чест на денот на раѓањето на Стела. Овие нстани ги поддржува Министерство за култура на Р Македонија, Универзитетска библиотека „Гоце Делчев - Штип“, НАМПРЕС, Фондација „Никола Кљусев“ и УГД - Штип. Во рамките на овој настан беше прикажан видео концерт со дела изведени од Стела Слејанска-тојаноска на фестивалот „Охридско лето“ (25.12.2017).
- Аудио продуцент на снимка од концерт на четирирачно дуо Ана Гацева и Татјана Џорлева во ФМУ - Скопје (8.11.2017).
- Аудио продуцент на снимка од концерт на Ангеле Михајловски одржан во ФМУ – Скопје (12.11.2017).
- Снимање и звучна обработка на краткометражниот филм „Dogs of War“ кој учествуваше на престижниот натпревар „MyRødeReel 2018“ (30.7.2018).

## ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

**Вовед**

**Мисија:** Заедницата на критички и рефлексивни истражувачи, со силно изразена желба за учење, за пренесување и за споделување на наученото носи име Факултет за образовни науки.

Ние сме силна, инспиративна и отворена заедница за сите млади луѓе – сегашни и идни студенти кои ги обединува желбата за работа со деца од предучилишна и рана училишна возраст и оние кои сакаат да ја изучуваат историјата на човекот и доказите за неговото битисување.

**Визија:** Да создадеме меѓународно препознатлива високообразовна институција за образование на наставници, воспитувачи, историчари и археолози преку: реализација на квалитетно образование втемелено на концепцијата за доживотно учење и научните дострели во педагошката наука, историјата и археологијата; зајакнување и проширување на меѓународните партнерства; масовизирање на мобилноста на студентите и на вработените; интернационализација на научноистражувачката работа.

*Студиски програми за прв циклус студии*:

Одделенска настава (Штип и Струмица);

Предучилишно воспитување (Штип и Струмица);

Педагогија (Штип);

Историја наставна насока (Штип);

Историја (Штип);

Археологија (Штип).

*Студиски програми за втор циклус студии:*

Педагогија;

Методика;

Образовна политика и менаџмент во образование;

Средновековна археологија;

Средновековна историја – Византија и Балканот во средниот век.

*Специјалистички студии:*

Образование на наставници - специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции за предметни наставници.

*Студиски програми за трет циклус студии:*

Училишна педагогија;

Воспитанието и образованието во раниот детски развој.

На Факултетот се реализира и *Програма за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка* за кандидати кои завршиле не наставнички факултети, а избрале или ќе изберат да работат како наставници.

Во реализацијата на наставата во учебната 2017/2018 година учествуваа вкупно 26 наставници, 1 асистент докторанд и 1 стручњак од праксата.

Носители на наставно-научната дејност на Факултетот за образовни науки се катедрите за: Педагогија; Дидактика и методика; Општествено-хуманистички науки и Катедрата за историја и археологија; одделите за

одделенска настава и предучилишно воспитување и Институтот за историја и археологија. Тие активно се вклучени во планирање, организирање и реализирање на наставно-научните, апликативните и организациските активности на факултетот. Во текот на оваа учебна година Факултетот за образовни науки беше носител и коорганизатор на неколку активности со научно-стручен и апликативен карактер: 1 научно-стручна трибина, 2 научни конференции, 1 настан – Инспиративни говори за учителот, 1 Средба со писателот, 1 Меѓународен филмски фестивал, 3 предавања на предавачи од странство, 1 обука за воспитно-образовен кадар и 2 изложби.

Во текот на учебната 2017/2018 година наставно-научниот кадар објави: 2 научни книги, 1 учебник, 1 рецензирана скрипта и 1 практикум.

Наставно-научниот и соработничкиот кадар е вклучен во реализација на вкупно 13 проекти како главни истражувачи, истражувачи, помлади истражувачи, координатори и учесници. Учествувале на 37 научно-стручни настани (конференции, конгреси), на 6 меѓународни изложби и уметнички манифестации и објавиле 54 трудови во домашни и меѓународни научни публикации и списанија.

**Избор на декан:** Универзитетскиот сенат на својата 113. седница, одржана на 15.9.2015 г. донесе Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на проф. д-р Соња Петровска за декан на Факултетот за образовни науки, бр. 0201-970/12 од 15.9.2015 година.

**Структура**

Во реализацијата на наставата во учебната 2017/2018 година учествуваа вкупно 26 наставници, 1 асистент докторанд и 1 стручњак од праксата.

| Ред. бр. | Презиме и име | Звање | Редовен работен однос | Договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Китанов Блаже | редовен проф. | да | не |
| 2 | С. Веселинова Снежана | редовен проф. | да | не |
| 4 | Чепреганов Тодор | редовен проф. | да | не |
| 5 | Петровска Соња | редовен проф. | да | не |
| 6 | Мирасчиева Снежана | редовен проф. | да | не |
| 7 | П. Ѓорѓева Емилија | редовен проф. | да | не |
| 8 | Смилков Никола | редовен проф. | да | не |
| 9 | Николовска Виолета | редовен проф. | да | не |
| 10 | Ј. Митковска Снежана | редовен проф. | да | не |
| 11 | Нацев Трајче | вонреден проф. | да | не |
| 12 | Барбареев Кирил | вонреден проф. | да | не |
| 13 | Стојанов Трајче | вонреден проф. | да | не |
| 14 | Попеска Билјана | вонреден проф. | да | не |
| 15 | Сивевска Деспина | доцент | да | не |
| 16 | Стојков Стојко | доцент | да | не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Коцева Даниела | доцент | да | не |
| 18 | Цацков Оливер | доцент | да | не |
| 19 | Јосимовска Верица | доцент | да | не |
| 20 | Китанова Ирена | доцент | да | не |
| 21 | Тевдовски Љубен | доцент | да | не |
| 22 | А. Пачемска Татјана | редовен проф. | да | не |
| 23 | Делипетров Благој | вонр. проф. | да | не |
| 24 | Рунчева Јадранка | асистент док. | да | не |
| 25 | Ѓорѓиев Драги | редовен професор | не | да |
| 26 | Младеновска-Ристовска Катерина | вонреден професор | не | да |
| 27 | Ангеловски Бошко | вонреден професор | не | да |
| 28 | Николовски Звонимир | стручњак од практика | не | да |
| 29 | Веселинов Драган | доцент | не | да |
| 30 | Ристов Марјан | секретар | да | не |
| 31 | Василева-Ушинова Бистра | технички секретар | да | не |
| 32 | Цацкова Милена | референт | да | не |

**Катедри, оддели, институт**

Носители на наставно-научната дејност на Факултетот за образовни науки се катедрите за: Педагогија; Дидактика и методика; Општествено-хуманистички науки и Катедрата за историја и археологија; Одделите за одделенска настава и предучилишно воспитување и Институтот за историја и археологија.

Тие активно се вклучени во планирање, организирање и реализирање на наставно-научните, апликативните и организациските активности на факултетот. Во текот на оваа учебна година Факултетот за образовни науки беше носител и коорганизатор на неколку активности со научно-стручен и апликативен карактер:

- Научно-стручна трибина „Да се биде учител...“, 6. 11. 2017 година.
- Меѓународна научна конференција „Образованието на крстопат - состојби, предизвици, решенија и перспективи“, 10 и 11 ноември 2017 година. Битола - Меѓународната конференција е поддржана од Македонската академија на науките и уметностите – МАНУ, а Факултетот за образовни науки беше коорганизатор на истата.
- Шеста меѓународна научна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, 11-12 .5. 2018 г.
- Втора по ред манифестација – Инспиративни говори за учителот на тема: „Учителите го менуваат светот”, 13 април 2018 г.

- Настан „Средба со писателот Горјан Петревски“, 8 мај 2018 г.
- „КРЕФ“ - меѓународен филмски фестивал - избор на најдобри кратки филмови на ученици, учители, стручни соработници и родители, 28 и 29 септември 2018 г.
- Предавање: 1. Улогата на одделенските наставници во промоција на училиштата како средина за активен и здрав начин на живот; 2. Концептот на физичкото и здравственото образование во европски контекст, со акцент на состојбите и искуствата од Белгија. Предавач: д-р Марк Клос (професор по спортска педагогија и спортски менаџмент на Одделот за спорт и рехабилитациски науки при Универзитетот во Лиеж, Белгија), 12 април 2018 година.
- Предавање: Образованието и воспитанието во постмодерни услови. Предавачи: проф. д-р Трајан Попкочев и асистент д-р Јулија Ковачка, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски” – Благоевград, Р Бугарија, 10 мај 2018 година.
- Предавање: проф. д-р Тонча Јукич и професор емеритус д-р Јосип Милат (почесен професор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип), Филозофскиот факултет во Сплит, Р Хрватска, 18 октомври 2017 г.
- Предавање: Современите тенденции во 21 век и импликациите врз активностите во детските градинки и наставата во училиштата. Предавач: д-р Јурка Лепичник Водопивец, редовен професор на Педагошкиот факултет на Приморскиот универзитет во Копер, Р Словенија, 9 октомври 2017 г.
- Учество на студентите од Факултетот за образовни науки на настанот „Олимпијада за читање и математика“ за деца од предучилишна возраст и одделенска настава, 16 мај 2018 г., Градски парк – Скопје.
- Обука за директори, стручни работници, воспитувачи и негуватели во соработка со Издавачката куќа „Просветно дело“, 26 април 2018 година. Предавачи: проф. д-р Лена Дамовска, проф. д-р Кирил Барбареев, проф. д-р Флорина Шеху, проф. д-р Снежана Мирасчиева, проф. д-р Снежана Јованова-Митковска и проф. д-р Маја Рауник-Кирков.
- Изложба „Русите во Македонија 1929-1940“, во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Факултетот за образовни науки и Амбасадата на Руската Федерација во Македонија, 13 март 2018 година.
- Ликовна изложба „Градот Баргала“ во организација на Факултетот за образовни науки и Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 14 март 2018 г.

**<u>Извештај од одржаните седници на Наставно-научниот совет</u>**

Во текот на учебната 2017/2018 година се одржани 12 седници на Наставно-научниот совет:

**113. седница на ННС одржана на 4.10.2017 год.**

- Усвојување на записникот од одржаната 112. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 24.8.2017 г.
- Одлука прифаќање на студентот Barbora Helebrantova од програмата Ерасмус+,
- Одлука за измена и дополнување на ангажираноста на наставничкиот кадар и соработниците на Факултетот за образовни науки во зимскиот/летниот семестар во учебната 2017/2018 година, на прв циклус универзитетски академски студии.
- Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на кандидати на втор циклус универзитетски (академски) и специјалистички студии за учебната 2017/2018 год.
- Предлог-одлука за одобрување на службена посета на проф. д-р Јурка Лепичник Водопивец, Р Словенија.
- Одлука за издавање научна книга со наслов „Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество“ од авторот доц. д-р Даниела Коцева.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за рецензирање на научната книга од авторот доц. д-р Даниела Коцева.
- Заклучок за студент Ване Стоилов.
- Одлука за усвојување извештајот од комисијата за оценка и определување на датум за одбрана на специјалистичкиот труд на студентот Добрила Петровска.
- Одлука за усвојување извештајот од комисијата за оценка и определување на датум за одбрана на магистерски труд на студентот Лидија Јорданова.
- Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерски труд на студентот Снежана Ристеска.
- Донесување Одлука за усвојување извештајот од комисијата за оценка и определување на датум за одбрана на специјалистичкиот труд на студентот Даниела Ангелова.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2016/2017 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус студии.
- Одлука за одобрување на оправдано платено отсуство за патување во странство на доц. д-р Љубен Тевдовски.

**114. седница на ННС одржана на 9.11.2017 год.:**

- Усвојување на записникот од одржаната 113. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 4.10.2017 г.
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај од работата на деканот на Факултетот за образовни науки за 2016/2017 година.
- Одлука за усвојување на Предлог-годишен план и програма за издавачка дејност на Факултетот за образовни науки за 2018 година.

- Одлука за усвојување на барање за одобрување на оправдано платено отсуство за патување во странство на проф. д-р Соња Петровска.
- Одлука за усвојување на барање за одобрување на оправдано платено отсуство за патување во странство на проф. д-р Снежана Мирасчиева.
- Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Трајче Димков.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Сања Спасевска студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Гордана Трајановска студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Сања Михајловска студент на втор циклус студии за учебната 2013/2014 год.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Сања Михајловска студент на втор циклус студии за учебната 2014/2015 год.
- Предлог-мислење за ослободување од надоместок за партиципација за студирање од Сања Михајловска студент на втор циклус студии учебната 2015/2016 год.
- Одлука за усвојување на барање за оправдано платено отсуство од проф. д-р Никола Смилков.
- Одлука за усвојување на барање за оправдано платено отсуство од доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за издавање скрипта од авторот доц. д-р Трајче Стојанов.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за издавање на скрипта од авторот доц. д-р Трајче Стојанов.
- Одлука за издавање практикум од авторот доц. д-р Трајче Стојанов.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за издавање на практикум од авторот доц. д-р Трајче Стојанов.
- Одлука за усвојување на рецензијата на научната книга со наслов „Религиското образование во мултиетничките општества со осврт македонското општество“ од авторот доц. д-р Даниела Коцева (У. билтен 198).
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2016/2017 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус студии.
- Одлука за усвојување на Барање бр. 1002-73/4 од 9.11.2016 год за промена на ментор на специјалистички труд на кандидатот Александра Ѓоргијевска.
- Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Весна Петрова.
- Одлука за искажување потреба за вработување на Факултетот за образовни науки.
- Одлука за определување на датум за пријавување и реализација на педагошки стаж за зимски семестар, учебната 2017/2018 год.

**115. седница на ННС одржана на 30.11.2017 год.:**

- Усвојување на записникот од одржаната 114. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 9.11.2017 г.
- Одлука за покренување постапка за избор на еден наставник во сите звања за наставно научните области методика и образование на наставници.
- Одлука за покренување постапка за избор на еден наставник во сите звања за наставно научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија и друго).
- Одлука за избор на д-р Гоце Наумов во насловно звање насловен доцент за наставно научна област праисториска археологија.
- Одлука за верификација на Одлуката за избор на проф. д-р Трајче Нацев за раководител на Институтот за историја и археологија.
- Одлука за верификација на Одлуката за избор на проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева за раководител на Катедрата за педагогија.
- Одлука за усвојување извештај од комисија за оценка, формирање комисија за одбрана и определување датум за одбрана на магистерскиот труд на кандидатот Снежана Ристеска.
- Одлука за усвојување извештај од комисија за оценка, формирање комисија за одбрана и определување датум за одбрана на магистерскиот труд на кандидатот Весна Петрова.
- Одлука за одобрување средства за печатење и издавање на Зборник со наслов „70 години учителско образование на македонски јазик во Штип“.
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/32 од 27.11.2017 год. за издавање учебник со наслов „Методика на развој на почетни математички поими“ од авторот проф. д-р Снежана Јованова-Митковска.
- Одлука за формирање рецензентска комисија за издавање учебник со наслов „Методика на развој на почетни математички поими“ на проф. д-р Снежана Јованова-Митковска.
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/30 од 27.11.2017 год. за издавање скрипта со наслов „Подвижни игри“ од авторот доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за формирање рецензентска комисија за издавање скрипта со наслов „Подвижни игри“ на доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за усвојување на Барање бр. 0801-2/28 од 27.11.2017 год. за издавање практикум со наслов „Основи на физичко и здравствено образование – практикум“ од авторот доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за формирање рецензентска комисија за издавање практикум со наслов „Основи на физичко и здравствено образование – практикум“ на доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус на студии.

**116. седница на ННС одржана на 20.12.2017 год.:**

- Усвојување на записникот од одржаната 115. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 20.12.2017 г.
- Одлука за утврдување на проф. д-р Нина Даскаловска за предлог-кандидат за избор на проректор за наука на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
- Одлука за ангажираност на наставниот кадар за трет циклус студии, учебната 2017- 2018 година.
- Одлука за распишување на конкурс за запишување кандидати на педагошко-психолошка и методска подготовка за летен семестар во учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на рецензија за издавање за издавање учебник со наслов „Методика на развој на почетни математички поими“ од авторот проф. д-р Снежана Јованова-Митковска (У. билтен 202, 15.12.2017 год.).
- Донесување Одлука за усвојување на рецензија за издавање практикум со наслов „Основи на физичко и здравствено образование – пПрактикум“ од авторот доц. д-р Билјана Попеска (У. билтен 202, 15.12.2017 год.).
- Одлука за усвојување на рецензија за издавање скрипта со наслов „Подвижни игри“ од авторот доц. д-р Билјана Попеска.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Зоран Ристовски, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Марина Миросавлљевиќ, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Татјана Хосл, студент на втор циклус студии.
- Донесување Одлука за продолжување на рокот за студирање на Мирела Терпо, студент на втор циклус студии.
- Одлука за усвојување извештај од комисија за оценка, формирање комисија за одбрана и определување датум за одбрана на магистерски труд на кандидатот Трајче Димков.
- Одлука за формирање комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Наташа Котева.
- Одлука за формирање комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Роза Николова.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус студии.
- Одлука за преземање обврски за универзитетски изборни предмети на прв циклус студии за учебната 2012/2013 год.
- Одлука за организирање Меѓународна научно-стручна конференција со наслов „Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“ во периодот мај 2018 год.

- Одлука за формирање Организациски одбор за Меѓународна научно-стручна конференција со наслов „Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“.

**117. седница на ННС одржана на 30.1.2018 год.:**

- Усвојување на записникот од одржаната 116. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 20.12.2017 г.
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области методика и образование на наставници.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области методика и образование на наставници.
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија и друго).
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија и друго).
- Одлука за определување на бројот на членови на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки за летен семестар, учебната 2017/2018 год.
- Одлука за преземање обврски од проф. д-р Соња Петровска.
- Одлука за усвојување барање за оправдано платено отсуство од проф. д-р Никола Смилов.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Бајрам Мустафов, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Ивана Ангелова, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Петре Стојанов, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Јулијана Ѓеоргиева, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Кирил Спасов, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Фросина Лазарова, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Весна Димитрова, студент на втор циклус студии.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Роберт Донев, студент на втор циклус студии.
- .Донесување Одлука за формирање комисија за предлози по предлог-реформите во основното образование од МОН.

- Одлука за запишување на пријавени кандидати на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка, во летен семестар, учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус студии.
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/4 од 30.1.2017 год. за одобрување на оправдано платено отсуство за патување во странство од проф. д-р Тодор Чепреганов.
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/5 од 30.1.2017 год. за одобрување на научно истражувачки престој доц. д-р Соња Николова.
- Одлука за измена и дополнување на одлуката бр. 1602-99/6 од 13.6.2017 год. за ангажираност на наставничкиот кадар и соработниците на Факултетот за образовни науки во зимскиот/летниот семестар во учебната 2017/2018 година, на прв циклус универзитетски академски студии.

**118. седница на ННС одржана на 15.2.2018 год.:**

- Усвојување на записникот од одржаната 117. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 30.1.2018 г.
- Одлука за потврдување на веродостојноста на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) од наставниците на Факултетот за образовни науки за календарската 2018 год.
- Одлука за бројот на студенти кои се запишуваат во прва година на прв циклус универзитетски академски/стручни студии за учебната 2018/2019 год. на Факултетот за образовни науки.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Христијан Митев бр.на индекс 071499 под наслов „Влијанието на медиумите врз развојот на децата“ и за ментор се определува доц. д-р Кирил Барбареев.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Клаудија Јефтимова бр.на индекс 07242 под наслов „Правни и институционални аспекти на трудовата експлоатација во процесот на трговија со луѓе“ и за ментор се определува вон.проф. д-р Андон Мајхошев.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Елена Стефановска бр.на индекс 071520 под наслов: „Етиологија и феноменологија на детско претстапништво“ и за ментор се определува доц. д-р Олга Кошевалиска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Верица Јосифова бр.на индекс 071946 под наслов „Оставина“ и за ментор се определува вон. проф. д-р Игор Камбовски.

***163. седница на ННС одржана на 19.6.2018 год.***

Усвојување на записник од 162. седница.

- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област казнено право.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звања доцент/вонреден професор звања за наставно-научна област казнено право.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област социјално право.
- Одлука за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд на кандидатот Даниела Ристова-Петковска под наслов „Правна заштита на субјектите и носителите на авторски и сродни права во Република Македонија, споредбено со европското право на интелектуална сопственост“.
- Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Слободан Ивановски под наслов „Улогата на меѓународната организација на трудот во креирањето на меѓународните стандарди на трудот“.

- Одлука за промена на ментор за изработка на магистерскиот труд под наслов „Улогата на Европската Унија во процесот на демократизација на Република Македонија“ од кандидатот Дарко Стојанов.
- Одлука за одобрување и покривање на трошоците за хотелско сместување на четири професори од Универзитетот „Вороњеж“ во Русија по две ноќевања за учество на 5-тата Меѓународна конференција во организација на Правниот факултет.
- Одлука за одобрување за рекламно-пропаганден материјал за 5-тата Меѓународна научна конференција во организација на Правниот факултет.
- Одлука за организирање на превоз за учесниците на 5-тата Меѓународна конференција на Правен факултет.
- Одлука за одобрување за печатење сертификати, програма и постери за 5-тата Меѓународна научна конференција во организација на Правниот факултет.
- Предлог-одлука за надомест на трошоците за лекторирање на трудовите од студентите кои се објавуваат во меѓународното списание на Правен факултет Student Social Science Journal од средствата што ги плаќаат студентите на сметка за надомест за книжен фонд.
- Одлука за одобрување на Барање бр. 1005-11/1 од 14.6.2018 година од Симона Данилова.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Благица Петковска бр.на индекс 071746 под наслов „Создавањето на ЕУ и договорот од Мастрихт“.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Дејан Михајлов бр.на индекс 071968 под наслов „Кривични дела против здравјето на луѓето“.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Наташа Динчева, бр.на индекс 071665 под наслов „Улогата на трудовата инспекција во заштитата на правата на вработените“.

***164. седница на ННС одржана на 29.8.2018 год.***

Усвојување на записник од 163. на ННС.

- Одлука за избор на д-р Олга Кошевалиска во звање вонреден професор за наставно-научната област казнено право.
- Одлука за избор на д-р Лазар Нанев во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област казнено право.
- Одлука за формирање на нова рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право.
- Одлука за распишување на конкурс за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област казнено право.
- Одлука за издавање на Годишен зборник бр. 8 на Правен факултет.
- Одлука за дополнување на годишен план и програма за издавачка дејност за 2018 година.

- Одлука за доделување на привилегии на проф. д-р Војо Беловски за предметите Трговско право и Меѓународни трговски договори.
- Одлука за доделување на привилегии на доц. д-р Милица Шутова за предметот Договорно право.
- Одлука за измена на одлуката за формирање на комисии за комисиско полагање по четврти пат за предметите на Правен факултет.
- Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Кирил Гоџиров под наслов „Дипломатската поставеност и делување на ЕУ со осврт на дипломатското влијание кон Западен Балкан“.
- Одлука за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд на кандидатот Марија Костова под наслов „Системот на казни во Република Македонија и нивното влијание врз сузбивањето на криминалитетот преку компаративна анализа со другите правни системи“.
- Одлука за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд на кандидатот Маја Николова под наслов „Методика на откривање на различни видови кривични дела од областа на имотниот криминалите“.
- Одлука за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд на кандидатот Љубица Горгиева под наслов „Методи и техники за откривање и фиксирање на најчести траги при кривично дело: ситна кражба, тешка кражба и разбојничка кражба“.
- Одлука за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд на кандидатот Милена Крушарева под наслов „Методика на откривање на разбојништвата и истражување на значењето на цртите на криминалната личност на разбојниците“.
- Одлука за определување на рецензенти за издавање на скрипта и практикум по предметот Меѓународно јавно право од доц. д-р Дејан Маролов, и тоа проф. д-р Јован Ананиев и доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска.
- Одлука за одобрување на Барањето за отсуство бр.0801-2/46 од 29.8.2018 од доц. д-р Дејан Маролов.
- Одлука за одобрување на Барањето за отсуство бр.0801-2/42 од 27.8.2018 од доц. д-р Кристина Мишева.
- Одлука за одобрување на Барањето за отсуство бр.0801-2/44 од 27.8.2018 од доц. д-р Кристина Мишева.
- Одлука за одобрување на Барањето за отсуство бр.0801-2/43 од 27.8.2018 од доц. д-р Марија Амповска.
- Одлука за одобрување на Барањето за отсуство бр.0801-2/44 од 27.8.2018 од доц. д-р Марија Амповска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Ален Кацаров бр.на индекс 071931 под наслов „Казнени и криминолошки аспекти на феноменот корупција“ и за ментор се определува доц. д-р Олга Кошевалиска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Александар Стефановски бр.на индекс 071863 под наслов

„Новинарски жанрови со посебен осврт на основните новинарски жанрови и за ментор се определува проф. д-р Андон Мајхошев.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Верица Георгиева бр.на индекс 071924 под наслов „Правна рамка на сексуалните деликти сторени спрема деца во македонското законодавство“, и за ментор се определува доц. д-р Олга Кошевалиска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Елеонора Гоцевска бр.на индекс 071978 под наслов „Мрачниот интернет“, и за ментор се определува проф. д-р Страшко Стојановски.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Иван Анѓеловиќ бр.на индекс 071915 под наслов „Егзогени фактори за појава на детското преставништво“, и за ментор се определува доц. д-р Олга Кошевалиска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Иван Буралиев бр.на индекс 071897 под наслов: „Карактеристики на казненото право и системот на санкции за деца согласно Закон за правда на децата“, и за ментор се определува доц. д-р Олга Кошевалиска.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Ивана Здравкова, бр.на индекс 072004 под наслов „Подоблици на правото на сопственост“, и за ментор се определува проф. д-р Игор Камбовски.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Ирена Цијева, бр.на индекс 071772 под наслов „Начини на стекнување и престанување на државјанството“, и за ментор се определува проф. д-р Игор Камбовски.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Јосиф Рашидовски, бр.на индекс 071882 под наслов „Третман на проблемот на дискриминација на ромите во медиумите“, и за ментор се определува проф. д-р Андон Мајхошев.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Кирил Илиев, бр.на индекс 071544 под наслов „Компаративна анализа на данок на имот во Република Македонија и Република Хрватска“, и за ментор се определува доц. д-р Кристина Мишева.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Марија Јовчева, бр.на индекс 07877 под наслов „Откажување на договорот за вработување со посебен осврт на откажувањето на договорот за вработување од деловни причини“, и за ментор се определува проф. д-р Андон Мајхошев.
- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Милена Станишковска, бр.на индекс 071978 под наслов: „Лажни вести во електронските медиуми“, и за ментор се определува проф. д-р Страшко Стојановски.

- Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на дипломски труд од студентот Симона Стоикова, бр.на индекс 072006 под наслов: „Право на службеност", и за ментор се определува проф. д-р Игор Камбовски.

**Постигнати резултати на студентите по одделните предмети на единицата (го пополнува референтот во Одделот за прв циклус на студии и референтот за втор и трет циклус на студии)**

**Просторни услови**

Факултетот располага со една свечена сала, една предавална и една импровизирана судница во Штип. Правниот факултет користи предавални и во просториите на Факултетот за образовни науки во Штип. Најголем дел од просторните услови на Факултетот се реновирани и санирани.

**Издавачка дејност (зборници, книги)**

Правниот факултет има специјална библиотека, како и читална за студентите. Моментално се работи на нејзина компјутеризација со можност за пребарување на интернет, електронско поврзување со други библиотеки и нејзино мрежно поврзување со целиот наставнички кадар на факултетот. Библиотеката располага со вкупно 12600 наслови од областа на правото, општествените науки, комуникациите, новинарството и др.

Во оваа година од печат излезе Годишен зборник на Правен факултет бр. 6 и бр.7 ).

Се одржа и 5. меѓународна конференција под наслов „Општествените промени во глобалниот свет" на Правен факултет во септември 2018 година

Издавање на БССР вол. 9 јуни 2017 година.

**Научноистражувачка работа (проекти)**

**Домашни/меѓународни проекти**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|
| 1.11.2017 до 1.11.2018 | Улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем во Република Македонија | Главен истражувач вон.проф.д-р Игор Камбовски | Анкети, посета на институцијата, учество на конференции, научни и стручни трудови |

**Домашни/меѓународни проекти**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Од 2017 до 2018 Одлука на Сенат бр. 0201-545-9 од 29.5.2017 год | Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во источно-планскиот регион | Раководител на проектот: д-р Војо Беловски Истражувачи: вон. проф. Борка Тушевска Гавриловиќ; вон. проф. Олга Кошевалиска; доцент Кристина Мишева | **Учество на конференции, семинари и објавени трудови во меѓународни списанија** |

**Објавени трудови**

**Доц. д-р Марија Амповска**

- *Однос на отштетното право и правото на осигурување во македонскиот правен систем*. Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-8713, декември, 2017.
- Marija Ampovska, *Lawyer's professional liability insurance in Macedonian Law*, Универзитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици Правни факултет Зборник радова „Универзално и особено у праву“ 2018.
- Marija Ampovska, *Compensation of damage in case of professional liability in legal professions under the law of Republic of Macedonia*, Collection of Papers, International scientific conference "Law in the context of addressing the challenges of the contemporary world" Faculty of Law, University of Niš, 2018.
- *Осигурување од одговорност на извршителот во македонското право*, Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет, Штип, 2018.
- *Видови на стекнување без основа*, Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција Општествените промени во глобалниот свет, Штип, 2018.

**Доц. д-р Димитар Апасиев**

- *Кривичните судења пред римскиот Сенат во време на императорот Тибериј*; УДК.343(37); Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – Том I (Право), Правен факултет, Штип; ISBN: 978-608-244-548-9; стр. 261–278.

**Вон.проф.д-р Јадранка Денкова**

– Balkan Social Science Revie, Vol.11. No 11, Hihger education in Republic of Macedonia: Challeneges and perspectives Stra sko Stojanovski, Jadranka Denkova, Dejan Marolov, University"Goce Delcev Stip Faculty of law, 20.06.2018.

– KNOWLEDGE – International Journal vol 23.1. May, Scientifis paper 2018 Budva Montenegro, Institute of knowledge management, Skopje Maceodina, ISSN 1857-923X The influence of learning and knowledge od the decision to choose life insurance, Jadranka Denkova, Branka Denkova.

**Проф. д-р Војо Беловски**

– Belovski, Vojo and Majhosev, Andon (2017) *Трудово право.* Faculty of Law, University "Goce Delcev" - Stip. ISBN 978-608-244-383-6.
– Belovski, Vojo and Majhosev, Andon (2017) *Европското трудово право и глобализацијата.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9.
– Belovski, Vojo (2017) *Concept of a joint stock company.* Journal of Process Management – New Technologies International. pp. 25-27. ISSN 2334–7449 (online)/ 2334 735X (print).
– Belovski, Vojo (2017) *Права и обврски на работникот и работодавачот,* Општествените промени во глобалниот свет, 4. ISSN 978-608-244-353-9
– Belovski, Vojo (2017) *Inspection in the field of employment relationships and penalty provisions under the Labor Law.* Journal of Process Management New Technologies International, 5 (6). pp. 78-92. ISSN 2334-744.
– Belovski Vojo, Општествените промени во глобалниот свет, 3-5 Sept 2018, Stip, Macedonia, Менаџментот и одлучувањето.

**Доц. д-р Милица Шутова**

- Stefanovski, Ljubisa Sutova, Milica (2018) „Значај и функције жига у пословном и потрошачком сектору". Европско законодавство, Београд.
- Vlašković, Božin, Sutova, Milica (2018) Употреба индивидуалних и колективних жигова за обележавање производа и услугапрема Уредби бр.207/2009. XIV Мајско саветовање „Савремени правни промет и услуге", Kragujevac.
- Zivkovska, Rodna, Przeska, Tina, Raskovski, Dragi and Sutova, Milica (2018) Legal norms as building blocks of legal systems. International magazine for social sciences "Vizione", Skopje.
- Мицковиќ, Дејан, Шутова, Милица (2018) Вршење на родителското право по разводот на брак De LegeLata, De Lege Ferenda. Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Штип.
- Sutova, Milica, Vlaškovic, Ksenija (2018) Legal protection of the trademark rights in license agreement. Fifth international scientific conference "Social change in the global world", Stip.

**Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска**

– Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) Криминолошки аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена, Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“.
– Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) Бангкочките правила lex ferenda за жената затвореник,Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“.
– Koshevaliska, Olga, Tusevska Borka and Ivanova, Elena: Criminological aspects of pink collar crime, BSSR, UGD, Volume 11, 2018.
– Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2018) *Comparative legal aspects of corporate crime.* Judicial reforms and anti -corruption practices : challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7.
– Kosevaliska, Olga (2017) *Почитување на основните човекови права во борбата против тероризмот.* Европско право, 6 (2). pp. 79-88. ISSN 1857- 842X.

**Вон. проф. д-р Ивица Јосифовиќ**

- Case Study: European’s Union Cooperation in Exchanging and Processing E-evidence, Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), The International Scientific Conference “New Knowledge for the New People”, October 2017.
- Европски јавен обвинител: потреба или нужност – Годишен зборник на Правен факултет, број 7, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, декември 2017.
- The preliminary Ruling Procedure of the Court of Justice of the European Union and the Common Foreign and Security Policy**,** Balkan Social Science Review, Vol. 11, May 2018.
- Судскиот активизам во рамки на Судот на правдата на Европската Унија: корисна критика или преценет концепт, Петта меѓународна конференција: Општествени промени во глобалниот свет, Штип, август 2018.
- Прекуграничната соработка на Европската Унија во размената и процесирањето на е-докази: студии на случаи, Правник, април 2018.
- Европски јавен обвинител: анализа на членовите 85 и 86 од Договорот за функционирање на Европската Унија, Правник, мај 2018.

**Доц. д-р Кристина Мишева**

- Andonov, Marko and **Miseva, Kristina** and Mihajloski, Zoran (2018) *The position of licensed industries with special emphasis of the Republic of Macedonia*. 6-th International OFEL Conference on Governance, Management and Entrepreneurship.
- **Miseva, Kristina** (2018) *Contemporary trends and challenges of the current system of managing and financing the public healthcare system*

*of the Republic of Macedonia*. Collection of papers "Universally and Particularity at Law". ISBN 978-86-6083-054-0.
- **Miseva, Kristina** and Dimic, Suzana (2018) *Апории за оданочувањето на црквите и црковните даноци – примери во Р. Македонија и Р. Србија*. Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". ISSN ISBN 978-608-244-548-9.

**Вон. проф. д-р Страшко Стојановски**
- Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2018) *Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia.
- Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2018) *Миграции на маладите од Република Македонија; Демографски показатели и перцепции на јавното мислење.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia.
- Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018) *Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives.* Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857-8772
- Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017) *Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531.

**Доц. д-р Дејан Маролов**
- Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018) *Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives.* Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857-8772.
- Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017) *Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531.
- Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2018) *Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia.
- Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) *Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа.* In: Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 6-7 Sept 2017, Stip, Macedonia.

**Вон. проф. д-р Борка Тушевска**
- Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Ivanova, Elena (2018) *Criminological aspects of pink collar crime.* Balkan Social Science Review, 11 (11). pp. 51-64. ISSN 1857- 877.

– Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga (2018) *Comparative legal aspects of corporate crime.* Judicial reforms and anti -corruption practices : challenges, prospects and transfer of experiences, 1. pp. 75-94. ISSN 978-608-248-023-7.
– Koevski, Goran and Tusevska, Borka and Spasevski, Darko (2017) *Парадигмата во односите кај органите на надзор и органите на управување кај акционерските друштва.* Европско право (10). pp. 45-52. ISSN 1857- 842X.
– Tusevska, Borka (2017) *Specifikite na bankarskata garancija kako instrument za obezbeduvanje na pobaruvanje.* Правна ревија Правоматика (2). pp. 62-80. ISSN 2545-4099.
– Tusevska, Borka (2017) *Одговорност на стечајниот управник во Република Македонија.* Општествените промени во глобалниот свет. pp. 27-47. ISSN 978-608-244-353-9.

**Доц. д-р Ана Н. Крстевска**

- **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.**: Нутела версус Нутела, Република Македонија версус ФИРОМ, Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2018, стр.637-652. ISBN 978-608-244-548-9.
- **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana:** Externalization of European Union Security out of EU Borders: a Myth or Reality?, Yearbook of the Faculty of Law n. 7, University Goce Delcev – Stip, 2017. ISSN 1857-7229.
- **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана и ЈАКИМОВСКА, Јана (уредници):** Не е шега: дискриминација, цензура, Публикација на студентски трудови и плакати, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет и Ликовна академија, Штип, 2018.

**Ас. док. д-р Елена Максимова**

- ***Criminological aspects of pink collar crime*** –Olga Koshevaliska, Borka Tushevska, Elena Maksimova, Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2018; vol.11, ISSN: 1857- 8772 , page 51-64.
- ***Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник*** *- Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимова,* Зборник на трудови Петата *меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип: 2018.*
- ***Криминолошките аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена*** *- Олга Кошевалиска, Елена Максимова,* Зборник на трудови Петата *меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет ГоцеДелчев, Штип: 2018.*

**Вон. проф. д-р Игор Камбовски**

- „ПРАВО НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ПРЕД СУД“, објавен во Knowledge-International Journal, бр.22, март 2018 година.
- ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА-10 ГОДИНИ ПОДОЦНА“, презентиран на Меѓународната научна конференција на Правниот факултет во Ниш, на 13-14 април 2018 година и објавен во Зборник на трудови од Конференцијата.
- „ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИТЕ КАЈ ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА“, презентиран на 14. Меѓународен научен собир „Мајско советување“ на 25 мај 2018 година на Правниот факултет во Крагуевац и објавен во Зборник на трудови со меѓународна рецензија.
- „СИГУРНОСНИ АСПЕКТИ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА“, презентиран на 5. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ одржана на 6-7 септември на Правниот факултет во Штип.

**Вон. проф. д-р Андон Мајхошев**

- Мајхошев, А , *Медиумско право-учебник*, 2018, УГД-Штип.
- Мајхошев, А., Беловски, В. *„Европско трудово право и индустриските односи во ЕУ»*, во фаза на издавање, 2018.
- Сузана Џамтоска-Здравковска, Андон Мајхошев, Драган Донев *„РЕГУЛИРАЊЕ НА РАДИОДИФУЗНИТЕ ПРОГРАМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ», објавен на V Меѓународна конференција* Општествените промени во современиот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 6-7.9.2018 г.

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**

| Р. бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/ реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д-р Олга Кошевалиска | вонреднен професор | казнено право | избор |
| 2 | Д-р Билјана Тодорова | вонреден професор | социјално право | избор |
| 3 | Д-р Лазар Нанев | насловен вонреден професор | казнено право | реизбор |
| 4 | Д-р Тодор Витларов | насловен вонреден професор | казнено право | реизбор |

**Други активности**

**Доц. д-р Марија Амповска**

- Монографија „Основ на граѓанско-правната одговорност за штета”, издавач УГД, ноември 2017.
- Научноистражувачки проект на УГД „Улога и значење на државното,

правобранителство во правосудниот систем на Р.Македонија”, истражувач.
- Европско отштетно право, поглавје во рамки на книгата Европска Унија: право и политики (во печат).
- Локалната самоуправа во контекст на правната, управувачката и политичката култура на Правниот факултет при Воронешкиот државен универзитет, одржана на 17 септември 2018 г.
- Член на организациски одбор на научна конференција Општествени промени во глобалниот свет.
- Уредник на Зборник на трудови на Петта меѓународна научна конференција Општествени промени во глобалниот свет.
- Уредник на меѓу народно научно списание на Правен факултет Balkan Social Scinece Review.
- Член на комисија за полагање на стручен испит за застапници за индустриска сопственост при Државен завод за индустриска сопственост.

**Доц. д-р Димитар Апасиев**
- *Светот – карантин за лепрозните*; јавна дискусија со академик проф. д-р Ферид Мухиќ во склоп на Филозофскиот филмски фестивал (ФФФ), Кинотека на Македонија, Скопје.
- *Нихилизам – генеалогија и предизвици*; јавно предавање на м-р Фили Клетников; свечена сала, Правен факултет УГД, Штип.
- Јавна седница по повод *Иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување консултативен референдум за т.н. Преспански договор*; Уставен суд на РМ (свечена сала за седници), Скопје.
- Научна трибина *Договорот меѓу Грција и ‘Втората страна’: Пандорина кутија или излез од лавиринтот*; Филозофски факултет (Сала за состаноци), УКИМ, Скопје.
- Јавна расправа по повод *Барање за заштита на слобода на изразување и политичка дискриминација*; Уставен суд на РМ (сала за седници), Скопје
- *Кривичната постапка во Соединетите Американски држави – карактеристики и тек на судењето, со посебен осврт на улогата на странките, судијата и поротата* – предавање на Џон Мекнил – правен советник на Амбасадата на САД во РМ, во рамки на манифестацијата „Денови на симулирано судење“, Правен факултет УГД, Штип.
- V$^{th}$ International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State University ’Goce Delcev’ – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, Ceremonial Hall, Shtip (со добиен Сертификат за учество).
- *Enterpreneurship and Knowledge-Based Economy* – Training Workshop (“Horizon 2020 - Twinning Project ‘Smart EIZ’”; Ekonomski Institut Zagreb, Hrvatska.

- *Рецензент* на трудови на традиционалната Меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" – од областа на правната историја и теорија ($V^{th}$ International Scientific Conference *Social Change in The Global World*) – Правен факултет, УГД, Штип.
- *Член* на Комисија за селекција избор на демонстратори на Правниот факултет при УГД.
- *Претседател* и *член* на Комисии за полагање на испити.
- *Претседател* и *член* на Комисија за полагање завршни испити – Правен факултет при УГД.
- *Претседател* и *член* на Комисија за одбрана на дипломски трудови – Правен факултет при УГД.
- *Претседател* и *член* на Комисија за одбрана на магистерски трудови – Правен факултет при УГД (Штип).
- *Претседател и член* на Рецензентски комисии за оценка на магистерски тези – Правен факултет при УГД (Штип).
- *Член* на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД – Штип.
- *Член* на Уписна/Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет при УГД – Штип во повеќе учебни години (прием, средување и електронска обработка на документација).
- *Член* на Комисијата за спроведување и реализација на Ораторските вечери на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
- *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија*; Фонд за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
- *ResPublica – Изразување на јавниот интерес* (Проект за зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија); Институт за комуникациски студии, Скопје.

*Причините поради кои Уставниот суд ќе го поништи илегалниот референдум за „Северна Македонија"*; академски блог објавен во рамки на проектот „ResPublica – Изразување на јавниот интерес (зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија)"; ИКС - Институт за комуникациски студии, Скопје (http://respublica.edu.mk/blog/2018-09-17-08-29-48).

*Неуспешниот референдум значи дефинитивен крај на т.н. Преспански договор*; блог во рамки на проектот „ResPublica – Изразување на јавниот интерес (зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија)"; ИКС - Институт за комуникациски студии, Скопје (http://respublica.edu.mk/blog/2018-08-31-07-56-50).

*Референдумското прашање е спротивно на европските стандарди утврдени од Венецијанската комисија*; блог објавен во рамки на проектот „ResPublica – Изразување на јавниот интерес (зголемување на

моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија)“; ИКС - Институт за комуникациски студии, Скопје (http://respublica.edu.mk/blog/2018-08-13-07-29-03).

*Смртните правни пречки поради кои т.н. Преспански договор е клинички мртов;* блог во рамки на проектот „ResPublica – Изразување на јавниот интерес“; ИКС - Институт за комуникациски студии, Скопје (http://respublica.edu.mk/blog/2018-06-26-08-25-04).

*Шверцувањето на двојазичноста и „џебното ето“ на Претседателот;* блог во рамки на проектот „ResPublica – Изразување на јавниот интерес“; Институт за комуникациски студии, Скопје (http://respublica.edu.mk/blog/2018-03-14-08-47-51).

*Ментор* на студенти-оратори и дебатери на државниот меѓууниверзитетски натпревар по ораторство на тема „Студентска порака до Европа“ – во организација на Европското движење на Македонија (ЕДРМ) и Делегацијата на ЕУ во Македонија и Германската фондација „Конрад Аденауер“; Универзитет „Американ Колеџ“ – Скопје (освоено прво место и добиена плакета).

*Организатор* VIII Ораторска вечер на УГД – обучувач и тренер (со добиен Сертификат за успешна реализација на оваа традиционална универзитетска манифестација).

*Благодарница за оригинален придонес во развојот на јавното мнение*, Центар за развој на јавното мислење, Штип.

**Проф. д-р Јадранка Денкова**

- XIV International May conference on strategic management, Touch the new wave 25-27 May 2018, University of Belgrade, Tehnical faculty in Bor managment department, Bor Serbia, ISBN 978-86-6305-082- 2, COMPARATIVE ANALYZIS OF HRM IN PUBLIC ADMINISTRATION Jadranka Denkova, Jovan Ananiev, Strasko Stojanovski, мај 2018.
- Петта меѓународна научна конференција Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Зборник на трудови, ISBN 978-608-244-548-9. Јадранка Денкова, Сузана Џамтовска Здравковска, Бранка Денкова. Вонсудска контрола за работата на јавната администрација – народен правобранител, Јадранка Денкова, Сузана Џамтовска-Здравковска, Бранка Денкова, септември 2018.
- Петта меѓународна научна конференција Општествени промени во глобалниот свет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет, Зборник на трудови, ISBN 978-608-244-548-9. Миграции на млади од Република Македонија демографски показатели и перцепции на јавното мислење*, Страшко Стојановски, Јадранка Денкова,* септември 2018.

**Доц. д-р Милица Шутова**

- Член во работна група за изготвување на Законот за управните спорови.

**Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска**

- 2017-2018 - Денови на симулирано судење, Амбасада на САД во МК.
- 2016-2018 - Креирање на коментар на Законот за правда за деца со практикум, УНИЦЕФ, национален експерт.
- 2016-2018 - Развивање на индикатори за следење на состојбата со децата жртви на насилство, UNICEF и ЕУ, национален експерт.
- Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во источниот регион базирани на знаење, УГД, Фонд за научноистражувачка работа.
- 21.08.2018.-.24.08.2018 – Training for hate crime – Warsaw, Poland, Headquarters of OSCE.
- 11 септември 2018 - Меѓународнка конференција за Корупцијата во Високото образование, ИССИЕ и Штулов Универзитет, со поддршка на Амбасадата на САД.
- Септември 2018, Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. Клучен излагач.
- Март 2018 - 7 обуки спроведени во рамки на проектот Креирање на коментар на Законот за правда за деца со практикум, УНИЦЕФ, национален експерт и обучувач.

**Вон. проф. д-р Ивица Јосифовиќ**

- Проект на Министерството за правда на Република Македонија, Министерството за правда на Република Хрватска и Министерството за правда на Република Латвија. – Проект финансиран од Европската Унија „Зајакнување на владеењето на правото“ од декември 2015 до ноември 2017 година.
- Посета на Судот на правдата на Европската унија во Луксембург во октомври 2017 година како дел од проектот на Министерството за правда на Република Македонија, Министерството за правда на Република Хрватска и Министерството за правда на Република Латвија – Проект финансиран од Европската Унија „Зајакнување на владеењето на правото“.
- Учество со трудови на повеќе конференции и семинари во земјата и странство.
- Постојан предавач во Академијата за судии и јавни обвинители – Модул 3: Меѓународно право и Право на Европска Унија.

**Доц. д-р Кристина Мишева**

- Организација за посета на Берза за хартии од вредност на Р. Македонија и Комисија за хартии од вредност на Р. Македонија со студентите од трета година, Скопје, 11.2017 година.
- Организација на меѓународен научен собир за 2018 година (Петта конференција Општествени промени во глобалниот свет 6-7.09.2018), поддржано од Министерство за образование на РМ.
- Член на организационен одбор на Петтата меѓународна научна конференција „Социјалните промени во глобалниот свет“, Правен факултет - УГД, 6-7 септември 2018 г.

- Тркалезна маса на тема: *Местное самоуправление в контексте правовой, управленческой и политической культуры*, Правен факултет Универзитет Вороњеж, Вороњежм Русија, 14-17 септември 2018 година.

**Проф. д-р Страшко Стојановски**
**Учество на меѓународни научни конференции**

- Stojanovski Strasko, Dejan Marolov (2018) The Name issue and Euro-Atlantic Integrations of Republic of Macedonia: The Public Opinion View. International Scientific Conference:LAW IN THE CONTEXT OF ADDRESSING THE CHALLENGES OF THE CONTEMPORARY WORLD. Faculty of Law, Nis, Serbia. 13th and 14th April 2018.
- Стојановски Страшко, Андон Мајхошев, Дејан Маролов (2018) Слобода на медиумите и владеење на правото во Република Македонија. 4-та Меѓународна научна конференција ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРАВОТО - 2018, РЕФОРМИТЕ ВО ПРАВОТО: ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО. Охрид, 10-13 мај 2018.

**Останато**

- Член на Уредувачкиот одбор на на списанието Balkan Social Science Review.
- Реализација на дебати во рамките на предметот Социологија на правото.
- Истражувањето е спроведено во рамките на предметните активности по предметите Јавност и јавно мислење и Истражувачко новинарство од студентите во трета година на студиската група Новинарство и односи со јавноста (Скопје) на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Истражувањето се однесува на Слободата на изразување во медиумите во Република Македонија. Истражувањето е спроведено со анкетен прашалник на целен примерок, при што се опфатени вработени во национални и локални медиуми, како и интернет портали.
- Во рамките на предметните активности по предметите Истражувачко новинарство и Јавност и јавно мислење, но и севкупните активности на групата Новинарство и односи со јавноста е реализирана работилница на тема „Лажни вести и истражувачко новинарство“. На обуката како новинари практичари свои излагања имаа новинарите Игор Стојанов, Тони Михаилов и Горан Лефков.

**Доц. д-р Ана Н. Крстевска**
**Учество на конференции, семинари, научни собири и слично:**

- **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.:** Double standards of the European Union (Key note speaker), International Scientific Conference on Bulgaria and Macedonia: Different Challenges, Common European Future, University St. Kliment Ohridski - Sofia, 24 – 25 April, 2018.

- **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА,** А.: Предавање на тема „Двојните стандарди на Европската Унија во политиките за проширување на Унијата" по повод Одбележување на денот на Европа, 9.5.2018 г. и промоција на книги во издание на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Учество во домашни и меѓународни проекти:**

– Истражувач во рамките на проектот *Jean Monnet Network MAPS: Migration and Asylym policies systems. Weaknesses, shortcomings and reform proposals?,* спроведен од Универзитетот „Ориентале" во Неапол, под раководство на проф. Џузепе Каталди, 2018 – 2021, финансиран од Европска Унија.
– Претставник на Правен факултет, УГД – Штип во рамките на мрежата SEELS (South East European Law Schools Network) и член на проектот „*Education4progress*", 2018 – 2021.
– Истражувач и член на управен одбор на меѓународен проект COST Action CA16211 '*Reappraising Intellectual Debates on Civic Rights and Democracy in Europe'*, 2017 – 2021, под раководство на Хозе Мариа Розалес, финансиран од Европска Унија.
– Истражувач во рамките на проектот *The sea at the crossroad: the legal repercussions of the superposition of legal regimes on the effectivity of the police at sea (MERCRO),* под раководство на Кјара Нери од Универзитетот 3 во Лион, финансиран од Agence nationale de la recherche - France, 2018 – 2021.
– Ментор на студенти во рамките на проектот „*Превенција од дискриминација и постапување во случаи на криминал од омраза и говор од омраза*", поддржан од ОБСЕ (2017).

**Учество во уредувачки, организациски и издавачки одбори на конференции и зборници**

- Член на редацкиски одбор на Balkan Social Science Review на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
- Член на издавачки совет и на редакциски одбор на меѓународен Годишен зборник на Правен факултет бр. 7 за 2016.
- Одговорен уредник на Годишен зборник на Правен факултет бр. 7 (2017).

Главен и одговорен уредник на меѓународното списание Student's Social Science Journal Issue N. 3 и 4 , 2017-2018.

- Член на Редакциски одбор на Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, која се одржа 6 - 7 септември 2018 год.
- Член на организациски одбор на меѓународна научна конференциј International Scientific Conference on Bulgaria and Macedonia: Different Challenges, Common European Future, University St. Kliment Ohridski - Sofia, 24 – 25 April, 2018.

- Претседател и член на Организиациски одбор на Втората студентска конференција „Студентската мисла во правото, политиката и општеството“, 3.11.2017, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Член на уредувачки одбор на меѓународно списание Politea (ISSN 2232 – 9641).

Член на уредувачк одбор на меѓународно списание SEE Law Journal (http://www.seelawjournal.org/).

**Учество и членство во универзитетски тела и одбори:**
- Раководител на Катедра за меѓународни односи и европско право.
- Координатор на работна група за подготовка на акредитација за едногодишни студии од втор циклус по европско право.
- Член во Комисија за оценка на оратори во Осмиот натпревар по ораторство на Правен факултет.

**Организација на настани:**
- Промоција на публикација „Не е шега: дискриминнација, цензура“ во рамките на истоимената изложба на плакати од студентите од Ликовната академија, под раководство на проф. Јана Јакимовска, изложена во Музеј на Скопје (1 – 10 април 2018), (дел од промотивните активности на УГД).
- Одбележување на Денот на Европа и промоција на книги и извештаи во издание на Правниот факултет, 9 мај 2018, Правен факултет – Штип.
- Предавање на полк. Антонио Бароне на тема „Што е НАТО?“, 10.12.2018, Правен факултет, УГД – Штип.
- Работилница „Слобода на говор и говор на омраза“, 17.11.2017, Правен факултет, УГД – Штип.
- Спроведување на две тркалезни маси на тема „Зајакнување на младинскиот дијалог за промоција на демократските процеси во духот на Евроатлантските интеграции“, спроведена од Евроатлантски совет на Македонија, 21 и 22.11.2017, Правен факултет – Штип и Струмица, УГД – Штип.

**Ас. док. д-р Елена Максимова**
- **18-22 септември 2017,** учесник е на „Охридската школа за природно право, Криминал од омраза и поврзани облици на криминалитет“ организирана од МАНУ поддржано од мисијата на ОБСЕ во Скопје. Учесник е во делот на презентација на докторанди и презентира тема на докторска дисертација.
- **Декември 2017** – во организација и учество за настан насловен „Денови на симулирано судење“, реализиран во Правен факултет УГД, Штип, кој претходи на проект. Се здобива со сертификат.
- **21 март 2017** – организира Ораторска вечер на УГД, во соработка со доцент д-р Димитар Апасиев, под капата на Клуб на оратори „Rostra

Vetera“ и Правен факултет УГД, на ниво на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- **4 септември 2018 –** одбрана на докторска дисертација со наслов „Криминалитет на жената во период 2005-2015 година, со осврт на виктимолошките аспекти“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ, а под менторство на проф. д-р Гордана Лажетиќ.
- **6-7 септември 2018** – член на организациски одбор и пријавена и учествува на третата меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ организирана од Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за два труда: во коавторство со проф. д-р Олга Кошевалиска и проф. д-р Лазар Нанев и проф. д-р Олга Кошевалиска.
- **Октомври 2018** – ментор на тим студенти (заедно со доцент д-р Дејан Маролов) кои учествуваат на „Седмата ФУТУРА“ – Регионален натпревар во симулирано судење за постапката пред Европски суд за човекови права, одржано во Битола. Се стекнува со сертификат за десет неделен курс за познавање на Европската конвенција за човекови права и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права.

**Вон. проф. д-р Игор Камбовски**

**Други активности:** Учество на работилница „Слобода на интернет3, одржана на 16 мај 2018 година на Правниот факултет во Штип во организација на Фондацијата Метаморфозис, со усна презентација на труд „ИНТЕРНЕТ ПРАВО, ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ“; Учество на работилница за обука на наставници за основање на правна клиника, „Intensive Regional Training of Multipliers for Legal Clinics3, одржана на 20-21 септември 2018 година на Правниот факултет во Белград, во организација на Europa-Institut, Saarland University и South East European Law School Network.

**Катедрата за граѓанско право** функционира преку состаноци и консултации на редовна база и по потреба, со активности поврзани со наставата, прегледување и одобрување пријави за дипломски и магистерски трудови, координација на програмите и распределба на предмети.

**Вон. проф. д-р Андон Мајхошев**

**Учество на конференции, обуки и семинари**

Учество на V Меѓународна научна конференција „Општествените промени во современиот свет“, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 6-7.9.2018.

**Други активности**

Во организација на Правниот факултет и Центарот за односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, а по повод Меѓународниот ден на слободата на печатот (медиумите), на 3 мај 2018 година, беше организиран настан „ДЕНОВИ НА СТУДЕНТИТЕ ПО

НОВИНАРСТВО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА», кој имаше и натпреварувачки карактер помеѓу студентите од студиската програма Новинарство од УГД, УКИМ и Државниот универзитет во Тетово.

Член на Комисија за оценување на новинарски *производ*.

## ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ

### Вовед

Земјоделскиот факултет како високообразовна установа во состав на државниот Универзитет „Гоце Делчев” од Штип, во академската 2017/2018 година, наставата за првиот циклус на академски студии ја реализира во неколку наставни центри и тоа, централно место е Наставниот центар во Штип на Кампус II (Кампус на природни, технички и биотехники науки) и во дисперзираните наставни центри во Струмица, Кавадарци и во Прилеп.

Главното мото на секоја единица во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е обезбедување на подобра и поквалитетна настава, за што конкретно Земјоделскиот факултет поседува пред сè соодветна професионална екипираност т.е. соодветен наставен кадар, како и потребна техничка опременост, која секоја година последователно се збогатува по број и со квалитет на опремата.

За современо изведување на наставата е обезбедена модерна нагледна опрема, LCD проектори, компјутери, а поставени се и телевизори како помагала при предавањата и видеопрезентациите по кампусите на Универзитетот т.е. Земјоделскиот факултет.

Освен теоретска настава, предност на студирањето на Земјоделскиот факултет е изведувањето на практична – лабораториска настава – вежби, кои се изведуваат во лабораториите, кои се современо опремени, со апаратура за потребните наставни активности и реализирање на практичните лабораториски вежби. Во процесот на студирањето на располагање е најразлична лабораториска опрема во студентските лаборатории: микроскопи, бинокулари, хемикалии, стакларија, инструменти, подлоги и др.

Преку одличната компјутерска опременост се овозможува постојан и широк пристап кон потребните информации за студентите и за вработените на факултетот. За поуспешно спроведување на наставниот процес и подобар квалитет при студирањето, факултетот располага и со опитни и производни земјоделски површини, со кои стопанисува „Уни сервис агро“ фирма основана од Земјоделскиот факултет при УГД-Штип. Површините се наоѓаат во атарите на с. Амзабегово и Батање, како и во околината на Кампусот во Струмица. На споменатите површини континуирано се организира теренска настава и студентска пракса, преку која студентите директно на терен можат да се запознаат со тековните процеси на работа како и примената на соодветни агротехнички мерки кои се предмет на проучување во студиските програми. Секоја година се потпишува и договор со поголемите земјоделски фирми во Македонија, каде студентите одат на еден месец задолжителна летна пракса.

Студентите од Земјоделскиот факултет, како и од сите и други единици, имаат бесплатен пристап до универзитетските изданија на скрипти и учебници публикувани од наставничкиот кадар на е-библиотеката на УГД.

Е-библиотеката е достапна за сите корисници во системот на УГД на линкот http://e-biblioteka.ugd.edu.mk. Студентите, исто така, можат да го користат и богатиот книжен фонд од современа научна и стручна, домашна и странска литература од универзитетската библиотека.

Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип досега се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање, а се во интерес на студентите сите промени и надградби на системот се во корист и олеснување на патувањето во иднината со УГД.

На Земјоделскиот факултет како и секоја година така и во периодот на учебната 2017/18 год. активно беше користена платформата на е-учење каде постојано се ажурираат предавањата и литературата, за збогатување на наставната содржина на секој предмет и за олеснување во изучувањето на материјата.

Летната пракса на студентите на Земјоделскиот факултет е исто така еден многу важен момент во студирањето на оваа факултетска единица. Земјоделскиот факултет има потпишано договор со 30 поголеми земјоделски фирми и компании од цела Македонија и во континуитет се потпишуваат договори со други фирми, каде што студентите одат на задолжителна пракса.

На 10 и 11 мај оваа година, Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип за првпат успешно го организираше првото научно-стручно советување „Агронаука и пракса“. Советувањето претавуваше мост помеѓу науката и праксата, споделување на многу искуства и проблеми со кои реално може да се соочат производителите. Советувањето беше одлична можност за размена на контакти помеѓу претставници од различни универзитети и институти кои беа учесници и гости на советувањето.

Институтот за поледелство и градинарство во Нови Сад, Република Србија, организираше Отворени пролетни и есенски денови на полето. Земјоделскиот факултет доби покана за учество на овие денови и учествуваше со група на професори и студенти од сите четири наставни центри. Студентите имаа можност да се запознаат со технологијата на производство како и стручни совети поврзани со производството на различни видови и сорти земјоделски културни растенија.

Во однос на соработката во рамките на програмата ЕРАЗМУС, Земјоделскиот факулте има остварено околу 40-тина договори со други институции и во периодот 2017/2018 има реализирано една Еразмус + посета и предавање на доц. д-р Емилија Арсов од Земјоделскиот факултет на Софискиот универзитет во Бугарија, како и посета на нашиот факултет од страна на 7 професори од други универзитети.

**Структура - број на вработени - наставници, соработници, административен кадар**

| Р. Бр. | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Михајлов Љупчо | редовен професор | | |
| 2. | Митрев Саша | редовен професор | | |
| 3. | Каров Илија | редовен професор | | |
| 4. | Илиева Верица | редовен професор | | |
| 5. | Колева Гудева Лилјана | редовен професор | | |
| 6. | Димовска Виолета | редовен професор | | |
| 7. | Кузелов Ацо | редовен професор | | |
| 8. | Спасов Душан | редовен професор | | |
| 9. | Ѓорѓиевски Милан | вонреден професор | | |
| 10. | Спасова Драгица | вонреден професор | | |
| 11. | Илиевски Мите | вонреден професор | | |
| 12. | Иванова Петропулос Виолета | вонреден професор | | |
| 13. | Трајкова Фиданка | вонреден професор | | |
| 14. | Костадиновиќ Величковска Сања | вонреден професор | | |
| 15. | Илиева Фиданка | доцент | | |
| 16. | Арсов Емилија | доцент | | |
| 17. | Балабанова Биљана | доцент | | |
| 18. | Маркова Руждиќ Наталија | доцент | | |
| 19. | Ковачевиќ Билјана | доцент | | |
| 20. | Атанасова Билјана | научен соработник | | |
| 21. | Давитковска Барбареева Елизабета | секретар | | |
| 22. | Бикова Ангела | администрација | | |
| 23. | Асенов Мичев Горги | насловно звање вонреден професор | | |
| 24. | Димовска Даниела | насловно звање доцент | | |
| 25. | Пресилски Стевче | редовен професор / надворешен соработник | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26. | Пашовска Силвана | доцент / надворешен соработник | | |
| 27. | Зајкова Панова Весна | виш лаборант | | |
| 28. | Каракашева Елизабета | виш лаборант | | |
| 29. | Арсова Јулијана | лаборант | | |
| 30. | Пенева Емилија | лаборант | | |
| 31. | Петрушева Драгана | лаборант | | |
| 32. | Боев Иван | советник за студентска архива | | |
| 33. | Јосифов Иван | советник за студентска архива | | |
| 34. | Удовалиева Аница | советник за студентска архива | | |
| 35. | Маџоска Наташа | советник за студентска архива | | |

**Наставно-соработнички кадар (во редовен работен однос)**

- Редовни професори 8
- Вонредни професори 6
- Доценти 7
- Виш лаборант 2
- Лаборант 3

**Административен кадар**

- Администрација 1
- Референт на студентски прашања 4
- Правен секретар 1
- Економ 1
- Чувари 3
- Хигиеничари 2

**Катедри**

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, организационата структура на Земјоделскиот факултет е поставена со 6 катедри.

Тековната поставеност на факултетот е со 6 катедри - основни организациони единици во функционирањето на факултетот, кои пак од друга страна е интегрален дел од организационата структура на Универзитетот.

Катедри на Земјоделскиот факултет се следниве:

Катедра за заштита на растенијата и животната средина
Катедра за растително производство
Катедра за прехранбена технологија и преработка на анималните производи
Катедра за наука на земјиштето и хидрологија
Катедра за лозарство и овоштарство
Катедра за растителна биотехнологија

**Реализирани активности по катедри за периодот 2017/18 година**

**Катедра за заштита на растенијата и животната средина и Унилаб**

Основната задача и дејност на Катедрата, како во изминатите години така и за периодот од 2017/18 година, е да обезбеди квалитетно и современо образование на студентите запишани на прв, втор и трет циклус на студии, преку воведување на современа методологија на презентирање, практично реализирање на експерименти и задолжителни теренски активности, со цел да се направи еден мост меѓу теоријата и праксата наречена фитомедицина.

Научноистражувачкиот интерес на оваа катедра е насочен кон теренски и лабораториски анализи за дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури, како и воспоставување најсоодветна заштита од истите: идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели, користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва, изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата.

Една од главните цели на истражувачката работа, е овозможување на пренос на знаењето од областа на заштитата на растенијата, интерпретација на добиените резултати, како и начин на примена на заштитни мерки но со внимавање и на заштитата на животната средина.

Катедрата за заштита на растенијата и животната средина во состав на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, спроведува и има планирано и реализира повеќе тековни и идни активности во наведениот период.

Во рамките на првиот циклус на студии на Земјоделскиот факултет, Катедрата за заштита на растенијата и животната средина има организирано современи и потребни предмети од областа на заштита на растенијата, прикажани во следнава табела:

Предмети на првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД – Штип

| |
|---|
| Фитопатологија |
| Ентомологија |
| Заштита во градинарството |
| Заштита на виновата лоза |
| Заштита во поледелството |
| Специјална ентомологија |
| Микологија |
| Бактериологија |
| Вирологија |
| Хербологија |
| Нематологија |
| Фитофармација |
| Анатомија и физиологија на болните растенија |
| Отпорност на растенијата |
| Биолошка заштита |

Покрај тоа, вработените од КЗРЖС се ангажирани и во наставата на вториот циклус на студии на Земјоделскиот факултет по следните предмети:

Предмети на кои вработените од КЗРЖС држат настава на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД-Штип

| |
|---|
| Фитофармација |
| Анатомија и физиологија на болните растенија |
| Отпорност на растенијата |
| Лабораториска практика 1 |
| Биолошка заштита |
| Лабораториска практика 2 |
| Молекуларна биологија |
| Општа фитопатологија |
| Општа ентомологија |
| Општа хербологија |
| Микологија |
| Вирологија |
| Бактериологија |
| Специјална ентомологија |
| Специјална хербологија |
| Болести и штетници на поледелските растенија |
| Фитопатологија |
| Заштита на виновата лоза 2 |
| Основи на фитофармацијата |

Освен предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, тековно се спроведуваат и ќе се спроведуваат активностите поврзани со научните и стручно апликативните проекти, како и други научноистражувачки активности.

**Програма за ангажман на вработените на КЗРЖС во научноистражувачката работа на Земјоделскиот факултет**

Во текот на 2017/2018 год., наставно-научниот кадар од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, поради активностите кои ги презема во полето на проучувањето на патогените и заштитата на растенијата, ќе има можност во апликација за учество во проекти – како домашни така и меѓународни билатерални проекти.

Исто така, наставничкиот и соработничкиот кадар во наредниот период ќе земаат учество на домашни и меѓународни научни собири од областа на заштитата на растенијата и животната средина, а тоа ќе резултира со објавување на резултатите во домашни или меѓународни списанија.

Научноистражувачкиот интерес на оваа Катедра е насочен кон:

1. Теренска и лабораториска дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури;
2. Воспоставување најсоодветна заштита од истите;
3. Идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели;
4. Користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва;
5. Изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата;
6. Научноистражувачки престој на дел од вработените на Катедрата со цел воведување на нови методи на работа.

Во Катедрата за заштита на растенијата и животната средина наставно-научниот кадар го сочинуваат:

- проф. д-р Саша Митрев - раководител (редовен професор)
- проф. д-р Илија Каров (редовен професор)
- проф. д-р Душан Спасов (редовен професор)
- доц. д-р Емилија Арсов (доцент)
- доц. д-р Билјана Ковачевиќ (доцент)
- д-р Билјана Атанасова (научен соработник).

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, активно функционира лабораторијата – **УНИЛАБ**. Во рамките на УНИЛАБ постојат следниве оддели:

- Оддел за заштита на растенијата;
- Оддел за контрола на семе и саден материјал;
- Оддел за геохемија;
- Оддел за агрохемија и исхрана на растенијата;
- Оддел за микробиологија;
- Оддел за контрола на квалитет на храна;
  - Одделение за контрола на квалитет на масло;
  - Одделение за контрола на квалитет на вино.

За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

- Агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
- Испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
- Анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
- Детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
- Утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;
- Квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Во текот на 2017/2018 година, лабораторијата континуирано продолжува со давање услуги на правни и физички лица за апробација на семенски посеви, различни експертизи, стручни совети, препораки и мислења поврзани со земјоделското производство, преработката и чувањето на земјоделските производи.

Имајќи го предвид брзиот начин на живот, развојот и субвенционирањето во полето на земјоделието се развива со голема брзина.

Земјоделството никогаш повеќе нема да биде она што некогаш било: обичен снабдувач со храна. Загадувањето на човековата околина со фосилни горива и фаталниот ефект што со употребата на истите се предизвикува врз Земјината атмосфера, веќе ја наметна потребата од производство на побезбедни средства за придвижување на модерниот свет. А од што би се произвеле тие средства ако не од растително потекло. А од кои површини/ресурси, ако не од оние на кои се одвива земјоделско производство. И под чиј надзор би било сето тоа, освен ако не од земјоделците и стручните лица кои им помагаат во совладувањето на секојдневните проблеми со кои се соочуваат во текот на производството.

Од друга страна, производството на здрава храна никогаш досега не претставувало императив, зАшто трката по приноси наметнува користење на сорти и видови кои се осетливи на голем број болести и штетници

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина (http://dpep.ugd.edu.mk/) активно функционира, работи и лабораторијата УНИЛАБ (http://unilab.mk/). Тоа е лабораторија во состав на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" во Штип, како посебна организациска целина, и нејзината работа е заснована на законска регулатива, подзаконски акти и стандарди:

- Закон за високо образование,
- Закон за акредитација,
- Стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006.

Лабораторијата се самофинансира со давање на услуги.

Раководителот и вработените во Лабораторијата се ослободени од внатрешни, комерцијални, финансиски и други притисоци кои можат да влијаат на нивното работење.

Лабораторијата е одговорна за сите тестирања што ги извршуваат, согласно со барањата на меѓународните стандарди, методи, прописи, потребите на корисниците и законската регулатива.

Со неа раководи раководител, во функција на технички раководител, кој има одговорност за работењето согласно со стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 и другите прописи.

Лабораторијата има управувачки и технички персонал кој без оглед на други одговорности има овластувања и ресурси кои се потребни за спроведување на нивните должности.

**Оддел за заштита на растенијата**

Во изминатата 2017/2018 година, стручниот тим од УНИЛАБ – Оддел за заштита на растенијата, Одделение за бактериологија и вирологија, интензивно продолжува со континуирано следење на состојбата на терен како кај градинарските култури, овошните насади и виновата лоза.

Теренските истражувања направени кон крајот на 2017 и тековната 2018 година, на целата територијата на Република Македонија, ја потврдија појавата на патогени причинители на болести кај различни култури, застапени со различен интензитет, зависно од временскиот период на анализа.

По секоја теренска анализа во лабораторијата беа донесени примероци за анализа, за да се докаже присуството / отсуството на патогени кај испитуваните култури и да се изврши нивна соодветна детерминација.

Теренските анализи на здравствената состојба на виновата лоза беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Тиквешкото виногорје, но и на другите поголеми и помали локалитети под лозов насад, кои беа следени од магистранд дипл. инженер Билјана Тучковска, која во сезоната 2017/2018 работи во рамките на нејзината магистерска тема.

Континуирано беше следено присуство на фитоплазматски и вирусните промени кај различни сорти на винова лоза, но најинтензивно беа следени винските сорти вранец, црн бургундец, шардоне и смедеревка, кај кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени.

Магистерската тема е под работен наслов „**Столбур фитоплазма кај винските сорти винова лоза во Тиквешкото виногорје“** и е под менторство на доц. д-р Емилија Арсов. Дел од анализите и резултатите од истражувањето без презентирани на I Интернационално советување „Агронаука и пракса“, кое се одржа во периодот од 10-12.5.2018 г. Tuckovska, Biljana and Arsov, Emilija and Mitrev, Sasa (2018) *Study of stolbur phytoplasma on wine grapevine variety in the Republic of Macedonia.* In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Присуството на вирусите кај новиот саден материјал за првпат подетално е испитувано во одделението за вирологија при Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораториски беше потврдено присуство на вирусот на свиткување на листовите кај виновата лоза – *Grapevine leaffroll virus* кој во литература се јавува со досега потврдени 9 соеви, од кои кај нас ги има GLRaV1 и GLRaV3, GVA и GFkV.

Исто така, магистранд Галина Иванова, активно работеше на терен во следење на состојбата со фитоплазматската симптоматологија кај градинарските култури, под менторство на доц. д-р Емилија Арсов. За првпат во рамките на магистерската тема на Галина Иванова, во УНИЛАБ под менторство на доц. д-р Емилија Арсов, направена е идентификација на фитоплазмата столбур кај пиперка во Струмичкиот и Кочанскиот регион.

Јавна одбрана на Галина Иванова беше спроведена на 5.6.2018 година со почеток во 12 часот, со наслов на магистерскиот труд „Мултилокусна генетска анализа на столбур фитоплазми кај култури од фамилија *Solanaceae* во Источна Македонија“. Комисија за одбрана од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, беше во состав:

1. Проф. д-р Душан Спасов – претседател
2. Проф. д-р Саша Митрев – член
3. Доц. д-р Емилија Арсов – ментор и член.

Во Одделението за бактериологија и вирологија беше следена состојбата со насадите под слива, каде што беше потврдено присуство на вирусот на шарка на сливата (*Plum pox viruses*). Овој вирус беше потврден со универзална група на серуми за детекција на вирус на шарка кај сливата (со користење на универзални китови на BIOREBA). Присуството на овој вирус беше забележано кај повеќегодишни насади од слива со следење на состојбата на вирусот почнувајќи од мај до септември. За да се одреди концентрацијата на вирусот за време на латентниот период, во декември од маркирани позитивни овошки на вирусот на шарка на сливата беа собирани заспани пупки и кај нив беше потврдено присуството на вирусот со иста концентација. Одделението за бактериологија и вирологија при УНИЛАБ во периодот од јуни 2018 г. се опреми со најсовремен апарат за молекуларна дијагностика – Real Time PCR апарат – анализи во реално време и сите понатамошни активности поврзани со молекуларната

структура на патогените ќе се проучуваат на овој апарат.

Одделението за фитофармација во периодот 2017/18 година беше опремено со нов апарат за течна хроматографија со детектор со низа од диоди (PDA), детектор со индекс на рефракција (RI) и флуоресцентен детектор, марка Шиматцу. Лаборантите од Одделението имаа можност да се здобијат со предвидената обука за апаратот. Се разработуваа и оптимизираа нови методи за детекција на пестициди. Во моментот се разработени методи за испитување на присуството на активните материи нуаримол, фенбуконазол, фенитротион, процимидон, винклозолин, паратион, паратион метил, толилфлуанид, трифлоксистробин, феноксапроп-п-етил, тебуфенпирад, требуфос, хлорпирифос, пиридабен, делтаметрин, бромоксанил октаноат, цис и транс перметрин, пиримикарб, монокротофос, фолпет, дифлуфеникан, дихлофлуанид, диметоат, етофумесат, метидатион и пропизамид во различни матрикси.

**Одделение за ентомологија - Одделение за ентомологија**

Во Лабораторијата за ентомологија се работи на проучување симптомите предизвикани од штетниците кај културните растенија и нивно распознавање, детерминација на штетниците кои се јавуваат кај различни култури, а пред сè кај градинарските, житните, овошките и виновата лоза. Во лабораториските услови се врши тријажа на материјалот уловен од терен, кој потоа се подготвува за детерминација и за чување во ентомолошки кутии.

Теренските анализи на присуството на штетниците кај доматите беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Струмичкиот и Валандовско-гевгелискиот реон, но и на другите поголеми и помали локалитети под домати, заради следење на присуството на минерот кај доматите, *Tuta absoluta*, симптомите и економските штети што беа направени од овој штетник беа најмногу изразени во летно-есенското производство на домати како во заштитен простор така и на отворено. На некои локалитети во Струмичко-радовишкиот регион нападот беше со јак интензитет, дури и до 100%.

Магистрандот Наташа Гунова две години активно работеше на следење на популацијата на минерот кај доматите во конвенционално и интегрално производство во заштитен простор кај доматите под менторство на проф. д-р Душан Спасов. Одбраната на магистерската работа се одржа на 12.7.2018 година во 12 часот на тема „Динамика на популација на *Tuta absoluta* (Lepidoptera:Gelechiidae) кај домат во заштитен простор при конвенционално и интегрално производство во Гевгелиско-валандовскиот регион“. Комисија за одбрана од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, беше во состав:

4. Доц. д-р Билјана Ковачевиќ - претседател
5. Проф. д-р Душан Спасов – ментор и член
6. Проф. д-р Саша Митрев – член.

При теренските и лабораториските истражувања беше утврдено константно присуство на дава вида трипси *Thrips tabaci* и *Frankliniella*

*occidentalis*, со јак интензитет кај сите градинарски култури (домати, пиперка, зелка, краставица). Беше забележано и присуство на белокрилката – *Trialeurodes voporariorum* кај доматите, со послаб интензитет за разлика од минатата година. Присуството на памуковата совица – *Helicoverpa armigera* и пченкиниот пламенец *Ostrinia (Pyrausta) nubilallis* како штетници на пиперката и доматите беа со умерен до јак интензитет зависно од локалитет до локалитет. Појава на сивиот *Polychrosis* (*Lobesia*) *botrana* и жолтиот гроздов молец *Clysia* (*Eupoecilia*) *ambiguella* беше со умерен интензитет, третата генерација од сивиот гроздов молец беше со појак интензитет, во одредени локалитети направи сериозни оштетување на гроздот кај некои сорти од виновата лоза. Со значаен умерен до јак интензитет беше појавата на јаболковиот црв *Laspeyresia (Carpocapsa) pomonella* кај јаболката и оревот. Посебно со јак интензитет беше појавата и присуството на обичната крушкова болва *Psylla pyri* како штетник на крушата, при што направените штети беа големи. Забележително беше доцната појава на копривното пајаче *Tetranychus urticae* кај вишната, ваквата појава беше поради долготрајната суша и високите температури.

Во текот на 2017/2018 година Катедрата за заштита на растенијата и животната средина изврши здравствена контрола на семенски посеви од различни култури, пченица, јачмен, луцерка и градинарски растенија на правни субјекти во Р. Македонија. Од болестите на житните култури беше утврдено присуство на пепелницата, рѓа и други болести со умерен интензитет. Од штетниците кај житните култури беше утврдено присуство на житниот трипс, житни стеници и житната пијавица со слаб интензитет.

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, микробранова печка, Ранцимат Methrom-инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број на токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро, во рамките на овој оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на

минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елеменатрен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла
2. Определување на густина на прехранбени масла
3. Определување на киселински број на прехранбени масла
4. Определување на јоден број на прехранбени масла
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла
6. Определување на алкалност на прехранбени масла
7. Определување на сапунификациски број
8. Определување на индекс на рефракција.

Во овој оддел, исто така, се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2017/2018 година, во Одделот за контрола на квалитет на вина активно се применуваат следните методи за анализа на вино:

1. Определување на алкохол
2. Определување на сув екстракт
3. Определување на специфична тежина
4. Определување на $SO_2$ (слободен и вкупен)
5. Определување на вкупни киселини
6. Определување на испарливи киселини
7. Определување на редуцирачки шеќери
8. pH
9. Мултиелементна анализа на вина
10. Микробиолошка анализа на вино.

Методите од 1-9 се оптимизирани и валидизирани, со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост. Методите 1-9 се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Р. Македонија согласно со меѓународниот стандард ISO/IEC 17025 и успешно се применуваат за контрола на квалитет на вина пред ставање во промет и вина наменети за извоз. Во 2016 година УНИЛАБ од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија доби Решение за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

**Катедра за растително производство**

Во 2007 година кога практично беше основан Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, во рамките на Земјоделскиот факултет, постои и активно работи Катедрата за растително производство. Сите членови

на Катедрата се бирани во потесни научни подрачја во научната област - растително производство. Континуирана дејност на Катедрата за растително производство е да ги развива и пренесува знаењата на современ начин и да биде во тренд со новите достигнувања во наставно - научната дејност, заради квалитетно образование на студентите од прв, втор и трет циклус на студии.

Во Катедрата за растително производство наставно-научниот кадар го сочинуваат:

1. Редовен професор, проф. д-р Љупчо Михајлов – раководител на Катедрата;
2. Редовен професор, проф. д-р Верица Илиева;
3. Редовен професор, проф. д-р Драгица Спасова;
4. Вонреден професор, проф. д-р Милан Ѓорѓиевски;
5. Вонреден професор, проф. д-р Мите Илиевски;
6. Доцент, д-р Наталија Маркова Руждиќ.

**Табела**. Ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за растително производство на прв, втор и трет циклус студии на Земјоделскиот факултет по предмети

| Прв циклус студии | Втор циклус студии | Трет циклус студии |
|---|---|---|
| Основи на растително производство | Општа херболологија | Одржливи системи за растително производство |
| Ботаника | Специјална херболологија | Проблеми и гледишта за системите на одржливо растително производство |
| Педологија | Генетски модифицирани производи | Интегрални системи за одгледувањето на економски значајни растителни култури |
| Генетика | Генетика | Дизајн и анализа на експеримент |
| Житни растенија | Растителни генетски ресурси | Процена на агро-еколошкото влијание |
| Маслодавни растенија | Цитогенетика | Студии на случај во конвенционални, интегрални и органски системи на растително производство |
| Индустриски растенија | Селекција на растенијата | Органско поледелство |
| Селекција и семепроизводство | Селекција на полјоделски култури | Органско градинарство |
| Клубенести растенија | Селекција на градинарски култури | Молекуларна генетика |

| Фуражни растенија | Семенарство | Принципи во селекцијата кај растенијата |
|---|---|---|
| Органско производство | Специјално семепроизводство | Селекција на житни култури |
| Легуменозни растенија | Индустриски растенија | Селекција на индустриски култури |
| Основи на поледелството | Легуминозни растенија | Селекција на градинарски култури |
| Селекција и семепроизводство во поледелството | Житни растенија | Општо семепроизводство |
| Преработка на поледелски производи | Одгледување на пченица јачмен и тритикале | |
| Организација во поледелството | Одгледување на сончоглед, маслодајна репа и лен | |
| Практична работа во поледелството | Одгледување на ароматични, зачински и лековити растенија | |
| Алтернативни растенија | Одгледување на луцерка, соја и наут | |
| Селекција и семепроизводство во градинарството | Органско поледелско производство | |
| Хербологија | Органско производство на грозје | |
| | Плодоред во поледелското производство | |
| | Екологија и агротехника на здружените посеви | |
| | Алтернативни поледелски култури | |
| | Стручна пракса | |

Примарна дејност на професорите од оваа Катедра е редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип, во текот на учебната 2017/2018 година.

Една од активностите на Катедрата за растително производство е постојано обновување и одржување на генетските ресурси од растителен материјал кој се чува и одржува во коморите во ген - банката во наставниот центар во Струмица.

Катедрата за растително производство во текот на академската 2017/2018 година имаше голем број на активности на домашни и

интернационални научно-стручни собири од областа на растителното производство и биотехнологијата. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар може да се видат нивните активности од областите на издавачка дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип веќе неколку години успешно ја реализира програмата Еразмус+ со европските партнер универзитети. Оваа година, преку оваа мобилна програма, во организација на Катедрата за растително производство, во период од 24 до 27 април од Институтот за земјоделие од Карнобат, Република Бугарија, како визитинг професор кој одржа предавања беше проф. д-р Дарина Валчева. Предавањата на проф. Валчева беа одржани во сите наставни центри од областа на селекција на растенијата и семепроизводството. Од овие предавања студентите имаа можност да слушнат за основните постапки при хибридизација на јачменот и овесот, за методите на одбирање, како и за сортите на јачмен создадени од вработените на Институтот за земјоделие во Карнобат.

Активно учество на првото научно-стручно советување „Агронаука и пракса“ кое се одржа на 10 и 11 мај оваа година, имаа професорите од Катедрата за растително производство, кои заедно со студентите од втор циклус на студии запишани на оваа Катедра, преку орални и постер презентации го презентираа нивниот научен и апликативен придонес во растителното производство.

Кон крајот на мај и почетокот на јуни, Инситутот за поледелство и градинарство во Нови Сад, Република Србија, организираше Отворен ден на полето. Земјоделскиот факултет доби покана за учество од страна на визитинг професорот д-р Јовица Васин. Посетата на овој Институт беше реализирана под менторство на проф. д-р Мите Илиевски, професор од Катадрата за растително производство, заедно со останатите професори од Земјоделски факултет, проф. д-р Фиданка Трајкова, доц. д-р Биљана Балабанова и доц. д-р Емилија Арсов и група на студенти од сите четири наставни центри. Студентите имаа можност да се запознаат со технологијата на производство како и стручни совети поврзани со производството на различни сорти житни култури. На настанот присуствуваа околу 1500 посетители, меѓу кои професори од Институтот, претставници од Министерството на земјоделие, стручњаци од пракса, со посебно обраќање до сите присутни. Во протоколарната програма за отворање на настанот, посебен поздрав за добредојде беше упатен до студентите од Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Отворените денови организирани на поле се најдобра можност студентите теоријата да ја применат во пракса и да стекнат искуство плус. Овие теренски активности ќе продолжат и понатаму, со цел студентите да направат споредба на методите, искуството, теренските активности кај нас и кај партнер институциите со кои соработува Земјоделскиот факултет.

Посебен акцент на активностите и истражувањата во рамките на

активностите на Катедрата за растително производство се дава на проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство.

Од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа при УГД беа одобрени барањата за продолжување за финансирање на следниве научноистражувачки проекти:

- „Процена на различни генотипови полјоделски култури во системот на органско земјоделско производство" - главен истражувач проф. д-р Љупчо Михајлов;
- „Колекционирање, карактеризација и евалуација на домашна и странска герм плазма од ориз" - главен истражувач проф. д-р Верица Илиева.

Во рамките на Катедрата за растително производство во тек се и следниве проекти:

- „Можности за одгледување на здружени посеви во поледелското производство" - главен истражувач проф. д-р Мите Илиевски.

Стручната контрола на семенските посеви од пченица, јачмен, луцерка, соја, сончоглед, како и на посадочен материјал од повеќе видови градинарски култури и во текот на 2018 година беше успешно и редовно реализирана од страна на проф. д-р Љупчо Михајлов, од Катедрата за растително производство стручната контрола се изведуваше преку теренски активности со 2 контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини. Врз база на контролните теренски посети се изготвувани записници и сертификати за состојбата со посевите на местото на одгледување на семенските културни растенија. Прегледите се спроведуваа на повеќе земјоделски фирми на територијата на целата држава (Овче Поле, Пробиштипско, Струмичко и Пелагонија - Битолско), регистрирани за производство на семе и посадочен материјал.

Проф. д-р Верица Илиева и доц. д-р Наталија Маркова Руждиќ од Катедрата за растително производство, активно се вклучени во работата на Лабораторијата УНИЛАБ, која е во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за контрола на семе и саден материјал.

Активностите на Катедрата за растително производство во периодот што следува ќе бидат насочени кон продолжување на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Во годината што следува континуирано ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на Катедрата за растително производство. Нови апликации со предлог проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во Катедрата за растително производство.

Активностите за спроведување на студентската практична работа, со зголемен интензитет и континуитет, во поголем број на соодветни земјоделски фирми и компании кои и официјално се објавени, ќе бидат

една од редовните обврски на професорите од Катедрата за растително производство и во наредниот период. Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус продолжуваат активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен и соја.

Активностите за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија, во континуитет се спроведуваат.

Во периодот што следува посебен акцент на активностите и истражувањата ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семе производство.

**Катедра за растителна биотехнологија**

Како наставно научна организациона единица во состав на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, согласно чл.131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, Наставно-научниот совет на својата 100-та редовна седница одржана на ден 16.5.2014 година донесе Одлука бр. 1802-211/9 од 20.5.2014 год. за формирање на Катедра за растителна биотехнологија.

Наставниците и соработниците од Катедрата за растителна биотехнологија се вклучени во наставата за додипломски, постдипломски и докторски студии при Земјоделскиот факултет во соодветните наставни области, применета работа и научноистражувачки проекти од областа на растителната биотехнологија.

Овие активности се реализираат преку апликативни или научноистражувачки домашни и меѓународни проекти. Со научноистражувачката работа се остварува мисијата на катедрата за развој на регионот преку пренесување на современите сознанија на студентите и земјоделците, развој на истражувања и пренесување на сознанија и техники кои се релевантни за производството и менаџментот на економски важните растителни видови. Биотехнологијата е мултидисциплинарна наука и вклучува различни природни науки, како: клеточната и молекуларната биологија, микробиологијата, генетиката, физиологијата и биохемијата, исто така и инженерството и компјутерските науки. Мудрата употреба на модерната биотехнологија подразбира побезбедни агрономски практики, како и конзервација и употреба на автохтона гермплазма.

**Прв циклус студии**

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 31. седница одржана на ден 23.6.2014 година донесува Решение за акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија за прв циклус студии, четиригодишна студиска програма на Земјоделскиот факултет при УГД бр. 12-97/2 од 4.7.2014 година. За оваа студиска програма Решението за почеток со работа бр. 13-12145/4 Министерството за образование

и наука на Република Македонија го издава на 5.8.2014 година. Според акредитираната студиска програма по Растителна биотехнологија за прв циклус на студии распишана е на Конкурсот за упис на студенти на Земјоделски факултет за академските 2017/2018 година во наставните центри во Штип и во Струмица.

Студентите од прв циклус студии на сите студиски програми по предметот Физиологија на растенијата (III семестар) и студентите на студиската програма Градинарство (VIII семестар) по предметот Биотехнологија и биосигурност успешно ја реализраа практичната настава во Лабораторијата за расителна биотехнологија, НЦ Струмица.

Студентите на Земјоделски факултет, насока Градинарство (VIII семестар) од Струмица, под менторство на проф. д-р Лилјана Колева-Гудева ја посетија компанијата „SBW Romero Vitro / SBW Iribov“ во Виница.

Посетата беше реализирана како дел од практичната наставата по предмет Биотехнологија и биосигурност, бидејќи компанијата има високоразвиена технологија за производство на преку 5000 вариетети на украсни растенија (гербер, петунија, кукурек, божур, каранфил, делфиниум и многу други) и стартен посадочен материјал за јагодести овошни видови (јагода, малина, капина, боровинка) во лаборториски услови преку култура на ткиво.

Студентите беа запознаени со сите чекори на технологијата за комерцијална микропропагација, од подготвување на подлога, преку размножување и пасажирање на материјалот, сѐ до негова подготовка за аклиматизација. Покрај тоа, компанијата располага со Оддел за истражување и развој и Оддел за чување на растителен материјал во *in vitro* услови (*in vitro* ген-банка).

Посетата има голема важност за студентите, бидејќи ваков вид на производство на цвеќе и садници за јагодесто овошје е единствен во Македонија и претставува една потврда дека иднината на модерниот аграр е во растителната биотехнологија.



**Слика.** Посета на комерцијална лабораторија по растителна биотехнологија „SBW Romero Vitro / SBW Iribov“ во Виница, Р. Македонија (26.4.2018)

На иницијатива на Катедрата за растителна биотехнологија, проф. д-р Кирил Бахчеванџиев од Coimbra Agricultural School беше поканет како визитинг-професор во областите биохемија и биотехнологија и биосигурност. Во периодот 7-9.05.2018, професорот Бахчеванџиев држеше предавања за студентите на прв циклус студии на Земјоделскиот факулет во Струмица и Штип.



**Слика.** Предавања на проф. д-р Кирил Бахчеванџиев по предметот Биотехнологија и биосигурност за студентите на Земјоделскиот факултет во Струмица, Р. Македонија (8.5.2018).

**Втор циклус студии**

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија донесува Решенија за акредитација на ментори за втор циклус студии и тоа на:

- проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, Решение бр. 17-106/2 од 10.10.2016 год.,
- доц. д-р Фиданка Трајкова, Решение бр. 17-120/2 од 10.10.2016 год.

Акредитираната студиска програма од втор циклус е објавена на Конкурс за академската 2017/2018 година за вкупно 15 студенти постдипломци, 10 за редовни студии и 5 за вонредни студии. Студиската програма Растителна биотехнологија за втор циклус е дел од Конкурсот за втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Студентките на втор циклис студии, Ивана Велешанова и Марија Поцковска, во периодот 2015 - 2018 година ги спроведуваат лабораториските истражувањата за изработка на магистерски трудови од областа на микропропагација на економски значајни украсни видови, односно андрогенеза на градинарски видови со големо економско значење од фам. *Solanaceae*.

**Трет циклус студии**

Елаборат за акредитација на трет циклус студии Растителна биотехнологија е поднесен во Одборот за акредитација на високото образование на Р. Македонија. Со добивање на акредитација за трет циклус, Катедрата ќе ги заокружи сите циклуси на студии.

Студиската програма за докторски студии Растителна биотехнологија е составен дел од **Елаборатот за акредитација на студиските програми на Земјоделскиот факултет при Кампусот на технички биотехнички и природни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.**

**Катедра за прехранбена технологија и преработка на анимални производи**

Во учебната 2017/2018 година, вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии, беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности. Наставниот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на мегународни научна конференцијии во Бугарија.

Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус на студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов изведуваше настава и на Факултетот за туризам и бизнис логистика и на Технолошко - технички факултет, доцент д-р Виолета Иванова Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко-технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доц. д-р Сања Костадиновскиќ Величковска изведуваше настава и на Факултетот за медицински науки. Доцент д-р Сања Костадиновиќ Величковска има издадено еднен рецензиран учебник од областа на хемијата.

Вработените од Катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. На Катедрата во изминатата година

дипломираа поголем број студенти на модулот Енологија и модулот преработка на анимални производи. Под менторство на професор д-р. Ацо Кузелов на Катедрата беше одбранета магистерската теза под наслов „Влијание на плодови од гоџи бери врз квалитетот на производите од месо“, од кандидатот Ацо Митев.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 3 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а 10 трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија. Публикувани се и два и рецензирани учебника од Сања Костадиновиќ Величковска како коавтор.

**Катедра за лозарство и овоштарство**

Во учебната 2017/2018 година, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии. Притоа, наставниот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството и овоштарството. Проф. д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на симпозиуми и конгреси и објавени се следните тудови:

Kostadinović Veličkovska, Sanja and Naumova Letia, Galaba and Čočevska, Maja and Brühl, Ludger and Silaghi-Dumitrescu, Radu and Mirhosseini, Hamed and Ilieva, Fidanka and Mihajlov, Ljupčo and **Dimovska, Violeta** and Kovacevič, Biljana and Gulaboski, Rubin and Matthäus, Bertrand (2018). *Effect of bioactive compounds on antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from nutty fruits from Macedonia*. Journal of Food Measurement and Characterization, 12. pp. 1-8. ISSN 2193-4126.

Efremco Nikolov, **Violeta Dimovska**, Fidanka Ilieva (2018). *The effect of pruning on fruiting capacity of Michele palieri table grape variety, growing in Tikves vineyard* (2018). Journal of agriculture and plant sciences.JAPS. vol.16, $N_0$1.p.p.89-95. ISSN 2545-4447.

**Dimovska, Violeta** and and Mihajlov, Ljupco and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Kovacevik, Biljana (2018). *Antimicrobial activity of pomegranate peel extracts from “Karamustafa” and “Idzis” varieties*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

**Dimovska, Violeta** and Ilieva, Fidanka and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Mihajlov, Ljupco (2017) *Physical and chemical characteristics of pomegranate (Punica granatum L.), cultivar Karamustafa*. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 53-59. ISSN 2545-4455.

Petrov, Kire and Iiieva, Fidanka and **Dimovska, Violeta** and Gunova, Natasa (2017). *Correlation between indigenous and commercial strains of yeast in the production of wine from the grape variety Vranec*. VIII International Scientific Agriculture Symposium "AGROSYM 2017" Jahorina, October 05 - 08, 2017. ISSN 978-99976-718-1-3.

Mihajlov, Ljupco and **Dimovska, Violeta** and Ilieva, Fidanka and Zlatkovski, Vasko (2017) *Економски алтернативи за земјоделците во Преспа*. Other. Federacija na farmeri na R.M.(Монографија).

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот лозарство од првиот циклус студии.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 1 труд е публикуван во списание со импакт фактор, 4 во меѓународно списание и 1 монографија.

Проф. д-р Виолета Димовска е главен истражувач во научноистражувачкиот проект:

*Bioactive components, antioxidant and antimicrobial activity of extracts from fruits and Mentha*. (2018/2019). Dimovska, Violeta and Mihajlov, Ljupco and Kostadinovik, Sanja and Ilieva, Fidanka and Kovacevik, Biljana and Lelova, Zorica. Финансиран од Фондот за наука при УГД.

**Катедра за наука на земјиштето и хидрологија**

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија претставува дел од Земјоделскиот факултет при УГД - Штип, со примарна цел да го испитува составот и квалитетот на земјиштето, како и квалитетот на водите и водните системи што се користат за наводнување на земјиштето. Науката за земјиштето и хидрологијата е круцијален сегмент во земјоделието што значајно придонесува за правилен развој на земјоделските растителни култури. Раководител на Катедрата е д-р Рубин Гулабоски, редовен професор.

Научноистражувачката работа во рамките на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет е фокусирана врз испитувањето на составот и квалитетот на почвите и на составот и квалитетот на водите. Бидејќи производството на здрава и квалитетна храна станува еден од приоритетите на глобално ниво, во иднина голем дел од научно-истражувачките глобални проекти ќе бидат насочени токму кон полето на производство на квалитетна здрава храна. Истражувањата на нашата катедра, главно, се одвиваат преку Лабораторијата УНИЛАБ при Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, со цел да се дадат релевантни податоци за квалитетот на почвите и да се предложат мерки за подобрување на квалитетот на земјиштето. Притоа, крајната цел на научноистражувачката работа е да се произведе здрава храна, да се

зголеми квалитетот и да се зголемат приносите на земјоделските култури. Сите овие цели на нашата Катедра се реализираат преку тим соствен од стручњаци во подрачјето на науката за земјиштето и хидрологијата, кои на располагање имаат врвна модерна инструментација.

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија е отворена за комуникација со млади кадри заинтересирани да ги изработуваат своите магистерски и докторски дисертации во рамките на нашата катедра на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Притоа, важно е да се нагласи дека на нашата катедра постојат двајца професори што веќе ги исполнија условите да бидат ментори на докторанди и во моментов може да бидат запишани вкупно шест докторски кандидати на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија. Во тековната учебна 2017/2018 Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија има еден активен докторанд м-р Весна Маркоска, со одбранет пилот проект под наслов: Структурна, физичка и хемиска карактеризација на перлит како супстрат за подобрување на својствата на почвите (ментор проф. д-р Рубин Гулабоски).

Наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија имаше поголем број презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на хемија на земјиштето и хидрологија. Вработените од Катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни и истражувачи. Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации во списанија со импакт фактор и меѓународни списанија.

**Извештај на активностите на „Уни сервис агро“ ДООЕЛ при Земјоделскиот факултет**

- Сеидба на семенски јачмен (*Hordeum vulgare*) О/С1 на површина од 36,5 ха.
- Сеидба на семенски јачмен (*Hordeum vulgare*) П.О/О на површина од 2,3 ха.
- Сеидба на семенски јачмен (*Hordeum vulgare*) линии/П.О на површина од 0,12 ха.
- Сеидба на семенска пченица (*Triticum aestivum*) О/С1 на површина од 27,5 ха,
Bicikliski O., Trajkova F., Mihajlov Lj., Jordanovska S., Tashev K. (2018). Vitamin C and total antioxidant content in pepper fruits (*Capsicum annuum* L.): Comparative analysis of peppers grown in conventional and organic agricultural systems. Annual Research & Review in Biology, 27 (5), pp. 1-11. ISSN 2347-565X

Kostadinovic Velickovska S., Naumova G., Cocevska M., Bruhl L., Silaghi-Dumitrescu R., Mirhosseini H., Ilieva F., Mihajlov L., Dimovska V., Kovacevik B., Gulaboski R., Matthaus B. (2018). Effect of bioactive compounds on antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from nutty fruits from Macedonia. Journal of Food Measurement and Characterization. ISSN 2193-4126.

Dimovska V., Ilieva F., Kostadinovic Velickovska S., Mihajlov Lj. (2017). Physical and chemical characteristics of pomegranate (*Punica granatum* L.), cultivar Karamustafa. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2), pp. 53-59. ISSN 2545-4455.

Bicikliski O., Tasev K., Trajkova F., Mihajlov, Lj., Koleva Gudeva L. (2017). Comparative analysis of capsaicin content in peppers (*Capsicum annuum* L.) grown in conventional and organic agricultural systems. Journal of Agriculture and Plant Sciences, XV (1/2), pp. 27-35. ISSN 2545-4455.

**Презентирани трудови:**

Gulaboski, Rubin and Maksimova, Viktorija and Janeva, Milkica (2018) *The Power of Voltammetry*. In: Alexander von Humboldt Kolleg, 19-23 April 2018, Ohrid, Macedonia.

Gulaboski, Rubin (2018) *Fake Science, Fake Journals, Fake Scientists*. In: First Students Symposium of Dental Medicine -Digital vs Analogical, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.

Gulaboski, Rubin (2018) *Electrochemistry of Dental Biomaterials*. In: Стоматолошка наука и пракса - Денес и тука, 24 March 2018, Stip, Macedonia.

Balabanova, Biljana and Sajn, Robert and Alijagic, Jasminka and Stafilov, Trajče (2018) *Advanced spatial modeling for copper and lead distribution due to the longtime mining activities*. In: 25th Congress of the society of chemists and technologists of Macedonia , 19-22 Sept 2018, Ohrid, R. Macedonia.

Balabanova, Biljana and Ivanova, Violeta and Fan, Liping and Yan, Minxiu and Wang, Meicong and Liang, Yanqiu (2018) *Characterization of multi-elements content and isotopes ratio profiles for various plant food due to the historical and modern metal pollution*. In: 25th Congress of the society of chemists and technologists of Macedonia, 19-22 Sept 2018, Ohrid, R. Macedonia.

Balabanova, Biljana and Ivanova, Violeta and Mitrev, Sasa (2018) *Characterization of lead isotope ratios in various plant foods and beverages with application of Q-ICP-MS*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Balabanova, Biljana and Stafilov, Trajče and Sajn, Robert (2018) *Longtime geochemical evaluation of anthropogenic element's distribution in*

*the air using deposited attic dust*. In: International Scientific Confrerence, GREDIT 2018, 22–25 March 2018, Skopje, Macedonia.

Balabanova, Biljana and Ivanova, Violeta and Stafilov, Trajče (2018) *Evaluation of multi-element content and bioavailability records for various plant food due to the historical and present metal pollution exposure*. In: 18th International Symposium and Summer School on Bioanalysis, 25-30 June 2018, Komarno, Slovak Republic.

Koleva Gudeva, Liljana and Trajkova, Fidanka (2018) *Application of phytohormones in improvement of agricultural and horticultural species in in vitro and in vivo conditions*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

Pockovska, Marija and Trajkova, Fidanka and Koleva Gudeva, Liljana (2018) *Current application of anther culture as a tool for improvement of horticultural crops*. In: International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

Velesanova, Ivana and Trajkova, Fidanka and Koleva Gudeva, Liljana (2018) *Micropropagation of ornamental plants: practical application and opportunities in Republic of Macedonia*. In: International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

Zdravev, Zoran and Arsov, Emilija and Trajkova, Fidanka and Mitrev, Sasa (2018) *Implementation of modern it tools in agricultural practice*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Donev, Ivan and Mihajlov, Ljupco and Arsov, Emilija and Mitrev, Sasa (2018) *Agroecological conditions for growing some hybrids of sunflower in Ovche Pole region*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Mitrev, Sasa and Kovacevik, Biljana and Arsov, Emilija (2018) *Detection of Pectobacterium carotovorum subsp. carotovorum, bacterial stalk and heat rot disease on sunflower seeds*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Bojkov, Gligor and Arsov, Emilija and Mitrev, Sasa (2018) *Impact of ampelotechnical measures in the grapevine protection from occurrence of grey mould (Botrytis cinerea)*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Tuckovska, Biljana and Arsov, Emilija and Mitrev, Sasa (2018) *Study of stolbur phytoplasma on wine grapevine variety in the Republic of Macedonia*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Manevska, Kristina and Arsov, Emilija and Mitrev, Sasa (2018) *Xylella fastidiosa – possible threat in production of grapevine and olive trees in the Republic of Macedonia*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

– Angelova K., Ilieva V., Markova Ruzdik N, Karov I., Mihajlov Lj., Ilievski M. (2018). Examination on yield and some yield associated parameters in different rice genotypes. First International Meeting Agriscience & Practice, 10-11 May, Stip, Republic of Macedonia (poster presentation).

– Petkovski, N., Mihajlov Lj., Markova Ruzdik N. (2018).Genetic and environmental effect on the grain yield of spring barley varieties cultivated in the Republic of Macedonia. First International Meeting Agriscience & Practice, 10-11 May, Stip, Republic of Macedonia (poster presentation)

– Ilievski M., Atanasova B., Spasov D., Spasova D., Ilieva V., Markova Ruzdik N., Vuckov P. (2018). Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usistatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia. First International Meeting Agriscience & Practice, 10-11 May, Stip, Republic of Macedonia (poster presentation).

Dimovska V., Ilieva F., Mihajlov Lj., Kostadinovic Velickovska S., Kovacevik B. (2018). *Antimicrobial activity of pomegranate peel extracts from "Karamustafa" and "Idzis" varieties*. First International Meeting Agriscience & Practice, 10-11 May, Stip, Republic of Macedonia (poster presentation).

**Делови од научни монографии:**

Mitrev, Sasa and Arsov, Emilija (2018) *Presence of fire blight in apple, pear and quince in the Republic of Macedonia*. LAMBERT Academic Publisher . ISBN 978-613-9-86479-3

Balabanova, Biljana and Stafilov, Trajče and Sajn, Robert (2018) *Environmental Pollution of Soil and Anthropogenic Impact of Polymetallic Hydrothermal Extractions: Case Study—Bregalnica River Basin, Republic of Macedonia*. In: Environmental Pollution of Paddy Soils. Springer, pp. 27-68. ISBN 978-3-319-93670-3

Stafilov, Trajče and Balabanova, Biljana and Sajn, Robert (2018) *Lithological distribution of rare earth elements in soil and atmospheric precipitates in the Bregalnica river basin*. In: Biogeochemistry of Trace Elements. Nova Science Publishers, Inc., New York, pp. 23-54. ISBN 978-1-5361-245-7

Stafilov, Trajče and Balabanova, Biljana and Sajn, Robert and Angelovska, Svetlana (2018) *Monitoring the polymetallic geochemistry of soil along the Kriva Reka river basin due to the anthropogenic impact of the Pb-Zn Toranica Mine*. In: Soil contamination sources, assesment and remediation. Nova Science Publishers, Inc., pp. 49-79.

- Spasova Dragica, Spasov Dusan and Atanasova Biljana (2018). Evaluation of new Bulgarian and Macedonian cotton varieties and lines. Project Report. Lambert Academic Publishing. ISBN 978-613-7-33167-5.

Mihajlov Ljupco, Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka and Zlatkovski Vasko (2017). Економски алтернативи за земјоделците во Преспа. Other. Federacija na farmeri na R.M.

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**
**Избор/реизбор во звања на наставничкот и соработничкиот кадар**

| Р. бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/ реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фиданка Трајкова | Вонреден професор | Физиологија на растенијата/ Градинарство | Избор |
| 2 | Лилјана Колева Гудева | Редовен професор | Физиологија на растенијата | Реизбор |
| 3 | Сања Костадиновиќ Величковска | Вонреден професор | Прехранбено инженерство | Избор |
| 4 | Драгица Спасова | Редовен професор | Генетика и селекција на растителното производство | Избор |

**Други активности**

Печатење на информатори

Информатор за студентите запишани на прв циклус студии на Земјоделски факултет, Униеврзитет „Гоце Делчев“ - Штип, август 2018.

- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Водење на сите состаноци за 2017/2018 на Комисија за издавачка дејност на УГД во функција на претседател;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Член на Централната комисија за уписи на студенти на УГД во академската 2018/2019;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Учество во работата на работната група за акредитација на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на сите единици на УГД;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Член на Организациски одбор и учество во сите организациски активности за Првото научно-стручно советување „Агронаука и пракса 2018“;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Претседател на рецензентска комисија за рецензија на универзитетскиот учебник „Ботаника“ од авторите Верица Илева, Драгица Спасова и Наталија Маркова;
- Проф. д-р Лилјана Колева Гудева - Главен уредник на меѓународно списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (Vol. XV).
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Член на уписната комисија за прв циклус студии на Земјоделски факултет за академската 2018/2019;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Член на Организациски одбор и

учество во сите организациски активности за Првото научно-стручно советување „Агронаука и пракса 2018"

- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Презнетација на можностите за студирање на Земјоделскиот факултет при УГД – Штип за учениците на средните училишта во Струмица во мај 2017;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Рецензент на трудови во меѓународните списанија: Journal of Agriculture and Plant Sciences и International Journal of Biochemistry Research & Review;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Член на рецензентска комисија за рецензија на универзитетскиот учебник „Ботаника" од авторите Верица Илева, Драгица Спасова и Наталија Маркова;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Претседател на комисијата за изготвување на извештај за подобност на тезите и темата со наслов „Компаративно истражување на некои видови пиперки (*Capsicum annuum* L.) произведени на органски и конвенционален начин" и оспособеност на кандидатката м-р Оливера Бичиклиски за научна работа;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Претседател на комисијата за избор во сите звања на еден наставник во обласа Зеленчук/Градинарство;
- Проф. д-р Фиданка Трајкова - Уредник на меѓународно списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (Vol. XV);

**Патување на вработени во странство**

- Проф. д-р Љупчо Михајлов - Од 21 до 24 јануари, учество во работата на 52. советување на агрономи и земјоделски производители што се одржа на Златибор, по повод јубилејот 80 години од основањето на Институтот за полјоделство и градинарство во Нови Сад
- Проф. д-р Фиданка Трајкова, Проф д-р Мите Илиевски, Доц д-р Емилија Арсов, Доц д-р Биљана Балабанова - Учество на манифестацијата „Отворен ден на полето" организиран од Институтот за поледелство и градинарство во Нови Сад, Србија, со колеги и студенти од Земјоделскиот факултет при УГД – Штип;
- Доц. д-р Емилија Арсов, Еразмус + посета и предавање на Земјоделскиот факултет при Софискиот универзитет во Бугарија (6.-10.12.2018 г.)
- Проф.д-р Љупчо Михајлов и доц.д-р Биљана Балабанова – од 16.06. – 23.06. 2018 г. реализација на проектни активности по билатерален проект помеѓу Република Македонија и Народна Република Кина/ посета на Шенјанг Универзитетот- НР Кина;
- Доц. д-р Биљана Балабанова - Од 23.6. – 2.7. 2018 г., учество на 18th CEEPUS Symposium and Summer School on Bioanalysis 2018 - J. Selye University, во Комарно, Словачка.
- Доц. д-р Биљана Балабова – Од 11.3.2018 до 17.3.2018 година, реализација на проектни активности по проект со наслов: NATO SPS MYP G5266: A Field Detector for Genotoxicity from CBRN and Explosive Devices во Софија, Бугарија.

Водење на книга за посета на странци на единицата

- Проф. д-р Liang Yanqiu, проф. д-р Yan Minxiu, проф.д-р Fan Liling и проф.д-р Wang Meicong – од Универзитетот за хемиски технологии во Шенјанг, Народна Република Кина.

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

**Вовед**

Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, од своето основање во 2008 година, настојува да ја развива својата дејност како високообразовна институција, не само во полето на јазикот, литературата, образованието и културата, туку и во полето на различни други дејности поврзани со науката и истражувањата, како што е заемната соработка со домашните и со странските универзитети.

Филолошкиот факултет има особено важна мисија во оспособувањето на студентите за продлабочување на знаењата од областа на македонскиот јазик и литература, како и во изучувањето на странските јазици и на тој начин во создавањето љубов кон јазикот и литературата воопшто.

Својата образовна и научна дејност Филолошкиот факултет ја организира и ја изведува преку студиски програми засновани на Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), во согласност со Болоњската декларација.

Наставата се организира по студиски групи и тоа: Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност. Групите Италијански јазик и книжевност и Француски јазик и книжевност се ставени во мирување.

Програмите ги сочинуваат општообразовни, уметнички, креативно-истражувачки и стручни предмети, како и изборни предмети од потесната област, кои формираат наставна целина. Реализацијата на програмите тргнува од фундаменталните дисциплини, како лингвистика, методика, литература, филологија и дидактика, а се продолжува со стручни предмети како: превод и толкување на стручен текст, правопис и правоговор, контрастивна анализа и сл.

За соодветната обука на студентите ќе им биде ставена на располагање современа литература од еминентни домашни и странски автори, односно ќе можат да се стекнат со најновите светски сознанија од областа на македонистиката, англистиката, германистиката, италијанистиката и туркологијата.

Предложениот современ концепт на новата студиска програма е во согласност со режимот на студии и Правилникот за единствени основи за организирање на додипломски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, усогласен со нормативни акти и законските определби, како и Законот за високо образование во Р Македонија.

**Декан - избор на декан**

По предлог на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, проф. д-р Блажо Боев, на 27.6.2016 година, со Одлука бр. 0201 – 568/3 од 27.6.2016 година, Универзитетскиот сенат ја избра доц. д-р Драгана Кузмановска за декан на Филолошкиот факултет.

За продекан беше избрана доц. д-р Светлана Јакимовска со Одлука бр. 1902-139/3 од 25.9.2015 година од ННС на Филолошкиот факултет.

**Структура**

**Број на вработени наставници, соработници, административен кадар на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:**

| Реден број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Виолета Димова | ред. проф. | да | |
| 2. | Луси Караниколова-Чочоровска | ред. проф. | да | |
| 3. | Билјана Ивановска | ред. проф. | да | |
| 4. | Ранко Младеноски | вон. проф. | да | |
| 5. | Марија Леонтиќ | вон. проф. | да | |
| 6. | Махмут Челик | вон. проф. | да | |
| 7. | Јованка Денкова | ред. проф. | да | |
| 8. | Нина Даскаловска | вон. проф. | да | |
| 9. | Марија Кусевска | вон. проф. | да | |
| 10. | Светлана Јакимовска | вон. проф. | да | |
| 11. | Драгана Кузмановска | доцент | да | |
| 12. | Даринка Маролова | доцент | да | |
| 13. | Ева Ѓорѓиевска | доцент | да | |
| 14 | Весна Коцева | доцент | да | |
| 15 | Снежана Кирова | виш лектор | да | |
| 16. | Биљана Иванова | виш лектор | да | |
| 17 | Драган Донев | виш лектор | да | |
| 18 | Марија Тодорова | виш лектор | да | |
| 19 | Крсте Илиев | виш лектор | да | |
| 20. | Марија Крстева | лектор | да | |
| 21. | Марица Тасевска | лектор | да | |
| 22. | Надица Негриевска | лектор | да | |
| 23 | Наталија Поп-Зариева | лектор | да | |
| 24. | Весна Продановска-Поповска | доцент | | да |
| 25. | Јована Караникиќ | ас. докторанд | да | |
| 26. | Кристина Костова | асистент | да | |
| 27 | Адријана Хаџи Николова | кореспондент | да | |
| 28. | Костадин Голаков | кореспондент | да | |
| 29 | Татјана Уланска | кореспондент | да | |
| 30. | Ендрју Гудспид | ред.проф. | | да |
| 31. | Драги Ѓорѓиев | ред. проф. | | да |
| 32. | Гоце Цветановски | ред. проф. | | да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Актан Аго | вон. проф. | | да |
| 33 | Зејнеп Хусејин | лектор | | да |
| 34. | Хусејин Озбај | доцент | | да |
| 35. | Барбел Утевски | стручњак од пракса | | да |
| 36. | Елена Дуткова | стручњак од пракса | | да |
| 37. | Игор Станојоски | насловен доцент | да | |
| 38. | Виолета Николовска | ред. проф. | да ФОН | |
| 39. | Соња Петровска | ред. проф. | да ФОН | |
| 40. | Емилија Петрова-Ѓорѓева | ред. проф. | да ФОН | |
| 41. | Стеван Алексоски | ред. проф. | да - ФОН | |
| 42. | Снежана Мирасчиева | ред. проф. | да ФОН | |
| 43. | Александар Крстев | доцент | да – ФИ | |
| 44. | Билјана Попевска | доцент | да - ФОН | |
| 45 | Влатко Берковски | референт за студентски прашања | да | |
| 46. | Јулијана Денкова | референт за студентски прашања | да | |
| 47. | Марјан Ристов (до 20.2.2018 год.)<br>Виолета Шаклева (од 21.2.2018 год.) | секретар - правник | да | |
| 48. | Јасминка Миланова | технички секретар | да | |

**Катедри во состав на Факултетот**

- Катедра за македонски јазик и книжевност;
- Катедра за германски јазик и книжевност;
- Група за англиски јазик и книжевност;
- Група за италијански јазик и книжевност;
- Група за француски јазик и книжевност;
- Група за турски јазик и книжевност.

**Годишен извештај за работа на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет за академска 2017-2018 година**

Извештајот за работата на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет за периодот од 16 септември 2017 год. до 31 октомври 2017 год. претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од Правилникот за работа на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев – Штип. Во продолжение е даден детален опис на наведените активности во академската 2017/2018 година.

Административна работа

Административните работи и водењето на архивата и деловодните книги на Институтот за јазици ги врши референтот на Институтот за јазици Јулијана Денкова, кој по правило е референт на Филолошки факултет.

Курсот по македонски јазик за странски кандидати се изведува во две рамништа: А1  рамниште и А2 рамниште. И во двете рамништа наставата се изведува со фонд од 20 часа неделно во траење од по три месеци или вкупно 240 часа во текот на семестарот за А1 рамниште и 240 часа за А2 рамниште.

За наставата по македонски јазик за странци – А1 и А2 рамниште се користат следните учебници:

– Зборувате ли македонски? - почетен курс за странци (учебник) автори: Марија Кусевска и Лилјана Митковска;
– Зборувате ли македонски? - почетен курс за странци (работна тетратка) автори: Елени Бужаровска и Татјана Гочкова-Стојановска;
– Божилак - македонски јазик за странци (почетно рамниште) автори: Татјана Гочкова-Стојановска и Искра Пановска-Димкова.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти (зимски семестар) -** проф. Станка Коцева

Курсот по македонски јазик за странските студенти се изведуваше на две рамништа: А1 рамниште и А2 рамниште. Три групи ја започнаа наставата во октомври со рамниште А1 а ја завршија во декември.

Редовноста на студентите се регулира преку евидентни листи каде што секојдневно тие се обврзани да се потпишуваат. Откако студентите ќе ги положат испитите по македонски јазик А1 и А2 рамниште, тие добиваат сертификати за истите.

Првата група беше водена од проф. Станка Арсовска. Во групата имаше 21 студент, сите дојдени во предвидениот термин за настава освен еден студент кој пристигна со задоцнување од месец и пол. Наставата започна на 3.10.2017 година и се изведуваше по претходно изработениот наставен план, четири дена во неделата по пет наставни часа. Наставата се одвиваше во понеделник, вторник, четврток и петок, во просториите на Економски факултет во П2. Часовите почнуваа во 15 часот, а завршуваа во 19 часот. Се одржаа вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за првото рамниште за курсот по јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од шефот на Институтот за јазици виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на професорката се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани.

Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи и вежби со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Часовите редовно ги посетуваа 90 % од студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем во совладувањето на материјалот и го положија испитот. Испитот имаше писмен и устен дел. Писмениот дел се одржа на 20.12.2017 во 14 часот во просториите на Економски факултет, а усниот

дел се одржа на 25 и 26.12.2017 год. На усниот дел немаше студенти кои не го положија испитот.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти (зимски семестар) -** м-р Делфина Јованова-Николенко

Втората група беше водена од м-р Делфина Јованова-Николенко и во неа имаше 26 студенти. Наставата започна на 9 октомври, а заврши на 26 декември. Наставата се изведуваше по претходно изработен наставен план, четири дена во неделата, по пет наставни часа. Наставата се одвиваше секој понеделник, вторник, четврток и петок во октомври и ноември, а во декември наставата се одвиваше во понеделник, среда, четврток и петок. Наставата почнуваше во 12 часот, а завршуваше во 16 часот и се одржуваше во просториите на Економски факултет во предавална 5. Беа одржани вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за првото рамниште за курсот по македонски јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од шефот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на наставниците беа доставувани мејлови а истите часови беа дополнително одржани.

Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи и вежби, сè со цел за подобро разбирање и учење на македонскиот јазик. Часовите беа редовно посетувани од страна на студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем во совладувањето на материјалот.

Испитот го одржаа шефот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова и професорките кои ги држеа предавањата м-р Делфина Јованова-Николенко, Станка Арсовска и Павлинка Ефремова.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти (зимски семестар) -** проф. Павлинка Ефремова

Третата група беше водена од проф. Павлинка Ефремова и во неа имаше 24 студенти. Наставата започна на 9 октомври, а заврши на 26 декември. Наставата се изведуваше по претходно изработен наставен план, четити дена во неделата по пет наставни часа. Текот на наставата се одвиваше секој понеделник, вторник, четврток и петок. Наставата почнуваше во 14 часот, а завршуваше во 18:30 часот во понеделник и во вторник, во четврток наставата почнуваше во 16 часот, а завршуваше во 18:30 часот и во петок од 13 до 17:30 и се одржуваше на Економски факултет во предавална 1. Беа одржани вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за првото ниво за курсот по македонски јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од шефот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на наставниците беа доставувани мејлови, а истите часови беа дополнително одржани. Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи, со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Часовите беа редовно

посетувани од страна на студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем во совладувањето на материјалот. Испитот го одржаа виш лектор м-р Снежана Кирова, проф. м-р Делфина Јованова-Николенко, проф. Павлинка Ефремова и проф. Станка Арсовска.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти А2 рамниште (летен семестар) -** проф. Станка Арсовска

Наставата по македонски јазик А2 рамниште започна во февруари, а заврши во април.

Првата група беше водена од проф. Станка Арсовска. Во групата имаше 22 студенти, сите дојдени во предвидениот термин за настава, освен пет студенти кои пристигнаа со задоцнување од две недели. Наставата започна на 5.2.2018 година и се изведуваше по претходно изработениот наставен план, четири дена во неделата по пет наставни часа, исто како во зискиот семестар. Часовите се одржуваа секој понеделник, вторник, четврток и петок, во просториите на Економски факултет во П2. Наставата почнуваше во 15 часот, а завршуваше во 19 часот. Се одржаа вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за второто рамниште за курсот по јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од шефот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на професорката се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани.

Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи и вежби со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Часовите редовно ги посетуваа 80 % од студентите. Испитот имаше писмен и устен дел. Писмениот дел се оджа на 23.4.2018 година во 14 часот во просториите на Економски факултет, а усниот дел се одржа на 4 и 5.5.2018 година. На усниот дел имаше студенти кои беа вратени да дополагаат во рок од две недели кога тие и го положија испитот.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти А2 рамниште (летен семестар) -** м-р Делфина Јованова-Николенко

Втората група беше водена од м-р Делфина Јованова-Николенко и во неа имаше 23 студенти. Наставата започна на 1 февруари, а заврши на 30 април. Текот на наставата се изведуваше по претходно изработен наставен план, четири дена во неделата, по пет наставни часа. Наставата се одвиваше секој понеделник, вторник, четврток и петок, од 12 часот до 16:00 часот на Економски факултет во предавална 1. Беа одржани вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за второто рамниште за курсот по македонски јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на наставниците беа доставувани мејлови, а истите часови беа дополнително одржувани.

Наставата се одвиваше според програмата, со редовно правење на контролни задачи и вежби, со цел студентите подобро да го разберат и

научат македонскиот јазик. Студентите кои редовно ги посетуваа часовите немаа проблем во совладувањето на материјалот.

Испитот го одржаа раководителот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова и професорките кои ги држеа предавањата м-р Делфина Јованова-иколенко, Станка Арсовска и Павлинка Ефремова.

**Годишен извештај за академската 2017/2018 година за странските студенти А2 рамниште (летен семестар) -** проф. Павлинка Ефремова

Третата група беше водена од проф. Павлинка Ефремова и во неа имаше 21 студент. Наставата започна на 1 февруари, а заврши на 30 април. Наставата се изведуваше по претходно изработен наставен план, четири дена во неделата по пет наставни часа секој понеделник, вторник, среда и петок. Наставата почнуваше во 13 часот, а завршуваше во 17 часот во понеделник и во петок, во вторник и во среда наставата почнуваше во 14 часот, а завршуваше во 18 часот. Наставата се одржуваше на Економски факултет во предавална 8. Беа одржани вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за второто ниво за курсот по македонски јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на наставниците беа доставувани мејлови, а истите часови беа дополнително одржани. Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи, со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Часовите беа редовно посетувани од страна на студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем во совладувањето на материјалот. Испитот го одржаа виш лектор м-р Снежана Кирова, м-р Делфина Јованова-Николенко, проф. Павлинка Ефремова и проф. Станка Арсовска.

Институтот константно инсистира на редовноста на кандидатите, редовно проверување на наставата, давање дополнителни материјали, контролни тестови, ако е потребно и одржување дополнителни часови итн.

<u>Полагање испити за здобивање со меѓународно признат сертификат во соработка со Британски совет</u>

Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, односно Институтот за јазици при Филолошкиот факултет, во компјутерска предавална на Институтот која се наоѓа во просториите на Текстилното училиште, спроведува полагање на меѓународни тестови по англиски јазик од Кембриџ инглиш и од Британски совет.

Од досега спроведените тестирања за академската 2017/2018 година може да ги наведеме следните сесии:

1. <u>18.10.2017 г.</u>

Тест Аптис - Варијанта 1 – 22 кандидати
Тест Аптис – Варијанта 2 – 2 кандидати
Тест БУЛАТС – 6 кандидати

2. <u>27.11.2017 г.</u>

Тест Аптис - Варијанта 1 – 13 кандидати
Тест БУЛАТС – 11 кандидати
3. 26.12.2017 г.
Тест Аптис - Варијанта 1 – 15 кандидати
Тест Аптис – Варијанта 2 – 7 кандидати
Тест БУЛАТС – 9 кандидати
4. 19.2.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 1 – 1 кандидат
Тест БУЛАТС – 13 кандидати
5. 22.2.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 1 – 1 кандидат
Тест Аптис – Варијанта 2 – 3 кандидати
Тест БУЛАТС – 12 кандидати
6. 14.3.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 2 – 7 кандидати
Тест БУЛАТС – 10 кандидати
7. 18.4.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 1 – 3 кандидати
Тест Аптис – Варијанта 2 – 2 кандидати
Тест БУЛАТС – 14 кандидати
8. 15.5.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 2 – 6 кандидати
Тест БУЛАТС – 13 кандидати
9. 6.6.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 2 – 3 кандидати
Тест БУЛАТС – 3 кандидати
10. 3.7.2018 г.
Тест Аптис - Варијанта 2 – 3 кандидати
Тест БУЛАТС – 4 кандидати

Од извршените тестирања во академската 2017/2018 година со меѓународен сертификат се здобиле вкупно 183 кандидати. Од нив 55 полагале Аптис тест-Варијанта 1, 33 полагале Аптис тест-Варијанта 2 и 95 го полагале БУЛАТС тестот.

Одржување курсеви по странски јазици

Во летниот семестар од академската 2017/2018 година за првпат Институтот започна со одржување курсеви по странски јазици и тоа германски и англиски јазик. За германски јазик се оформија 3 групи, а за англиски 1.

**Извештај за курсот по германски јазик 2018 година -** проф. Викторија Мрмеска

Курсот по германски јазик се изведуваше во две нивоа: А1/1 ниво (две групи) и А1/2 ниво (една група).

Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици, виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите

проблеми и отсуство поради оправдани причини на професорката се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани. Наставата се одвиваше според програмата по современи и креативни методи со редовно проверување на домашните задачи и дополнителни вежби, со цел за подобро разбирање на германскиот јазик. Во програмата беа вклучени четирите јазични вештини (читање, слушање, зборување, пишување) и граматика.

**Првата група А1/1 ниво** ја започна наставата во март 2018 година.

Групата беше водена од проф. Викторија Мрмеска. Во групата имаше 10 кандидати, сите дојдени во предвидениот термин за настава освен еден студент кој пристигна со задоцнување од еден месец. Наставата започна на 1.3.2018 година. Наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, два дена во неделата по два наставни часа. Наставата се одвиваше секој вторник и четврток, во просториите на средното текстилно училиште во Штип и почнуваше во 18:30 часот, а завршуваше во 20 часот. Се одржаа вкупно 50 часа, колку што всушност беа предвидени за А1/1 ниво за курсот по германски јазик.

Часовите редовно ги посетуваа 100 % од кандидатите, воедно поради тоа истите немаа проблем со совладувањето на материјалот и го положија испитот. Испитот беше писмен и се одржа на 29.5.2018 година во 18:30 часот. Немаше кандидати кои не го положија испитот.

**Втората група А1/1 ниво** ја започна наставата во март 2018 година.

Групата беше водена од проф. Викторија Мрмеска. Во групата имаше 8 ученици, сите дојдени во предвидениот термин за настава. Наставата започна на 1.3.2018 година. Текот на наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, два дена во неделата по два наставни часа. Наставата се одвиваше секој вторник и четврток, во просториите на средното текстилно училиште во Штип. Наставата почнуваше во 20 часот, а завршуваше во 21:30 часот. Се одржаа вкупно 50 часа, колку што всушност беа предвидени за А1/1 ниво за курсот по германски јазик.

Часовите редовно ги посетуваа 100 % од студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем со совладувањето на материјалот и го положија испитот. Испитот беше писмен и се одржа на 29.5.2018 година во 18:30 часот. Немаше студенти кои не го положија испитот.

**Групата А1/2 ниво** ја започна наставата во март 2018 година.

Групата беше водена од проф. Викторија Мрмеска. Во групата имаше 6 ученици, сите дојдени во предвидениот термин за настава. Наставата започна на 1.3.2018 година. Текот на наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, два дена во неделата по два наставни часа. Наставата се одвиваше секој понеделник и секоја среда, во предавалната на Институтот, во просториите на средното текстилно училиште во Штип. Наставата почнуваше во 20:00 ч., а завршуваше во 21:30 ч. Се одржаа вкупно 50 часа, колку што всушност беа предвидени за А1/2 ниво за курсот по германски јазик. Часовите редовно ги посетуваа 100% од студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем со совладувањето на материјалот и го положија испитот. Испитот беше писмен и се одржа на 30.5.2018 година во 20:00 ч. Немаше студенти кои не го положија испитот.

Наставата беше следена од студентите од Филолошкиот факултет што претставуваше дел од нивната клиничка пракса.

**Извештај за интензивниот курс по германски јазик 2018 година**, проф. Мрмеска Викторија

Покрај овие три групи, во јуни се одржа и интензивен курс по германски јазик. Интензивниот курс по германски јазик се изведуваше во едно ниво: А1/2 ниво (една група ).

Група ја започна својата настава во јуни 2018 година.

Групата беше водена од проф. Викторија Мрмеска. Во неа имаше 6 кандидати, сите дојдени во предвидениот термин за настава. Наставата започна на 11.6.2018 година. Наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, четири дена во неделата по четири наставни часа. Наставата се одвиваше од понеделник до четврток, во просториите на средното текстилно училиште во Штип и почнуваше во 18:00 ч., а завршуваше во 21:00 ч. Се одржаа вкупно 50 часа, колку што беа предвидени за А1/2 ниво за курсот по германски јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од шефот на Институтот за јазици виш лектор м-р Снежана Кирова. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на професорката се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани. Часовите редовно ги посетуваа 100% од кандидатите, и поради тоа немаа проблем со совладувањето на материјалот. Испитот беше писмен и се одржа на 29.6.2018 година во 18:00 ч. Двајца кандидати не го положија испитот.

**Извештај за курсот по англиски јазик,** проф. Марија Кикириткова

Формирана беше една група за курсот по англиски јазик, **ниво Б1**, а се состоеше од 10 ученици на почетокот на курсот кој започна на 12.3.2018 година. Наставата се изведуваше по претходно утврдена програма два пати неделно, во понеделник и четврток од 17.45 до 19.15 ч. Наставата се одржуваше во просториите на текстилното училиште, поточно во училницата на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет. Се одржаа вкупно 52 часа кои беа редовно посетувани од поголемиот број на ученици. Повремените отсуства на некои од учениците беа претходно најавувани и истите беа поради работни обврски. Втората половина на курсот ја продолжија 7 ученици, а останатите тројца од оправдани причини не можеа да продолжат. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици виш лектор м-р Снежана Кирова. Овој курс исто така траеше три месеци и на крајот се одржа писмено тестирање на кандидатите на 7.6.2018. На тестирањето присуствуваа 4 кандидати и сите го положија испитот. Останатите не беа во можност да присуствуваат и истите ќе бидат тестирани во наредна прилика, кога тие ќе го побарат тоа.

Наставата исто така беше следена од студентите од Филолошкиот факултет, што претставуваше дел од нивната клиничка пракса.

<u>Проверка на познавање на македонски јазик за странци и познавање на странски јазици за кои се издаваат соодветни потврди</u>

Освен погоре наведените активности, Институтот за јазици постојано врши проверка на познавање на македонски јазик за странци и познавање на странски јазици (овие се бараат за конкурси/вработување и запишување на втор и трет циклус на студии) за кои издава соодветни потврди. Во однос на ова, во текот на академската 2017/2018 година имавме следна бројка на издадени потврди:

- познавање на англиски јазик вкупно 40 потврди;
- познавање на македонски јазик: вкупно 16 потврди;
- познавање на руски јазик: вкупно 1 потврда;
- познавање на германски јазик: вкупно 3 потврди;
- познавање на турски јазик: вкупно 1 потврда.

Овие потврди се издаваат по цена од 1200 денари согласно со Ценовникот на Институтот за јазици.

Покрај ова, издадени се и 22 потврди на странски студенти за посетување на курс по македонски јазик по цена од 100 денари.

Членовите на Институтот за јазици, согласно со Правилникот на ИЈ, редовно одржуваат консултации и вршат проверка на знаењата по странски јазици (универзитетски изборни) на сите нематични факултети и академии при УГД на крајот на семестарот во кој се учи определениот странски јазик (англиски, германски, руски, шпански, француски и италијански). На факултетите каде што во студиската програма постои факултетски предмет – странски јазик, тие одржуваат и настава.

Како заклучок, да кажеме дека Институтот и во текот на оваа академска година успешно организира настава по македонски јазик за странци за три (3) групи поради зголемениот број на кандидати – странски студенти. Покрај ова, од оваа година Институтот за прв пат успешно организира и спроведе курсеви по странски јазици – 3 групи + 1 група интензивен курс по германски јазик и 1 група курс по англиски јазик. Исто така, сметаме дека не е мала ниту бројката на сертификатите издадени преку соработка со Британски совет.

**Извештај од одржаните седници на Наставно-научен совет**

***161. седница на ННС одржана на 4.10.2017 год.***

- Усвојување на записникот од 161. од 4.10.2017 год. седница на ННС
- Одлука за избор на д-р Светлана Јакимовска во наставно научно звање вонреден професор за наставно научните области романистика и преведување
- Одлука за преземање обврски од проф. д-р Толе Белчев за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на Предлог – одлука за дополнување на Ценовникот на услуги на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет

- Одлука за усвојување барање на проф. д-р Ранко Младеноски за право на вршење дејност во друга високообразовна установа
- Одлука за формирање конкурсна комисија за запишување на студенти на универзитетски академски студии од втор циклус студии за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус на студии.
- Одлука за издавање научна монографија со наслов „Турските суфикси во македонскиот јазик“ од авторот проф. д-р Марија Леонтиќ
- Одлука за избор на рецензенти за издавање научна монографија со наслов „Турските суфикси во македонскиот јазик“ од авторот проф. д-р Марија Леонтиќ
- Одлука заангажирање на наставник (визитинг професор) за потребите на Филолошкиот факултет за прв циклус на универзитетски академски студии за зимски/летен семестар учебната 2017/2018 год.
- Одлука за измена на Одлуката бр. 1902-131/7 од 31.5.2017 год. за ангажираност на наставниот кадар и соработниците на Филолошкиот факултет во зимскиот/летниот семестар во учебната 2017/2018 година, на прв циклус на универзитетски академски студии

***162. седница на ННС одржана на 17.10.2017 год.***

- Усвојување на записникот од 161. од 4.10.2017 год. седница на ННС
- Одлука за ангажираност на наставничкиот кадар на Филолошкиот факултет во зимскиот/летниот семестар, учебната 2017/2018 година на втор циклус студии
- Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Марица Тасевска
- Одлука за усвојување на предлог годишен план и програма за издавачка дејност на Филолошкиот факултет за 2018 година
- Одлука за одобрување на отсуство за патување во странство од м-р лектор Марија Крстева
- Одлука за усвојување пријавата за наслов на тема на магистерскиот труд од кандидатот Лидија Јовановска под наслов „Методот на естетика на комуникацијата во наставата по македонски јазик и литература“
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/33 од 12.10.2017 одобрување на отсуство за патување во странство од проф. д-р Билјана Ивановска
- Одлука за усвојување барање бр. 0801-2/34 од 12.10.2017 одобрување на отсуство за патување во странство од проф. д-р Билјана Ивановска
- Одлука за право на вршење дејност во друга високообразовна установа за проф. д-р Билјана Ивановска
- Одлука за усвојување Барање бр.1002-82/81 од 25.9.2017 год., од Емилија Шекеринова студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање.

- Одлука за формирање комисија за оценка на магистерскиот труд, под наслов: „Дијалектните називи на растителниот свет во радовишкиот говор и нивната симболика “ на кандидатот Пацка Младеновска
- Одлука за формирање комисија за оценка на магистерскиот труд под наслов: „Дијалектните именувања на влекачите и инсектите во штипскиот говор и нивната симболика“ на кандидатот Сања Спаскова
- Одлука за усвојување Барање бр. 1005-17/21 од 29.8.2017 година од Ивана Атанасова за признавање на активности остварени при Еразмус мобилност
- Одлука за усвојување Барање бр.1005-22/43 од 17.10.2017 год. од Александар Здавковски за активирање на студии
- Одлука за усвојување Барање бр.1005-22/42 од 17.10.2017 год. од Драгана Димитрова за активирање на студии
- Одлука за усвојување Барање бр.1005-22/44 од 17.10.2017 год. од Радица Вучкова за активирање на студии
- Одлука за усвојување Барање бр.1005-22/35 од 7.9.2017 год. од Сања Стојчевска, за активирање на студии
- Одлука за усвојување Барање бр.1005-23/31 од 17.10.2017 год. од Марија Накова за промена на статус на студент од редовен во вонреден.

***163. седница на ННС одржана на 7.11.2017 год.:***

- Усвојување на записникот од 163. од 7.11.2017 год. седница на ННС
- Одлука за усвојување на извештајот, формирање комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд на кандидатот Марица Тасевска
- Одлука за усвојување на извештајот, формирање комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд на кандидатот Пацка Тасева
- Одлука за усвојување на извештајот, формирање комисија и определување датум за одбрана на магистерски труд на кандидатот Сања Спаскова
- Одлука за покренување постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, сентакса.
- Предлог – одлука за одобрување службена посета
- Одлука за преземање обврски од проф. Радица Никодиновска за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Милена Атанасова, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Адрија Хаџи Николова, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Боркица Трајковска, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Викторија Смилкова, студент на втор циклус студии

- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Мери Басовска, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Катерина Лазаревска, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Катерина Стојановска, студент на втор циклус студии
- Одлука за продолжување на рокот за студирање на Сања Велкова, студент на втор циклус студии
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус на студии.

***164. седница на ННС одржана на 22.11.2017 год.:***

- Усвојување на записникот од 163. од 7.11.2017 год. седница на ННС
- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на деканот на Филолошкиот факултет за учебната 2016/2017 година
- Одлуки за запишување студенти на втор циклус студии 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус на студии.
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/35 од 21.11.2017 год. за одобрување на отсуство за патување во странство на проф. д-р Марија Кусевска и проф. д-р Билјана Ивановска.
- Одлука за усвојување Барање бр.0801-2/37 од 21.11.2017 за одобрување на отсуство за патување во странство на проф. д-р Нина Даскаловска и проф. д-р Билјана Ивановска
- Одлука за усвојување Барање бр. 0801-2/36 од 21.11.2017 за одобрување на отсуство за патување во странство од доц. д-р Драгана Кузмановска и проф. д-р Виолета Димова

***165. седница на ННС одржана на 5.12.2017 год.:***

- Усвојување на записникот од 164. од 22.11.2017 год. седница на ННС
- Одлука за утврдување на проф. д-р Нина Даслкаловска за предлог кандидат за избор на проректор за наука на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип
- Одлука за ангажираност на наставниот кадар за 3 циклус студии, учебната 2017- 2018 година
- Одлука за покренување постапка за избор на еден наставник во наставно-стручно звање лектор за наставно научната област германистика
- Одлука за покренување постапка за избор на еден наставник во наставно-стручно звање Виш лектор за наставно научната област англистика

- Одлука за покренување постапка за избор на еден наставник во сите звања за наставно научната област книжевност за деца
- Одлука за усвојување на список на ментори и теми за дипломски труд/ завршен испит за учебната 2017/2018 год.
- Одлука за усвојување на записник по барања на студенти од прв циклус на студии.
- Одлука за усвојување на Барањето бр. 0405-2/39 од 4.12.2017 за финансирање на научноистражувачки проект поднесено од носителот на научниот проект: проф. д-р Марија Кусевска (вонреден професор), и главните истражувачи проф. д-р Билјана Ивановска (вонреден професор) и проф. д-р Нина Даскаловска (вонреден професор).
- Одлука за организирање на Третата меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование
- Одлуказа усвојување пријава на магистерски труд од кандидатот Габриела Митева под наслов: Интерференција на културните семиосвери во романите „Пророкот од дискантрија“ и „Бајазит и Оливера“ од Драги Михајловски и определување ментор.

***166. седница на ННС одржана на 29.1.2018 год.:***

- Усвојување на записникот од 165. од 5.12.2017 год. седница на ННС
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса.
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Книжевност за деца
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во наставно стручно звање виш лектор за наставно-научната област англистика
- Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно стручно звање виш лектор за наставно-научната област англистика
- Одлука за утврдување на пријавени кандидати по објавен Конкурс за избор на еден наставник во наставно стручно звање лектор за наставно-научната област германистика
